Инв. бр.
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА

УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

---

Институт за Историја на уметност и Археологија

# ДОЛИНАТА НА БРЕГАЛНИЦА ВО ПЕРИОДОТ НА ЕНЕОЛИТОТ

- МАГИСТЕРСКИ ТРУД-

Кандидат : Марина Спирова

Ментор: Проф. Д-р Драги Митревски

Скопје

Декември, 2011 година

# СОДРЖИНА


Глава I: Вовед

1. Предмет на истражување .... 4
2. Метод на работа .... 8
3. Историјат на истражувањата на енеолитските локалитети по долината на Брегалница .... 10
4. Географски рамки .... 12

Глава II : Основни карактеристики на енеолитот во централниот и југоисточниот дел на балканскиот полуостров

1. Појава на металургијата и првите рудници на бакар .... 15
2. Основни карактеристики на енеолитот во Бугарија .... 20
3. Основни карактеристики на енеолитот во централнобалканското подрачје .... 29
4. Степските култури од западните евроазиски степи и појавата на мобилната економија .... 35
5. Проблемот на т.н. Индоевропски преселби .... 38
6. Основни карактеристики на енеолитот во Македонија .... 43

Глава III : Истражувани локалитети по долината на Брегалница

1. Градиште, с. Град, Делчево

а. Опис на локалитетот .... 51

б. Основни резултати од истражувањата .... 53

в. Подвижни наоди

- керамика .... 58
- пластика .... 67
- алатки .... 68

г. Културна и хронолошка определба .... 69

- Илустрации .... 70

2. Св. Атанас, с. Спанчево, Кочани
а. Опис на локалитетот ........................................................................ 76
б. Основни резултати од истражувањата ............................................ 78
в. Подвижни наоди
- керамика ................................................................................................ 83
- култни масички, жртвеници и модели на печки и живеалишта .......... 92
- пластика .................................................................................................. 96
- фигурини – интерпретација и фрагментација ...................................... 102
- алатки ....................................................................................................... 106
г. Културна и хронолошка определба ...................................................... 107
- Илустрации ............................................................................................... 108
3. Пилаво, с. Бурилчево, Кочани
а. Опис на локалитетот ............................................................................. 120
б. Основни резултати од истражувањата ................................................ 122
в. Подвижни наоди
- керамика ................................................................................................. 123
- пластика ................................................................................................... 132
- алатки ........................................................................................................ 137
г. Културна и хронолошка определба ....................................................... 138
- Илустрации ................................................................................................ 139
4. Богослов Камен, с. Горни Балван, Штип
а. Опис на локалитетот ............................................................................. 148
б. Основни резултати од истражувањата ................................................ 148
в. Подвижни наоди
- керамика ................................................................................................. 148
- пластика ................................................................................................... 150
- алатки ........................................................................................................ 150
г. Културна и хронолошка определба ....................................................... 150
- Илустрации ................................................................................................ 152
5. Кале, с. Стари Град, Велес
а. Опис на локалитетот ............................................................................. 154

б. Основни резултати од истражувањата ........................................ 154
в. Подвижни наоди
- керамика ........................................................................................ 160
- пластика ......................................................................................... 171
- алатки ............................................................................................ 172
г. Културна и хронолошка определба .................................................. 173
- Илустрации ..................................................................................... 174

Глава IV : Заклучни разгледувања ............................................ 180

Библиографија ........................................................................ 189

# I. ВОВЕД

## *1. Предмет на истражување*

Кога станува збор за енеолитот на територијата на Македонија истражувачите на првата метална епоха се соочуваат со можеби повеќе прашања отколку одговори и објаснувања. Имено, овој период за жал сеуште важи како еден од најслабо истражените периоди на праисторијата на Македонија. Првите податоци во литературата каде што е обработен материјал од периодот на енеолитот се од 50-те години на минатиот век кога Милутин Гарашанин се обидува да го систематизира и хронолошки да го детерминира материјалот кој J. Fewkes во 1934 година го прибрал со рекогносцирање и неколкучасовно ископување на локалитетот Црнобуки,[1] како и податоците за постоењето на праисториска култура на Скопското Кале.[2] Првите ископувања на локалитети од енеолитскиот период датираат од 1959 година кога на локалитетот Шуплевец, с. Долно Ореово беа извршени помали заштитни ископувања. Истите ќе дадат значаен материјал кој ќе помогне во дефинирањето на културната група Шуплевец.

Од изнесеното произлегува дека на истражувањето на енеолитот во Македонија е работено повеќе од 50 години, временска рамка која е и повеќе од доволна за одредување на културните и хронолошките рамки на енеолитските наоѓалишта на оваа територија.

Сепак, состојбата на теренот е сосема поинаква. Без притоа да навлегуваме во причините за истиот, сепак неоспорен е фактот дека најголемиот проблем во проучувањето на енеолитот во Македонија го предизвикуваат нискиот степен на истраженост, немањето континуитет во истражувачките кампањи, како и претежно

---

[1] Garašanin M.,1953

[2] Станува збор за отворање на неколку контролни ровови на различни локации на Скопското Кале. Предисторискиот материјал кој е добиен со овие контролни ископувања припаѓа на слоеви со измешана стратиграфија т.е. под појавата на предисториски материјал продолжува појава на историски материјал, Гоцкова-Славска П.,1955

сондажниот карактер на спроведените истражувања. Од вкупно 28 евидентирани енеолитски локалитети во Археолошката карта на Република Македонија, археолошки ископувања се вршени само на 13.[3] Доколку овие локалитети ги обележиме на карта веднаш станува забележливо дека поедини региони остануваат празни т.е. нема регистрирано ниту еден енеолитски локалитет (Сл.1.). Тоа пред сé се однесува на северозападна Македонија, крајниот североисток, Долното Повардарие и регионот јужно од Плачковица. Повеќе од очигледно е дека овие појави не ја отсликуваат реалната ситуација со енеолитот во Македонија, туку се должат на горенаведените состојби.




**Сл.1** Истражени енеолитски локалитети на територијата на Р. Македонија

Сите овие фактори неизбежно допринесуваат да постојат големи потешкотии во обидите да се направи соодветна реконструкција на периодот на енеолитот во

[3] Треба да се напомене дека покрај ископувањата на овие 13 локалитети кои се евидентирани во Археолошката карта, ископувања биле вршени уште на 10 други локалитети кои претходно не биле регистрирани како енеолитски наоѓалишта. На тој начин вкупната бројка евидентирани локалитети од периодот на енеолитот изнесува 38, што во секој случај претставува мала бројка ако се има во предвид дека истата се однесува за целата територија на Македонија.

Македонија. Тоа се однесува на генезата на енеолитот, интерната хронолошка поделба, детерминирањето на регионалните групи и нивните територијални рамки и типолошки карактеристики.

Како што веќе беше кажано, во стручната литература територијата на Македонија уште од 50-те години на минатиот век е сместена во рамките на централнобалканскиот раноенеолитски културен комлекс Бубањ–Салкуца–Криводол. Во тој период ќе бидат вршени и првите археолошки истражувања на локалитети во Пелагонија. Откриените наоди ќе помогнат во дефинирањето на регионалната културна група Шуплевец–Бакарно Гумно од периодот на енеолитот, како дел од поширокиот централнобалкански комплекс. Постоењето на оваа група дава само делумни одговори на прашањата поврзани со енеолитот во Македонија. Нејзиното појавување кон крајот на раниот енеолит не може да ја пополни празнината која се врзува за периодот на раниот енеолит и појавата на енеолитските културни вредности на територијата на Македонија.

Чекор напред во поглед на пополнувањето на празнините во македонската археологија во поглед на раниот енеолит дадоа истражувањата на локалитетите по долината на Брегалница. Истите ќе дадат слика за ситуација која значително се разликува од појавите во Пелагонија. Имено,ископувањата на Пилаво,с. Бурилчево, Кочани ; Св. Атанас,с. Спанчево, Кочани; Градиште,с. Град, Делчево, како и на Цареви Кули, Струмица, ќе дадат мноштво материјал кој во голем дел се разликува од материјалот кој припаѓа на Шуплевец–Бакарно Гумно групата. Во поглед на застапените форми и декорацијата на садовите, материјалот од споменатите локалитети покажува сличности со локалитетите по долината на Струма. Тоа особено се однесува на изобилството од графитно сликана декорација на керамичките садови која типолошки се врзува за културниот комплекс Дикили Таш–Слатино. Поврзаноста со наодите од раниот енеолит од регионот на Долна Струма укажува на претпоставката дека новосоздадените енеолитски културни вредности по долината на Струма се ширеле на север, за потоа по долината на Брегалница да стасаат до Македонија. На тој начин долината на Брегалница во текот на енеолитот се наметнува како една од главните природни комуникации по

која се ширеле културните влијанија и која претставувала врска помеѓу Повардарието и долината на Струма.

Поради карактерот на наодите, овој регион досега во литературата беше третиран како микро-регион кој покажува очигледни разлики со групата Шуплевец–Бакарно Гумно. Но поради лимитираноста на истражувањата тешко беше да се даде одговор на прашањата дали тие разлики претставуваат хронолошки или културни, или пак и двете заедно.

За жал, освен поединечните извештаи за истражувачките кампањи на локалитетите, потоа монографијата “Кале–енеолитска куќа” за откриената енеолитска куќа во рамките на населбата на локалитетот Кале, с. Стари Град, Велес , како и неколку каталози за изложби, досега во литературата на едно место не биле собрани сите податоци за енеолитот од источна Македонија. Притоа се чувствува потребата од сублимација на досега објавените резултати со цел создавање појасна слика за периодот на енеолитот во брегалничкиот регион. Само една опсежна анализа на објавениот материјал може да помогне во дефинирањето на позицијата и улогата која долината на Брегалница ја имала во периодот на енеолитот т.е. дефинирањето на односот и поврзаноста на брегалничкиот регион со наоѓалиштата по Струма, односот на брегалничкиот регион со Шуплевец–Бакарно Гумно групата, како и улогата која овој регион ја имал во процесот на енеолитизација на Македонија.

Притоа појавите по долината на Брегалница ќе бидат издвоени како засебна културна појава (група) од енеолитот во Македонија со свои точно одредени типолошки карактеристики во поглед на материјалната култура. Богатството на наоди поврзани со духовниот живот, како и откриеното светилиште на локалитетот Спанчево ќе даде можност за согледување и на оваа сфера од животот на населението од овој регион. На крајот од овој труд ќе бидат воспоставени основните хронолошки рамки на енеолитот по долината на Брегалница.

Целта на овој труд е со своите изнесени заклучоци да помогне во одговарањето на дел од многубројните прашања поврзани со енеолитот кои се присутни во македонската археологија.

## *2. Метод на работа*

Оваа студија претставува сублимација на досега објавените податоци за енеолитските локалитети по долината на Брегалница. Иако различни аспекти од досегашните истражувања на овие локалитети веќе се презентирани преку статии во стручни списанија, потоа на научни симпозиуми како и преку издавање каталози за изложбите во кои е претставен материјал од спомenатите локалитети, оваа теза претставува прва сеопфатна анализа на севкупниот материјал од енеолитските наоѓалишта по долината на Брегалница.

Гореизнесеното само по себе го налага и првиот чекор кој треба да се направи при изработката на овој труд-кабинетска обработка на информациите од стручната литература поврзани со истражувањата на локалитетите. Истата ќе послужи како параметар за понатамошните активности. Податоците кои ќе бидат собрани на тој начин потоа ќе бидат организирани во каталог на локалитети. Секоја каталошка единица ќе содржи неколку точки. Најпрво ќе биде даде опис на самиот локалитет и неговата местоположба во однос на природните ресурси, комуникациите, како и соодносот со соседните наоѓалишта. Потоа ќе следи краток преглед на текот на истражувањата со цел подетално да бидат согледани ситуациите и целините воочени во текот на ископувањата. Следно ќе биде претставен движниот археолошки материјал-керамиката, пластиката и алатките.

Притоа се соочуваме со можеби најтешката задача при изработката на трудот-начинот на кој материјалот да биде презентиран. Во науката при обработка и проучувањето на керамиката се користат неколку различни системи на класификација-според формата, функцијата, изработката, површинската обработка, декоративните техники, квалитетот на фактурата. Во овој труд главната поделба ќе биде изведена според формата така што садовите ќе бидат групирани според нивната основна форма. Праисторискиот мајстор керамичар познавал многубројни варијации на одредена форма на сад, се разбира во зависност од умешноста и имагинацијата на мајсторот, така што секоја од наведените форми ќе биде презентирана во неколку различни варијанти. Овие варијанти на основната форма на садот ќе бидат издвоени како засебни потточки. На крајот од описот на секоја од

формите ќе следи заглавје во кое ќе бидат опишани декоративните техники кои биле применувани на секоја од формите засебно.

Овој начин на обработка и организација на материјалот ќе биде применет и за пластиката и за алатките.

После прегледот на секој од локалитетите поединечно, ќе следаат табли со илустрации на наодите од споменатиот локалитет. Илустрациите ќе вклучуваат, пред се, фотографии на наодите обработени во текстот, а во некои примери ќе бидат презентирани и цртежи на наодите. Иако во науката вобичаена пракса е таблите со наодите да бидат презентирани на крајот на трудот, сепак фактот дека студијата се занимава со обработка на материјал од неколку локалитети, а со цел да се обезбеди поголема прегледност на презентираниот материјал, налага нешто поинаков пристап во презентацијата на истиот.

Материјалот кој ќе биде обработен во оваа студија ќе биде составен од материјал кој истражувачите на овие наоѓалишта претходно парцијално го објавиле, како и материјал презентиран на симпозиуми во земјата и странство кој сеуште не е печатен. Имено, за ниту едно од истражуваните наоѓалишта досега не е објавена монографија во која ќе бидат сметени сите наоди и резултати од истражувањата. Напротив, само поединечни аспекти од откриениот материјал досега се презентирани во стручната јавност. Станува збор за статии во кои се обработува пластиката или одредена декоративна техника која е застапена на некој од локалитетите. Единствена комплетна публикација претставува “Кале-енеолитска куќа” во која се обработени сите аспекти од теренската истражувачка работа.

Оваа ситуација во голема мера ја отежнува обработката на материјалите и изведувањето на нивните основни параметри.

## *3. Историјат на истражувањата на енеолитските локалитети по долината на Брегалница*

Во регионот источно од Вардар сè до крајот на 80-те години од минатиот век не беше превземено ниту едно ископување на локалитет од периодот на енеолитот. Првите ископувања во овој регион датираат од 1987 година и тоа на локалитетот Пилаво, с. Бурилчево, Кочани. Ископувањата на овој локалитет со прекини ќе се водат сè до 2001 година. Иако резултатите од ископувањата не се во целост публикувани, основните податоци за карактерот на наодите можат да се согледаат преку неколкуте објавени статии од страна на раководителот на истражувањата Ирена Колиштркоска Настева од Музеј на Македонија. Станува збор за прелиминарен извештај за ископувањето од 1987 година објавено во Arheološki Pregled 1987 каде се согледуваат основните карактеристики на овој локалитет,[4] потоа статијата од Macedonia Acta Archaeologica 15 посветена на антропоморфните и зооморфните фигурини[5], како и статијата посветена на Графитно декорираната керамика од Пилаво објавена во Зборник Археологија 2.[6]

Годината 2001 Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата организираше археолошко-истражувачка кампања во делчевскиот регион. Дотогаш во овој регион не биле вршени археолошки ископувања и единствените податоци кои постоеја во стручната литература беа добиени по пат на рекогносцирање. Во рамките на наведениот проект на локалитетот Градиште, кај селото Град беа организирани археолошки истражувања. Покрај доцноантичките и средновековните утврдувања, на северното подградие беше констатирана и енеолитска населба. Наодите добиени од ископувањата на јавноста ѝ беа претставени на изложбата "Пијанец од праисторијата до денес" која беше поставена во Домот на културата во Делчево од 19.10. до 19.11.2001 година. Изложбата беше придружена и со каталог во кој беа прикажани најиндикативните

[4] Настева И.,1989
[5] Колиштркоска-Настева И.,1999
[6] Колиштркоска-Настева И., Карпузова С.,2005

енеолитски наоди.[7] Извештај за истражувањата објави и раководителот на секторот, Ирена Колиштркоска Настева.[8]

Во текот на истражувачките кампањи во 2005 и 2006 година на локалитетот Кале, с. Стари Град, Велес, во литературата познат како антички локалитет, беше откриена енеолитска куќа. Притоа беа регистрирани две градежни фази на самата градба. Резултатите од истражувањето се објавени во монографијата "Кале–енеолитска куќа".[9]

Во текот на периодот помеѓу 2007 и 2009 година на трасата каде треба да се протега хидросистемот „Злетовица" беа спроведени заштитните археолошки ископувања. Во текот на истражувачката кампања во 2008 година на локалитеот Богослов Камен, Горни Балван, Штипско беше откриена куќа која припаѓа на енеолитскиот период. Резултатите од заштитните ископувања беа презентирани на јавноста преку изложба поставена во НУ Музеј во Штип "Трите керамитки-резултати од заштитните археолошки истражувања Злетовица 2007-2009" за која беше издаден и каталог.[10]

Локалитетот Св. Атанас, с. Спанчево, Кочани е откриен сосема случајно кога во 2008 година на педесетина метри од манастирот Свети Атанасие кој се наоѓа на ридот кој го надвишува селото, тракторот на површина исфрлил фрагменти од женски фигурини. Оттогаш навака на овој локалитет секоја година се вршат археолошки ископувања во помал размер. Станува збор за култен објект, со многу обредни јами, во кои беше откриено изобилство движен материјал. Резултатите од ископувањата археологот Илинка Атанасова од Музејскиот оддел на кочанската библиотека „Искра" ги презентираше на XX Симпозиум на Македонското Археолошко Научно Друштво во Кичево и на XXI Симпоизум на МАНД одржан во Струмица. Истите се очекуваат да бидат објавени во списанието Macedonia Acta Archaeologica чиј 20-ти број е во подготовка. Култната пластика од енеолитското светилиште ѝ беше претставена на јавноста преку изложбата "Култната пластика од енеолитското наоѓалиште св. Атанас–с. Спанчево, Кочанско" поставена во

[7] Јованов М.,2001
[8] Колиштркоска-Настева И.,2006
[9] Јовчевска Т.,2008
[10] Нацев Т.,2009

просториите на ЈОУБ “Искра” во Кочани чиј автор беше Илинка Атанасова. Изложбата беше придружена со каталог.[11]

## *4. Географски рамки*

Проучувањето на патиштата и природните комуникации е од исклучително значење за археологијата. По значајните патишта доаѓале културни импулси од поразвиените средини, нови идеи, нови културни вредности. По нив исто така, доаѓале и освојувачи, разурнувачи и нови популации.

Долината на Брегалница преставува регион кој во својот источен дел е заштитен со високи планини. Единствениот и се чини најлесен пристап е преку западната страна т.е. нејзиниот слив во реката Вардар. Опкруженоста со високи планински масиви ќе има такво влијание што оваа природна комуникација во периодот на неолитот нема да биде во употреба.[12] Тоа е период кога ќе биде актуелна т.н. *источномакедонска* комуникација која по долините на Струмешница и Лакавица, преку Овче Поле и Жеглигово и долината на Пчиња одела кон Поморавјето. Истата ќе одигра значајна улога во неолитизацијата на овие простори.

Периодот на енеолитот бележи воспоставување на нови патишта. Во текот на енеолитот долината на Пчиња ќе го задржи своето значење како мост помеѓу јужното Поморавје и Вардарската долина. Оваа комуникација ќе биде најзначајна при ширењето на Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот на тлото на Македонија.

Најверојатно нешто порано била воспоставена и друга природна комуникација, патот долж течението на реката Брегалница. Истражувањата по текот на Брегалница, чии резултати се тема на оваа студија, ќе укажат на големото значење кое оваа комуникација го имала во процесот на енеолитизација на Македонија. Употребата на оваа комуникација пред сé е условена од географската

---

[11] Атанасова И.,2010

[12] Долината на Брегалница можеби била користена во периодот на средниот неолит како пат по кој културните вредности на Анзабегово-Вршник стигнале сé до неколку локалитети во Благоевградскиот и Перничкиот округ. Имено, на овие локалитети е откриена керамика која се врзува за III и IV фаза на оваа културна група. Сепак, станува збор за занемарлива употреба на оваа комуникација.

близина со регионот во кој се среќава една од најраните појави на металургија во Европа и во кој мошне рано биле воспоставени новите енеолитски културни вредности. Картирајќи ги локалитетите кои покажуваат сличности со долината на Струма ја добиваме трасата која започнува од близина на сливот на Брегалница, преку средното течение на реката (околината на Штип и Кочанската котлина) и завршуваат во горното течение на реката во Делчевската котлина. Понатака преку попристапните премини помеѓу планинските венци (Арнаутски гроб-1160m, Црн камен-985m) патот е отворен кон долината на Струма.

Претпоставката за постоењето на оваа комуникација во периодот на енеолитот, се разбира покрај изобилството наоди кои коинцидираат со локалитетите во западна Бугарија, исто така е поткрепена и со фактот што наоѓалиштата на кои е откриен материјал со наведените карактеристики се среќаваат по целото течение на реката, почнувајќи уште од нејзиниот горен тек и највисоките планински предели.

### *Осврт на релјефот*

Околу горниот тек на Брегалница стои висок обрач од планински венци. Истиот на север е затворен со Влаина Планина (1932m) а на јужната страна со Малешевските Планини (1801m) и Плачковица (1754m).[13]

Долината на Брегалница започнува од под гребенот на Малешевските Планини на висина од 1550 до 1560m. Самото извориште на реката се наоѓа на височина од 1200m.

Помеѓу Делчевската и Кочанската котлина Брегалница е всечена помеѓу Голак и Бигла на југ и Осоговските Планини, изградувајќи ја Овчеполско-Истибањската клисура. Должината на оваа клисура изнесува 39km. Во овој дел Брегалница изградила голем број меандри. Во близината на таков меандер се наоѓа и локалитетот Пилаво.

Од Истибања долината на Брегалница нагло се проширува во Кочанската котлина во која долината на реката е поширока. Кочанската котлина е исто така и богата со вода. Овде во Брегалница од десната страна се влеваат: Оризарска,

[13] Манаковиќ Д., Андоновски Т.,1979

Кочанска и Злетовска Река; а од левата страна: Осојница, Градешка и Зрновска Река. Локалитетот Пилаво се наоѓа во близина на сливот на Злетовска Река.

Од под влезот на Св. Николска Река, Брегалница навлегува во Тиквеш за да се влее во Вардар кај селото Уланци. Вкупната должина на долината на Брегалница изнесува 225km.

# II. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕНЕОЛИТОТ ВО ЦЕНТРАЛНИОТ И ЈУГОИСТОЧНИОТ ДЕЛ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ

## *1. Појава на металургијата и првите рудници на бакар*

Енеолитот ( lat. aeneus = бакар, gr. Λίθος = камен), уште наречен и халколит или бакарно време, како термин во науката е воведен на почетокот од XX век за да го означи преодниот период помеѓу неолитот и металните времиња. Во времето на воведување на терминот, за истиот се сметало дека претставува период кој релативно кратко траел и на кого припаѓале културите во кои неолитските културни вредности биле сеуште силни но, кои ја познавале технологијата на обработка на бакарот. Со развојот на археологијата како наука и интезивирањето на археолошките истражувања било утврдено дека не сите култури кои се јавуваат во овој преоден период ги манифестираат наведените карактеристики. Имено, откриени биле мноштво нови култури кои меѓудругото покажувале и промени во економијата, социјалната структура, материјалната култура како и во сферата на духовниот живот. Бројните култури кои ќе излезат на светлина ќе покажат дека енеолитот е цела една епоха во која се создаваат и изумираат култури и културни комплекси, стилови кои толку се разликуваат меѓусебно што мора да постоеле во пошироки временски рамки. На крајот, сепак се покажало дека енеолитот е многу повеќе од преодна и релативно кратка фаза во предисторијата.

Појавата и развојот на енеолитот биле условени од неколку фактори : развојот на металургијата (појавата на рударството, обработката на бакарните руди и производството и широката употреба на предмети од метал), појавата на занаетчии поврзани со производството на предмети од метал, промените во социјалната структура на општествата (раслојување на старото неолитско општество), промените во економијата (развојот на сточарството), како и преселбите на номадските племиња од евроазиските степи.

Процесот на енеолитизација на неолитските култури не бил униформен, ниту праволиниски – старата неолитска култура да заврши за одеднаш новата енеолитска да започне. Напротив, овие промени се одвивале мирно, како постепена еволуција на неолитските култури во своите подоцнежни фази, поттикната од раната металургијата на бакарот, при што старите наджiveани елементи биле отфрлени и заменети со нови.[14] Генезата на секоја од овие раноенеолитски култури е појава сама за себе и како таква треба да се разгледува во регионални рамки. Ова во голема мера го отежнува следењето на развојот на енеолитските култури, како и нивните меѓусебни релации.

Проблемот со појавата на енеолитот е што постојат повеќе фактори кои територијално независно еден од друг влијаат на културите на различни територии, притоа допринесувајќи за појавата на енеолитските култури на тие простори. Во зависност од природните ресурси на одредениот географски регион, како и јачината на неолитската база, различни региони на Балканот во различни периоди од праисторијата ги прифатиле промените во економијата. На тој начин регионите кои се побогати со руда имале предиспозиции за порана појава на рударството и металургијата, што од друга страна го забрзало преминот во металната епоха и тоа во период кога на соседните територии сеуште постојат неолитски култури.

Појавата на металургијата ќе отвори едно ново поглавје во историјата на човештвото. Топењето на рудата и изработката на предмети од метал подразбирала и појава на нови занаети поврзани со обработката на металот. За да можат да ја работат својата работа, ковачите требале да бидат издржувани од заедници кои биле способни редовно да произведуваат вишок храна. На тој начин била постигната уште една голема поделба на трудот во општеството.[15]

Бакарот, чиј хемиски симбол е Cu (lat. Cuprum), во природата се јавува како самороден (елементарен) метал и во вид на неколку руди: сулфиди (ковелит, халкозин, халкопирит, борнит), оксиди (куприт) и карбонати (малахит, азурит).[16] Истиот е мек метал со црвеникава боја кој мошне лесно се кове. Во мали

[14] Еден од најдобрите примери за постепена еволуција на неолитска во енеолитска култура претставува Тисаполгар културата која ја заменила старата Потиска култура
[15] Kohl P.L., 2007,29
[16] Beatty R.,2000,8

количества, бакарот може да се сретне слободен во природата, што се зема како причина за неговото рано откривање и употреба. Освен самородниот бакар, поради својата карактеристична боја, малахитот (зелена боја) и азуритот (сина боја), биле исто така лесно откривани на површината, а поради малата тврдина биле и лесно експлоатирани.

Како прва фаза во развојот на обработката на бакарот се смета исчукувањето и дупчењето на самородниот бакар. Ладната обработка на самородниот метал вообичаено не е прифатена како засебна археометалуршка фаза.[17] Малку предмети од самороден бакар се среќаваат уште од VIII милениум п.н.е. во Чајону (Çayönü Tepesi) -источна Анадолија и пештерата Шанидар во Ирак, како и во Чатал Хујук каде се датирани во VII милениум п.н.е. Технологијата на ладно исчукување на самородниот бакар за прв пат се среќава во Хасуна и Халаф културите од Месопотамија уште од почетокот на VI милениум п.н.е.[18] Најраните предмети изработени од метал биле повеќе со декоративна отколку утилитарна функција, но сепак претставуваат значаен сегмент од овие култури поради тоа што биле едни од носителите во мрежата на размена на добра која имала трансформативни ефекти врз локалните култури.

На Балканот најстарите предмети од бакар се пронајдени во Лепенски Вир во Старчево IIa контекст.[19] Станува збор за монисти и приврзоци изработени од малахит и азурит кои се среќаваат на неколку старчевачки населби – Лепенски Вир, Дивостин I, Змајевац.[20] Фактот дека горенаведените населби се наоѓаат во непосредна близина на наоѓалишта со бакар говори дека населението од централен Балкан уште од неолитот било запознаено со местата каде се наоѓале депозити на бакар. Во прилог на изнесеното говори и тоа што во рамките на винчанската култура бројот на наоди од малахит – аморфни грутки, мониста и приврзоци- значително ќе се зголеми. Сепак, спорадичната употреба на малахит во рамките на неолитските култури на Балканот и неговото користење како декоративен минерал поради механичкиот третман на истиот е неважна за археометалургијата.

---

[17] Jovanović B.,2009
[18] Parkinson W.,2004
[19] Bailey D.,2000,209
[20] Antonović D.,2006,85

Следната фаза во историјата на металургијата на бакарот била онаа кога било вршено жарење-процес на загревање и ладење со цел полесно да може да се оформи и исчука металот во саканата форма. Потоа следела фазата кога металот бил топен и излеван во калапи. Овој процес понатаму водел кон користење на бакарните руди и нивно топење, со што била вршена екстракција на бакарот од грутките руда. На рудата можат да ѝ се додаваат флуксови (геолошки материјал) кои се врзуваат за нечистотиите во текот на процесот на топење и креираат нуспродукт-згура која се издвојува од бакарот. Финалната фаза во развојот на металургијата на бакарот била изработката на легури преку додавањето на други метали (калај и арсен) во бакарот и производството на бронзата.

Металургијата на бакарот во својата основа ја има редукцијата на рудата на бакарот преку загревање со помош на јаглен (кокс). Температурата потребна за топење на самородниот бакар изнесува 1.083°C. Од друга страна пак, топењето на бакарот од малахитот и азуритот не бара толку висока температура, меѓутоа треба да биде извршено во средина редуцирана од кислород. И двата процеса, иако со голем напор, можат да се постигнат во отворено огниште со казан за топење на рудата.



**Сл.2** Можна реконструкција на јама-печка од Беловоде-Плочник (по D. Šljivar et al., 2006)

Јамите-печки како едноставни металуршки инсталации ги означуваат почетоците на металургијата. Се состоеле од високи цилиндрични или конични садови,отворени од двата краја и со пар држалки поставени на едниот крај од садот, кои биле поставувани над јамата-печка со цел да се подобри протокот на воздух и

да се овозможи одржување на температурата потребна за топење на рудата. Овој тип металуршка инсталација произведувал сосема мали количини бакар кои биле доволни за производство на мали декоративни предмети. Сепак, неоспорно е нивното значење како база за понатамошниот равој на металургијата. Нивната најрана појава е документирана на локалитетот Беловоде-Плочник (сл.2), а подоцна се среќаваат и во Дуранкулак.[21]

Условите кои биле потребни за топење на бакарот во поголеми количини најнапред биле достигнати кај културите кои ја познавале графитно сликаната керамика. Имено, исто како и топењето на бакарот, и графитната декорација барала создавање на средина со висока температура и редукција на кислород. Овој тип керамика за првпат се среќава кон крајот на доцниот неолит во јужните делови на Балканот. Адаптирајќи ги техниките кои ги развиле за изработка на графитно сликаната керамика, занаетчиите ги создале потребните услови за топење на рудата. На тој начин во текот на V милениум п.н.е. производството на бакар во југоисточна Европа во однос на квалитетот и квантитетот било пософистицирано отколку во Мала Азија.[22]

Најстарите рудници на бакар на Балканот се Рудна Глава (Мајданпек, Србија) и Ај Бунар (Тракија, Бугарија). Археолошкиот материјал во нив датира уште од самиот крај на неолитот кога всушност и почнува да се експлоатира бакарот. Датирањето на наодите е извршено врз основа на типологијата на садовите пронајдени во рударските окна. И во двата рудника праисториските рудари користеле слични техники на работа-биле копани тесни отворени ровови кои ги следеле жилите на бакарните карбонати во планините. За жал, на ниту еден од локалитетите не е пронајдена било каква металуршка инсталација. Сепак, пронајдените згури укажуваат на една напредната фаза на интензивна експлоатација на бакар, на која несомнено ѝ претходела фаза на експлоатација со помали размери.

Анализите на бакарните предмети од централна и јужна Бугарија укажуваат на уште најмалку четири други извори на бакар кои биле експлоатирани во текот на

[21] Šljivar D.,2006,97
[22] Parkinson W.,2004,318

енеолитот. Покрај гореспоменатите рудници, познати се уште неколку рудници во северна Тракија, како и рудниците Мали Штурац во централна Србија и Јармовац кај Прибој.[23] За жал, овие рудници се многу малку публикувани.

## *2. Основни карактеристики на енеолитот во Бугарија*

Наоѓалиштето Промахон-Тополница кое се наоѓа на границата помеѓу Бугарија и Грција важи како едно од најзначајните наоѓалишта поврзани со почетоците на металургијата. Имено, станува збор за епонимното наоѓалиште на доцнонеолитската култура Тополница-Акропотамос на кое е пронајдена голема количина флукс користен при добивањето на бакар, како и печка користена за двоење на металот од рудата.[24] Југозападна Бугарија претставува дел од јадрото на т.н. Тракискиот раноенеолитски комплекс кој со својата најрана појава на металургијата на тлото на Европа е повеќе од важен за следење на процесите на премин од неолитот во енеолитот. Најраните траги за топење на бакарна руда се среќаваат во нивото III од секторот Промахон, кое одговара на доцниот неолит.[25] Станува збор за керамички казан користен за топење руда кој бил откриен во мала јама. Во непосредната околина на металуршката инсталација биле откриени и бројни траги од бакар. Анализата на материјалот потврдува дека станува збор за екстракција на бакар која не остава згури. Како што веќе беше напоменато, овој начин на производство на бакар ја претставува најраната фаза во развојот на металургијата. Датирањето на овие наоди од Промахон-Тополница во првата половина на V милениум п.н.е. ги прави истите доказ за најстарата датирана појава на бакарна металургија. Локалитетот Промахон-Тополница е значаен и поради фактот што трите фази (I-III) карактеристични за доцнонеолитската култура Тополница-Акропотамос се следени од една фаза (IV) од раноенеолитската култура Дикили Таш-Слатино, на тој начин овозможувајќи увид во преминот од доцниот

[23] Jovanović B.,2009
[24] Todorova, H.,2003,276
[25] Koukuli-Chryssanthaki C. et al.,2007,48

неолит во енеолитот и напуштањето на старите доцнонеолитски културни вредности и воспоставувањето на новите раноенеолитски. Овој премин се случил некаде околу 4900 година п.н.е. и очигледно бил резултат на постепен и непрекинат развој. Иако, за жал, последната фаза на живот во населбата е доста оштетена од земјоделските активности во подоцнежните периоди сепак, постепениот и континуиран развој несомнено може да го следиме преку неколку елементи: непостоењето доказ за промена на просторот на живеење, што значи непосредно под раноенеолитскиот слој се наоѓаат неколкуте неолитски слоја; како и тоа дека со досегашните истражувања не е констатирано уништување на населбата, како ни присуство на нови елементи во материјалната култура. Можеме да претпоставиме дека со текот на времето доаѓа до развој на металургијата, така што процесите кои започнале во доцниот неолит ќе доведат до промени во економијата и социјалната организација на животот во населбата. Можеби најдобар пример за тоа како новите енеолитски културни вредности биле градени врз старата неолитска основа е следењето на развојот на керамичката продукција во населбата. Овој процес најдобро може да се согледа преку декорацијата на керамичките садови, поточно во декоративната техника на сликање со графит. Имено, графитно сликаната керамика како едно од главните обележја на раноенеолитските култури од југоисточна Европа своето потекло го води од регионот на Средна Струма. Истата за првпат се среќава во фазата III A на локалитетот Промахон-Тополница.[26] Овој тип на декорација е поделен на неколку основни типови:

- Графитно сликање Тип А (D4.1) – кое го карактеризираат широки линии;

- Графитно сликање Тип В (D4.2) – кое претставува комбинација од широки и тенки линии, премин од Тип А во Тип С;

- Графитно сликање Тип С (D4.3) – т.н. Струма стил кој е изведен со тенки линии.[27]

Типот А ја претставува најраната фаза на графитно сликање и се развива под влијание на сликањето со кафеава/црна боја, тип Струмско кој е типичен за Тополница-Акропотамос културата. Материјалот од Промахон-Тополница

---

[26] Останати доцнонеолитски локалитети на кои се среќава се Струмско и Б'лгарчево

[27] Графитот бил користен уште од II фаза во Промахон-Тополница каде се среќава како превлака во горниот дел од black topped садовите,Vajsov I.,2007,88

овозможува следење на развојот на графитно сликаната декорација преку постепеното намалување на дебелината на линиите и комбинирањето на подебели со тенки линии, сé до формирањето на Струма стилот кој е типичен за фаза IV на Промахон–Тополница и кој важи за едно од главните обележја на фаза I од Дикили Таш–Слатино. Станува збор за еден континуиран развоен процес кој резултира со формирање на карактеристичната декорација својствена за оваа енеолитска култура, а која во својата основа ја содржи иновацијата во декоративните техники на доцнонеолитските мајстори керамичари.

Особено интересен е фактот дека графитно сликаната керамика во Ситагри се среќава исклучително во фаза III (која одговара на раниот енеолит), а отсуствува од неолитските слоеви, на тој начин давајќи афирмација на тврдењето дека потеклото на овој тип декорација е од регионот на Средна Струма.[28]

Идентична ситуација, во која може да се согледа постепен премин од доцнонеолитската во раноенеолитската култура преку следење на развојот на керамиката е документирана и на локалитетот Дикили Таш-постепен премин од фаза I во фаза II.[29] Горенаведоното уште еднаш го потврдува изнесеното мислење за мирен премин во енеолитскиот период, без упади на популации како носители на новите културни вредности. Клучната улога во овој постепен премин ја одиграле доцнонеолитската база и развојот на металуријата со што се создале поволни услови за автохтон постепен премин во енеолитската епоха.

Овде секако треба да напоменеме и еден голем проблем со кој се соочуваат истражувачите на енеолитот на Балканот. Истиот е предизвикан од фактот што секоја од земјите на Балканот има различна хронологија и во секоја од нив енеолитот започнува во различен период. Апсолутната хронологија на почетоците на енеолитот е тешко со сигурност да се одреди поради поместувањето во калибрацискиот дијаграм кое дава повисоки дати (околу 4300 г. п.н.е.).[30] Сепак средната вредност на измерените дати го дава почетокот на енеолитот во југоисточниот дел на Балканот некаде околу 4800/4700 г. п.н.е. Овие дати не се однесуваат на централниот дел на Балканот каде во овој период сеуште постојат

[28] Evans R.,1986,411
[29] Darcque P. et al.,2007,255
[30] Boyadziev Y.,2007

доцнонеолитските култури. На тој начин културите од раниот енеолит од Бугарија и Late Neolithic II периодот на Тесалскиот неолит во Грција се синхрони на доцнонеолитските култури во централните делови на Балканот. Ова воедно е периодот кога бакарот за првпат ќе почне да се експлоатира и преработува и во рамките на Винча- во т.н. Градачка фаза.

Раниот премин во металната епоха несомнено бил иницииран од богатството со бакар на овој регион кое условило промена на економската структура на неолитските општества предизвикана од појавата на рударството и металургијата. Раниот енеолит во Бугарија го карактеризира формирањето на Тракискиот раноенеолитски комплекс.[31] Во него , помеѓу останатите, припаѓаат и следниве култури: Марица I-III во северна Тракија; Слатино I-III кај Ќустендил, по долината на Струма како дел од комплексот Дикили Таш-Слатино; Градешница во северозападна Бугарија.[32] Она што е карактеристично за сите горенаведени култури е присуството на позитивниот линеарен графитен орнамент т.н. "Слатино тип". Истиот подразбира снопови од тенки линии изведени со графит врз основата на садот. Мотивите кои се застапени во овој декоративен стил се: спирали, меандри, ромбови, концентрични кругови и останати геометриски шари.

Исто така се среќава и т.н. "Градешница тип" на декорација изведена со врежување на орнаментот и исполнување на наведените мотиви со бела паста. Самото име говори дека претставува носечки орнаментален стил на истоимената култура, во која графитниот орнамент поретко се среќава.

Марица културата ја карактеризира врежаната декорација од скалест тип (ladder type) која често се среќава во комбинација со бела инкрустација.[33] Мотивите се најчесто аглести меандри и спираломеандри. Графитниот орнамент во рамките на Марица се среќава уште од првата фаза кога е мошне малку застапен, за во третата фаза да стане доминатна декоративна техника. Токму тоа е причината што Марица III е уште наречена и графитна фаза на културата.

---

[31] Todorova H.,2003

[32] Во рамките на овој комплекс Тодорова го сместува и локалитетот Пилаво, Бурилчево од Македонија, Todorova H.,2003,279

[33] Leshtakov K.,1997,128

Синхроноста на овие култури се потврдува со присуството на керамика од Градешница I и Марица I фазите на локалитетот Дикили Таш, фаза II..[34] Керамиката со ladder type Марица I декорација на Промахон-Тополница за првпат се среќава во фаза IV, што ја потврдува релацијата со првата фаза на Дикили Таш-Слатино.[35] Откривањето на сликана керамика од фазата класично Димини и фрагмент керамика сликан со декорацијата Слатино под подот на куќа во Певкакија Магула, во близина на Волос укажува на синхроноста на Дикили Таш-Слатино со фазата класично Димини на тесалскиот финален неолит.




**Сл.3** Поважни наоѓалишта од раниот енеолит
(Градешница-Слатино-Дикили Таш комплекс)

[34] Demoule J.-P.,2004,82
[35] Vajsov I.,2007,102

Анализата на карактеристиките на материјалната и духовната култура (типот на населби, керамиката, култните предмети) на културите од западна Бугарија води кон заклучокот дека истите можат да се сместат во рамките на еден поширок раноенеолитски комплекс Градешница-Слатино-Дикили Таш (сл.3).[36] Јадрото на овој комплекс подоцна ќе биде основа за формирањето на доцноенеолитскиот Бубањ-Салкуца-Криводол комплекс. Во прилог на изнесеното тврдење дека Градешница-Слатино-Дикили Таш комплексот се развива во истиот период кога на подрачјето на централен Балкан сеуште опстојува доцнонеолитската Винча говори и керамиката откриена во Плочник во куќа од фазата Винча С1 (Градачка фаза) која припаѓа на Градешница III фазата.[37]

Крајот на овој комплекс треба да се набљудува во релација на промените на палеоклимата. Развојот на археолошките истражувања во последните години, како и имплементацијата на различните мултидисциплинарни податоци овозможуваат увид во развојот на палеоклимата. Проблемот со замирањето на овие култури во бугарската литература се објаснува преку ставот на Хенриета Тодорова за климатските промени кои предизвикале прекин во културниот развој во јужните делови на Балканот.[38] Притоа, евидентно е дека кон почетокот на V милениум п.н.е. дошло до постепено зголемување на температурите кое кулминирало некаде околу 4.600 г. п.н.е. кога климата во југоисточна Европа ја достигнала критичната точка на пораст на просечната годишна температура.[39] Тоа довело до суши, ерозија на земјиштето (правејќи го неповолно за обработка), уништување на посевите, глад, болести итн. и резултирало со замирање на локалните раноенеолитски населби од југот на Балканот (Ситагри III, Дикили Таш II). Под притисок на неминовната катастрофа населението бега во планините и пештерите во повисоките региони каде имало извори на вода. Ова тврдење го потврдува откривањето на Слатино тип керамика во пештерата Раш на Родопите.[40] Последиците од климатските промени ќе бидат толку длабоки што во јужните

[36] Čohadžiev S.,1998,72
[37] Тодорова Х.,1986,126
[38] Todorova H.,2003,290
[39] Todorova H.,2007
[40] Ова движење на носителите на графитно сликаната керамика на север ќе биде значајно во утврдувањето на почетоците на енеолитот во источна Македонија

делови културниот развој ќе продолжи многу подоцна. Имено, регистриран е хијатус од 500-600 години во кој нема да бидат откриени населби.

Сепак, регионите заштитени од Родопите, културите во источните делови на Бугарија како и во северните делови на Тракија, останале недопрени од еколошката криза и непречено го продолжуваат својот развој (културите Хаманџија IV, Сава IV на западниот брег на Црното Море, Бојан-Спантов и Пољаница IV во североисточна Бугарија и Марица IV во северна Тракија).

$^{14}C$ датите покажуваат дека еколошката криза немала влијание и врз развојот на енеолитот во Средна и Горна Струма каде културите ќе продолжат со својот развој и во текот на доцниот енеолит, сé до 3850/3800 г. п.н.е.

Доцниот енеолит според бугарската хронологија го карактеризира формирањето на двата културни комплекса и тоа Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот во северозападна Бугарија и Коџадермен-Гумелница-Караново VI комплексот во Тракија и североисточна Бугарија. За првиот ќе стане збор понатаму во текстот кога ќе се говори за енеолитот во централен Балкан.

<table>
<tr><th></th><th>Северозападна Бугарија</th><th>Западна Бугарија</th><th>Тракија</th><th>Долиа Струма</th><th>Тесалија</th><th>Источна Србија</th></tr>
<tr><td>Доцен енеолит</td><td>Криводол I-III (Бубањ-Салкуца-Криводол)</td><td>Ѓаково (Бубањ-Салкуца-Криводол)</td><td>Караново VI (Коџадермен)</td><td>Ситагри III b-c</td><td>Рахмани</td><td>Бубањ-Хум Ia (Бубањ-Салкуца-Криводол)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ран енеолит</td><td rowspan="2">Градешница I-III</td><td rowspan="2">Слатино I-III</td><td rowspan="2">Караново V<br><br>Марица I-III</td><td rowspan="2">Дикили Таш IIa-c<br><br>Ситагри IIIa</td><td>Класично Димини</td><td>Винча-Плочник</td></tr>
<tr><td>Оцаки</td><td>Градачка фаза</td></tr>
</table>

**Сл.4** Хронолошки приказ на енеолитските култури на Балканот

Почетокот од IV милениум п.н.е. во источните делови на Балканот бележи големи промени во доцнонеолитските култури. Најголем број од населбите во источна Бугарија и Тракија не го достигаат крајот на енеолитот и животот во нив замира уште во текот на фаза II од Коџадермен-Гумелница-Караново VI.[41] Во

[41] Draganov V.,1998

стратиграфијата на теловите во Тракија се регистрирани прекини од скоро илјада години. Напуштањето на населбите и нивното опожарување е најочигледно во Долното Подунавје.[42] Токму овој период во бугарската литература е наречен финален енеолит или преоден период.

Наглиот прекин на развиените доцноенеолитски култури во литературата долги години беше објаснуван со феноменот на т.н. Индоевропски преселби. Како термин се воведени од страна на Марија Гимбутас во 50-те години на минатиот век и ги означуваат продорите на номадските племиња со потекло од евроазиските степи во Подунавјето. Станува збор за племиња чија главна стопанска гранка било номадското сточарство а кои предводени од страна на воени старешини во потрага по земјиште погодно за напасување продреле длабоко во Подунавјето притоа рушејќи ги пред себе културите кои им застанале попат.

Сепак, поновите истражувања покажуваат дека мошне популарната теорија за инвазија на степските племиња не одговара на ситуациите на теренот. Имено, во ниту еден од регионите не е забележана комплетна депопулација. Се чини дека наједноставниот начин да се објасни настанатата состојба е дека населението едноставно започнало да води поинаков начин на живот. Новиот начин на живот подразбирал преместување на населбите, подигање на нови помали населби со нов тип на живеалишта-земјенки наспроти надземните куќи од претходниот период. На некои локалитети,пр. Езеро, Јунаците, се забележува повторно населување на истите телови, овојпат со нова архитектура.

Очигледната промена на стариот економски модел на живеење е резултат на цела една низа фактори. Сепак, во јадрото на овие промени е трансформацијата од седечки и полуподвижен систем во систем на мобилни и полумобилни заедници.[43] Промените на климата кои резултирале со покачувањето на нивото на морето и поплавувањето на приморските населби покрај Црното Море неспорно одиграле клучна улога во промените на начинот на живот. Новата клима барала нов систем кој ќе го замени стариот модел базиран на земјоделство. Едно од решенијата било и развојот на сточарството.

[42] Bailey D.,2000,243
[43] Nikolova L.,2005

Чернавода I културата од североисточен Балкан е еден од примерите за трансформација на економскиот модел преку зголемување на подвижноста, разделување и намалување на густината на популацијата, како и доминирање на домашното производство на керамика. Носителите на оваа култура од страна на многу истражувачи во минатото беа сметани за одговорни за исчезнувањето на енеолитските цивилизации во источниот дел од Балканот, вклучувајќи ја и Гумелница. Сличностите на материјалната култура на Чернавода I со Гумелница беа објаснувани како остатоци кои биле инкорпорирани во новата култура.Сепак, Чернавода I нема обрасци на материјалната култура кои кореспондираат на номадските одгледувачи на добиток кои имале краткотрајни сезонски населби. Доколку навистина станува збор за популација која доаѓа од територијата на типично номадско сточарство тогаш треба да се очекува и идентичен начин на експлоатација на околината, кој на територијата на Чернавода I не е забележан. Всушност регионот на Долното Подунавје е место каде се развиваат земјоделско-сточарски заедници со не толку застапен степен на мобилност. Присуството на елементи од Гумелница и Кукутени во составот на Чернавода I во поново време се поврзува со теоријата дека потеклото на оваа култура најверојатно лежи во меѓусебната врска помеѓу овие две култури.[44] Врската со Кукутени се огледа и во погребувањата каде покојникот е поставуван на страна со нозете свиткани до брадата.[45] Ваква положба на покојникот не се среќава кај степските култури. Една од главните декоративни техники на керамиката на Чернавода I е шнур декорацијата.

Носителите на Чернавода I некаде околу средината на IV милениум п.н.е. ќе стигнат до североисточна Бугарија каде ќе биде формирана културата Певец како локална варијанта на Чернавода I. Кај некои автори оваа култура е именувана како Хотница, според населбата Хотница-Водопада.

Кон крајот на IV милениум п.н.е. степските племиња од северните региони на Црното Море ќе стасаат до територијата населена од Чернавода III културата со

[44] Manzura I,1999
[45] Manzura I.,2005

што ќе ги примораат носителите на оваа култура да се поместат на запад по Дунав, притоа најнапред поминувајќи низ Бугарското Подунавје.

Првиот директен продор на овие степски племиња на територијата на Бугарија е регистриран во периодот на раното бронзено време, III милениум п.н.е., кога во Добруџа се регистрирани тумуларни некрополи кои припаѓаат на Pit-grave културата (култура на гробни јами).

Да се навратиме сега на територијата на централен Балкан.

## *3. Основни карактеристики на енеолитот во централнобалканското подрачје*

Во времето кога во јужните делови на Балканот се воспоставуваат новите културни вредности на енеолитскиот период, во централниот дел од Полуостровот бележиме поинаква ситуација-доцнонеолитски култури кои продолжуваат со својот развој. И покрај тоа што слободно може да се каже дека овој регион временски каска во однос на откривањето и употребата на придобивките од новата метална епоха, сепак ситуацијата не е толку едноставна.

Понатамошниот развој на доцнонеолитските култури кои веќе го познавале бакарот и неговата обработка се среќава и на подрачјето на Винчанската култура. Познато е дека носителите на Винча биле запознаени со технологијата на топење на бакарните руди и производството на бакарни предмети. Имено на неколку винчански локалитети се откриени метални наоди-пр. масивна гривна од бакар на зглобот на покојник од некрополата во Гомолава (датиран во Винча-Плочник II). [46] Сепак, прашањето е од која фаза на развојот на Винчанската култура металот влегол во масовна продукција и употреба и колку тоа влијаело на промената на економијата на самата култура. Станува збор за фазата Градац која го претставува преминот од Винча–Тордош во Винча–Плочник и на која ѝ припаѓаат првите остави со бакарни предмети (пр. четирите остави со бакарни и камени алатки од Плочник датирани во Винча-Плочник I). Првиот кој ги воочил големите промени

---

[46] Garašanin M.,1979,160

кои се случиле во фазата Градац како последица на зачетокот на металургијата бил М. Гарашанин кој меѓудругото укажува дека овие промени се однесувале и на социјалната структура на Винчанската култура. Неговата теза потоа ќе ја доразвие Б. Јовановиќ кој преку типологијата на садови кои се застапени во Градачката фаза истата ќе ја подели на три интерни фази.[47] Сепак треба да се напомене дека во стручната литература сеуште постои дебата дали Градац треба да се издвои како засебна фаза во развојот на Винчанската култура во која доаѓа до промена на економијата притоа означувајќи ја енеолитизацијата на Винча или пак треба да се набљудува како локален краткотраен феномен од типолошки карактер, препознатлив примарно на епонимниот локалитет.

Притоа, не треба да се заборави фактот дека самото познавање и обработка на металот нужно не ги прави неолитските култури да бидат со енеолитски карактеристики. Нивната материјална култура и покрај развојот на металургијата сепак во себе ги задржала старите неолитски културни вредности. Токму поради тоа Тасиќ предлага овие култури да се наречат пост-неолитски култури.[48]

Промените во структурата на Винчанската култура не биле евидентни насекаде низ територијата на која истата се протегала. Носителите на прогресот биле населбите по долината на Морава и Српското Подунавје т.е. оние кои се наоѓале во регионите богати со руда. Наоѓалиштата надвор од овој издвоен простор, пр. во западна Србија, ќе покажат конзерватизам во својот равој. Всушност, слободно може да се каже дека развојот на металургијата во доцна Винча резултирал со постепена дезинтеграција на нејзиниот голем културен комплекс.[49]

Раниот енеолит на просторот на централен Балкан, а доцен енеолит на територијата на Бугарија (и Македонија), се карактеризира со формирањето на културниот коплекс Бубањ–Салкуца–Криводол. Комплексот е составен од три регионални групи, според кои го добива и името, кои и покрај извесните локални разлики сепак во основа ја делат истата материјална култура. Станува збор за Бубањ културата (источна и јужна Србија, Косово и Македонија), Салкуца

[47] Jovanović B.,2006,221
[48] Tasić N.,1995,14
[49] Tasić N.,2003,90

културата (Олтенија) и Криводол културата (Софиско Поле и северозападна Бугарија). Во археолошката литература е познат веќе подолго време, поточно од 1948 година кога В. Миков ги врши првите истражувања на локалитетот Криводол. Поради големата територија која овој комплекс ја зафаќа, појавите кои се манифестираат во него, набљудувани во пошироките рамки на самиот комплекс, сепак се одликуваат и со свои автохтони елементи, карактеристични за секоја од овие територии засебно. Овие разлики сепак не се доволно големи за да овие регионални групи се издвојат како засебни култури.

Носителите на културата на Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот покажувале особен афинитет кон неколку керамички облици и тоа : пехарите со две држалки (т.н. кантаровидни садови), конусните чинии со вовлечено устие, плитките чинии со задебелено устие и декорирана внатрешност, биконичните садови со цилиндричен врат и амфорите со висок коничен врат. Декорацијата е изведена со канелирање, сликање со графит или crusted боење со црвена,бела или жолта боја, како и со врежување. Големиот број наоди на орудија и оружје од бакар, како и остатоците од згури укажуваат на развиена металургија. Пластиката не е толку бројна како во соседните култури. Исклучок претставуваат теракотните идоли од Шуплевец-Бакарно Гумно групата од Македонија.

Периодизацијата на Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот предизвикува одредени проблеми, со оглед на фактот дека секоја од наведените регионални култури располага со своја интерна хронологија. Голем дел од овие хронологии се со регионален карактер и се важечки само за конкретните населби.[50] Доколку се изврши типолошка анализа на керамиката која е пронајдена на локалитетите од овој комплекс, можно е издвојување на неколку развојни фази (сл.5).[51] Раниот период на развојот го претставуваат наодите од Ѓаково и Пекљук. Се среќаваат чинии со задебелено устие кои се графитно сликани, како и фрагменти од садови чија декорација изведена со врежување на мотивите е многу блиска на културата Градешница од северозападна Бугарија. Од формите кои се застапени во оваа фаза се издвојуваат и амфорите со големо тело каде дијаметарот на телото е приближно

[50] Пример е хронологијата на D. Berciu кој според резултатите од епонимното наоѓалиште издвоил четири фази во развојот на Салкуца културата, Berciu D.,1961
[51] Georgieva P.,1990

еднаков на висината на садот а од рамото кон дното има остар пад. Повеќето керамика од оваа фаза има богата графитна орнаментика. Оваа фаза според хронологијата на П. Георгиева е наречена *Протокриводол* и е синхрона на Винча-Плочник II. Истата не е документирана на епонимното наоѓалиште. Потоа следи фаза во која графитното сликање сеуште се среќава а врежаниот орнамент исчезнува. На оваа фаза припаѓа материјалот од Салкуца I, Криводол I, Деветашка Пештера и Кракра, Перник. Во третата фаза графитниот орнамент е застапен во помал процент, а се зголемува бројот на керамика декорирана со пастозно боење.[52] Во оваа фаза преовладува кујнската керамика а мал е процентот на фина керамика украсена со графит. Овде припаѓа материјалот од Криводол II, Заминец и Оходен. Оваа фаза нема паралели со материјалот од Салкуца. Четвртата фаза се карактеризира со продорот на првите елементи со степски карактеристики. Од оваа фаза пастозното сликање со бела, жолта, црвена и светлокафеава боја доминира како декоративна техника, а разнобојно сликаните садови се чест наод. За првпат се појавуваат и кантаровидните садови (т.н. пехари). На оваа фаза одговара материјалот од Криводол III, Салкуца II, Галатин, Негованци, Бубањ, Ковилово и Кривељ. Последната, петта фаза на овој комплекс одговара на материјалот од Салкуца III , Криводол IV, Ребрково и Телиш III.

| **БУБАЊ-САЛКУЦА-КРИВОДОЛ** | |
|---|---|
| **фаза** | **населба** |
| V | Салкуца III , Криводол IV, Ребрково, Телиш III |
| IV | Криводол III, Салкуца II, Галатин, Негованци, Бубањ, Ковилово, Кривељ |
| III | Криводол II, Заминец, Оходен |
| II | Салкуца I, Криводол I, Деветашка Пештера, Перник |
| I (Протокриводол) | Ѓаково, Пекљук |

**Сл.5** Развојни фази на Бубањ-Салкуца-Криводол

[52] Georgieva P.,2007

Прашањето во поглед на генезата на овој комплекс е сеуште отворено. Во науката постојат неколку различни мислења по однос на ова прашање. Долги години овој комплекс во литературата беше третиран како туѓа појава која како веќе формирана дошла на просторот јужно од Дунав. Сепак после објавувањето на резултатите од ископувањата во Пекљук и Ѓаково и издвојувањето на фазата Протокриводол која во голем дел се засновува на културата Градешница, во литературата се појави и тезата за автохтоната појава на културата во западна Бугарија и нејзиното подоцнежно ширење кон север и запад. Истата се поткрепува со фактот дека Протокриводол е формиран врз основа на Градешница.[53]

Од друга страна, неоспорен е фактот дека појавата и постоењето на Бубањ–Салкуца–Криводол на овие простори го карактеризира и односот и соживотот со Винчанската култура во нејзината доцна фаза. Имено, Винча-Плочник II е синхрона на Бубањ I, што се потврдува и со откривањето на материјал од групата Бубањ во најмладиот слој на локалитетот Плочник, слој кој се наоѓа непосредно над слојот со материјал од фазата Винча-Плочник I. Тезата за паралелен развој на овие две култури ја потврдуваат и бројните сличности во материјалната култура, пред се во облиците на садовите. Керамиката од Бубањ–Салкуца–Криводол ќе ги задржи основните форми и начинот на обработка на површината на садовите типични за Винча, како на пр. плитките чинии со задебелено устие кое може да биде декорирано со канелури и кои одвнатре често се сликани со пастозна боја или со графит. Овој облик на сад кој е една од главните одлики на раните фази на Бубањ–Салкуца–Криводол како форма се среќава и во доцновинчанските наоѓалишта (Градац, Предионица). Тука спаѓаат и пехарите на нога со канелури на рамото, како и благобиконичните чинии со низок врат и канелури на рамото.

Имајќи ги во предвид изнесените факти слободно може да се каже дека споменатите две компонетни, старата доцнонеолитска и новата енеолитска, на почетокот на енеолитот во централен Балкан постоеле истовремено.[54] Најголема улога во тоа најверојатно одиграла географската компонента, на тој начин што во

---

[53] Georgieva P.,1990,172
[54] Tasić N.,2003,92

западна Србија и Косово постоеле зони каде доцнонеолитските култури продолжиле да постојат во изолација. Границата помеѓу овие две култури во источна Србија оди близу Рудна Глава кај Мајданпек, на север до Крушевац, а на Косово до Липљан и Сува Река.

Географски Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот се пробива како клин јужно од Дунав кон Македонија. Карактеристичната форма најверојатно настанала под притисок на Чернавода III културата која под налетот на степските племиња ја напушта својата матична територија во Добруџа и источна Влашка и кон крајот на раниот енеолит стигнала и до српското Подунавје, притоа приморувајќи ги носителите на Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот по долината на Морава да се симнуваат на југ. Ова воедно е и најпристапниот пат затоа што кон запад се тешкопристапни планини каде доцновинчанските населби сеуште ќе продолжат со живот. На тој начин се означува крајот на Бубањ–Салкуца–Криводол во северните области на комплексот. Во јужните делови (јужна Србија, Косово и Македонија) овие промени нема да остават длабоки траги и Бубањ–Салкуца–Криводол ќе продолжи со својот развој. Носителите на Чернавода III нема да се задржат долго време на оваа територија, туку напротив ќе продолжат со своето движење по Дунав. Во настанатата празнина по овие големи поместувања на културите, во северните области на Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот ќе се јават средноенеолитските култури Коцофени и Костолац.

Во бугарската литература овој период се среќава под називот Протобронзено време или Рано бронзено време Ia.[55] Новите археолошки наоди од локалитети на територијата на Бугарија, јужно од Дунав на кои е пронајдена керамика типична за Чернавода III, укажуваат дека оваа култура не се ширела само по течението на Дунав, туку на југ стигнала сé до планината Балкан.[56]

Можеме да заклучиме дека со миграцијата на Чернавода III степските елементи за првпат директно стигаат до централен Балкан. Станува збор за првите наоди на материјална култура со степски карактеристики (керамиката декорирана со шнур декорација, камените скиптари, амулетите во форма на сидро, камените

[55] Nikolova L.,1999
[56] Todorova H.,2003,292

секири со тркалезен дел за удирање) на територијата на централен Балкан. Притоа, нужно е уште еднаш да се нагласи дека не станува збор за номадските племиња од евроазиските степи, носители на Pit-grave културата. Ќе биде потребно уште цело едно илјадалетие за истите да стасаат дотаму.

## *4. Степските култури од западните евроазиски степи и појавата на мобилната економија*

Периодот на средниот енеолит во централниот дел на Балканскиот Полуостров е карактеристичен по тоа што го означува и дефинитивниот крај на пост-неолитските култури и појавата на култури со сосема поинаква материјална култура. Станува збор за средноенеолитската култура Баден која се протегала во Панонска низина вклучувајќи ги Славонија и Срем. Истата се карактеризира со еднослојни, краткотрајни населби во согласност со номадските карактеристики на самата култура.

Потоа ќе следи извесен период на стабилизација кој ќе се карактеризира со менување на номадскиот начин на живот и постојано населување, како и се поголемиот учинок кој земјоделството ќе го има во енеолитската економија. Новите култури кои ќе се јават во Подунавјето кон крајот на средниот енеолит ќе бидат Костолац и Коцофени. За проучувањето на енеолитот во централен Балкан особено значајна е културата Костолац која ќе послужи како база за развојот на доцноенеолитските култури. Една од најзначајните карактеристики на керамиката од оваа култура, особено во нејзината подоцнежна фаза, ќе биде и т.н. Furchenstich декорација. Оваа декоративна техника, која своето потекло го има во керамичката продукција на Баден културата, ќе го достигне врвот за време на Вучедолската култура.

Почетокот на доцниот енеолит го означува продорот на носителите на Културата на гробни јами (Pit-grave културата). Истиот се потврдува со големата концентрација тумули со гробови со окер во романското, бугарското и

југословенското Подунавје.[57] Овие тумули се среќаваат уште од самиот крај на средниот енеолит и се прецизно датирани преку присуството на керамика од Костолац или Коцофени културите во тумуларниот насип. Можеби најдобар пример за датирањето на тумулите претставува гробот од тумулот од Јабука кај Панчево кој е вкопан во основата на куќа од костолачката култура, на тој начин одредувајќи го terminus post quem за Културата на гробни јами во југословенското Подунавје.[58]




**Сл.6** Распространетост на Трипоље и Средњи Строг културите
(по Mallory J.,1989, p.195)

Иако со сигурност не може да се каже каде и кога точно се случило првото припитомување на стадата диви коњи кои биле распространети низ понтско-касписките степи, сепак некои од авторите кои се занимаваат со оваа проблематика сметаат дека доместикацијата на коњите се случила некаде во текот на III милениум п.н.е.[59] Некои од проблемите со кои се соочуваат истражувачите на оваа тема се: неможноста да се направи разлика помеѓу коските од дивите и

[57] Ecsedy I.,1971
[58] Tasić N.,1995,74
[59] Kuzmina E.,2000

припитомените коњи, неможноста со сигурност да се каже дека абразијата на мастикаторната површина на долните втори преткатници е од цвакање на кожните узди или е вообичаена патолошка состојба. Најновите обиди да се даде одговор на ова прашање се насочени кон проучувањето на патолошкото оштетување на торакалните прешлени како доказ дека коњите биле јавани.

Сигурни докази за припитомување и одгледување коњи се наоѓаат во Pit-grave културата (јамна култура, култура на гробни јами, Yamnaya) чии почетоци можат да се следат уште од втората половина на IV милениум п.н.е., за веќе во првата половина на III милениум п.н.е. да ги опфати степите од Урал до Долен Дунав (сл.8). Истата била составена од неколку културни групи кои со текот на времето по патот на нивното движење ги апсорбирале локалните автохтони култури. Се смета дека носителите на оваа култура го измислиле тркалото-најважното откритие за развојот на мобилната економија.[60]



**Сл.7** Модел на запрежна кола – тркалото како придобивка од економскиот модел на номадско сточарство, Будакалаз,Унгарија

Доказ за ова тврдење се истражените кургани во кои како дел од погребните прилози биле ставани и запрежни коли кои имале троделни тркала. Овие коли не се ништо налик кочиите на воената аристократија, туку се најобични масивни запрежни коли.

---

[60] Поновите истражувања, особено на локалитети во северозападна Европа, укажуваат на фактот дека тркалото не било ексклузивен изум само на една култура и најверојатно било откриено во неколку региони независно еден од друг.

На тој начин биле создадени сите предуслови за формирање на мобилната економија во вистинска смисла на зборот. Во духот на вистинскиот номадски живот се и населбите кои припаѓаат на Pit-grave културата-најголемиот број се со карактер на краткотрајни кампови.

Носителите на Pit-grave не биле исклучиво сточари. Напротив, економијата на оваа култура била мешана, со сосема мал удел на земјоделството во секојдневниот живот. Поновите истражувачи на оваа култура сметаат дека помалите заедници во рамките на оваа култура се движеле по речните долини во точно одредени сезонски циклуси, притоа одбегнувајќи ги т.н. отворени степи.

## *5. Проблемот на т.н. Индоевропски преселби*

Нужно е да се напомене дека номадското сточарство во вистинска смисла на зборот (mounted pastoral nomadism) настанало во текот на бронзеното време, во регионот на степите во централна Азија. Истото подразбирало одгледување на мешани стада: коњи, овци, говеда, кози. Она што го среќаваме кај енеолитските култури од понтско-касписките степи се говедари (cattle herders) кои имале полуномадски економии и кои користејќи ги придобивките на запрежните коли се движеле низ западните евроазиски степи во текот на енеолитот. Нивниот начин на живот никогаш не бил потполно номадски, на што укажуваа и големата процентуална застапеност на крупна стока во нивните стада и скоро занемарливото присуство на овци и кози.[61]

Поради тоа, сосема неверојатно звучи теоријата за инвазии на вооружени номадски сточари од евроазиските степи кои биле причината за уништувањето на енеолитските култури во степските пространства на Молдавија и Украина, како и на Балканот. Најблиску до вистината е дека станува збор за говедари кои со своите семејства, натоварени на запрежни коли во потрага по поволни климатски услови за одгледување на стоката, започнале да се движат кон запад.

[61] Kohl P.,2007,162

Културата на гробни јами ќе продолжи со традицијата на погребување на мртвите под тумули (кургани). Покојникот бил полаган на грб со свиткани нозе и насипан со грутки окер. Оттаму и другиот назив за оваа култура, култура на гробови со окер. Гробната конструкција била длабока јама, обложена со трска или текстил, со квадратна или правоаголна форма која често имала и дрвена конструкција и била покриена со даски. Врз гробната конструкција потоа бил подиган тумул во кој најчесто има од 15 до 30 погребувања, што укажува на големото социјално значење за племето. Иако раните погребувања немаат гробни прилози, со тек на време бројот на прилози значително ќе се зголеми. Овие тумули според своите карактеристики се идентични на тумулите од Подунавјето.




**Сл.8** Распространетост на Pit-grave културата

(по Anthony D.,2007)

Постојат претпоставки дека матичната територија на културата била некаде во регионот околу Кавказ откаде најверојатно под притисок од племиња кои доаѓале од источна Азија или (и) во потрага по подобри климатски услови, носителите на Културата на гробни јами почнале да се движат кон запад.

Новите истражувања нудат и поинакво објаснување за нивното движење кон запад.

Климатските промени во текот IV милениум п.н.е. во регионот на евроазиските степи ќе допринесат за намалување на влажноста на воздухот. Серија на палинолошки студии покажала дека степските региони на западна Евроазија во текот на холоценот флуктуирале помеѓу повлажни и посушни фази.[62] Со оглед на специфичните карактеристики на степата како микрорегион, дури и најмалите промени на влажноста можеле да предизвикаат непропорционално големи културни контраефекти. Промените во климатските услови сигурно силно се одразиле врз кревката економија на оваа култура која се базирала на одгледување на крупна стока. Голема е веројатноста дека токму тука лежи причината за придвижувањето на носителите на Pit-grave културата кон запад.

Првата половина на IV милениум п.н.е. ја карактеризира и крајот на огромните населби во рамките на Триполје културата, некои и со пречник од 270 хектари. Иако, скоро сите населби покажуваат значителни докази на опожарување, слично на населбите во североисточна Бугарија и овде нема доказ дека биле уништени како резултат на конфликт. Пропаста на оваа култура најчесто беше објаснувана со продорот на номадските племиња од исток. Сепак, поновите истражувања укажуват дека посреди можеби е сосема поинаква причина. Имено, само изградбата на овие големи населби би ја нарушило кревката рамнотежа на зоната на шума-степа во која се наоѓале. Понатаму, развојот на земјоделството вклучувал и сезонско променување на нивите како и сечење на шумите со цел да се добие повеќе простор за обработка на земјата. Ваквите деструктивни еколошки дејствија најверојатно довеле до еколошка криза предизикана од човечки фактор и распаѓање на големите населби на помали регионални пост-Триполје групи.[63]

---

[62] Kohl P.,2007,127
[63] Kohl P.,2007,45

Дека кризата навистина имала опустошувачки ефект потврдува и фактот што токму во овој период се случува и колапсот на развиените доцноенеолитски култури во Бугарија.[64]

Носителите на Pit-grave културата најпрво се придвижиле во регионот помеѓу Дњестар и Дњепар, каде била асимилирана локалната Средњи Строг култура. Понатамошното движење кон запад ги довело овие племиња во регионот помеѓу Дњестар и Долното Подунавје, поточно во украинските степи, територијата населена од Кукутени-Трипоље културата.[65]

Познато е дека веќе во III милениум п.н.е. носителите на Pit-grave културата стасале сé до Добруџа. Стигајќи до Подунавјето, патот кон Балканскиот Полуостров и Панонија им бил отворен. На тој начин на оваа територија се формирал секундарен центар од кој продолжиле понатака кон запад.

Овие движења несомнено се одвивале во неколку различни правци од кои за овој труд најзначаен ќе биде т.н. *Дунавски пат*, кој се протега од устието на Дунав и Добруџа на исток кон Панонската низина и централен Балкан на запад.[66] Налетот на овие номадски сточари низ Подунавјето ги натерал носителите на културите од тие територии да се движат кон запад или кон југ, притискајќи ги притоа на истиот начин културите населени на тие територии. Прва на удар на степските племиња била Чернавода III културата чии носители, како што веќе беше кажано, стигајќи до српското Подунавје го истиснале Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот на југ.

По краткиот период на мирување во Долното Подунавје, носителите на Pit-grave продолжиле со своето движење кон запад. Еден од показателите за нивните продори долж реката Дунав се и бројните тумули во бугарското, романското и екс-југословенското Подунавје. За интензитетот на овие миграции доволно говори фактот дека само во Војводина се регистрирани околу 600 тумули, од кои повеќето припаѓаат на оваа култура.[67] Иако само мал дел од овие тумули се истражени, сепак според карактерот на наодите, погребниот ритус и гробната конструкција, најголемиот дел од истите несомнено припаѓаат на Pit-grave културата. Датирањето

---

[64] Стр. 22
[65].Мерперт Н.,1982
[66] Тасић Н.,1983,16
[67] Tasić N.,2003,95

на овие тумули во последната четвртина на III милениум п.н.е. е во потполна согласност со претходно изнесените теории за движењето на носителите на културата на гробни јами и нивното доаѓање на овие простори.

Исто така треба да се напомене дека овие миграции не биле во облик на еден голем бран, туку станувало збор за повеќе сукцесивни движења, процес кој траел неколку векови.

При разгледувањето на проблемот на движењето на номадските племиња од евроазиските степи треба да се има на ум дека новите културни вредности најпрво се пренесувале по пат на влијанија при трговските размени, за дури подоцна да стане збор за миграции во вистинска смисла на зборот. Енеолитот е период на интензивирање на трговските релации, при што бакарот од овие региони се извезува онаму каде што го немало. На тој начин материјал со северно балканско потекло стига и до североисточна Молдавија и јужна Украина.[68] Последните години направени се неколку опширни аналитички студии посветени на барањето на изворот на бакарните руди, од кои ја издвојуваме онаа на Евген Черниш, кои укажуваат на фактот дека бакарот по потекло од рудници од Бугарија стасал сé до Средна Волга.[69]

Доцниот енеолит во централниот Балкан и алпската зона го карактеризира и формирањето на Вучедолскиот културен комплекс. Носителите на овој комплекс во Подунавјето ќе изградат цел систем на фортифицирани населби кои требало да служат како одбрана од новите популации. Границата помеѓу вучедолските наоѓалишта и оние со степски карактеристики е Војводина и левиот брег на Дунав.[70] Во керамичката продукција се забележува исклучително богатство на форми и декорација, вклучувајќи ја и веќе споменатата Furchenstich декорација во комбинација со, најчесто, бела инкрустација. Крајот на вучедолскиот културен комплекс се поврзува со постепената дезинтеграција на енеолитското општество и формирањето на неколкуте регионални културни групи на раното бронзено време.

---

[68] Todorova H.,2003,278
[69] Anthony D.,2010,38
[70] На ова подрачје не се регистрирани вучедолски населби, Tasić N.,2003,95

## 6. Основни карактеристики на енеолитот во Македонија

Што се однесува пак до територијата на Македонија, во досегашната литература поврзана за периодот на енеолитот истата се сместува во рамките на Бубањ–Салкуца–Криводол културниот комплекс, при што уште во 50-те години на минатиот век е издвоена локалната група Шуплевец-Бакарно Гумно како дел од споменатиот комплекс. Притоа, сите подоцнежни наоди de facto беа сместувани во рамките на оваа група. Сепак, кога во литературата беа презентирани наодите од Пилаво, Бурилчево се покажа дека горенаведената културна припадност можеби во целост не одговара за енеолитскиот материјал од источните делови на Македонија. Имено, иако истиот беше вклопен во рамките на Шуплевец-Бакарно Гумно групата, беше укажано и на очигледните сличности со наоѓалиштата од западна Бугарија.

Оттогаш па натаму, особено во изминатата деценија, беа реализирани повеќе археолошки ископувања на локалитети од периодот на енеолитот во различни региони на тлото на Македонија-источно од Вардар, Скопската котлина, нови истражувања во Пелагонија. Тие ќе дадат резултати кои укажуваат на потребата од измени во хронологијата и територијалните рамки на Шуплевец-Бакарно Гумно групата, како и воведување на евентуална нова културна група која би ги опфаќала локалитетите источно од Вардар.

Без да навлеземе во објаснување на карактерот на наодите од локалитетите источно од Вардар и нивните најблиски аналогии, за што ќе стане збор понатака во трудот, најнапред кратко да се осврнеме на важечките културни рамки на енеолитот во Македонија.

Почетоците на енеолитот во Македонија се врзуваат за последните векови на V милениум п.н.е. и се тесно поврзани со климатските промени кои настанале некаде околу средината на ова илјадалетие. Еколошката криза која се појавила како последица на настанатите промени на климата длабоко се одразила и на доцнонеолитските култури во Македонија. Имено, на локалитетите се забележува прекин на неолитското живеење и појава на нови културни вредности.

Во скопската котлина се среќава скоро едновремено замирање на неолитските населби и основање на нови населби на повисоки и подоминантни позиции

(Скопско Кале, Орловица II и Исар-Студеничани). Новите населби ќе бележат нов тип живеалишта, земјанки и полуземјанки, и нов начин на живеење различен од неолитскиот.[71] Очигледно е дека промените на климата довеле до драстични промени на економските и културните услови што на крај резултирало со воспоставување на нови културни вредности. Карактерот на материјалната култура на новите населби е составен од две компоненти-едната ја сочинуваат елементи кои се остаток од локалната доцнонеолитска култура, а другата ја сочинуваат новите енеолитски културни вредности. Поедините форми и декоративни техники во керамиката, како и пластиката, кои се главни обележја на доцниот неолит продолжуваат со својот живот во рамките на новата култура. На тој начин раниот енеолит во Скопско може слободно да се смета за непосреден наследник на локалната доцнонеолитска Зелениково II група. Континуитетот помеѓу доцнонеолитските и раноенеолитските културни манифестации укажува на фактот дека раниот енеолит во овој регион е изграден врз основа на доцнонеолитската база на која се додадени новите енеолитски културни манифестации. Раноенеолитската култура во скопскиот регион не е резултат на дојдено население кое се населило туку на концентрирање на локалното население што останало од доцниот неолит.

Ситуацијата во Пелагонија во одреден степен наликува на онаа од скопскиот регион, иако овде почетоците на енеолитот многу потешко се одредуваат. Имено, во стратиграфијата на пелагониските тумби е евидентиран хијатус кој следи по доцнонеолитскиот живот во нив и трае сé до наредниот хоризонт на живеење, воспоставен некаде околу крајот на раниот енеолит. Може слободно да се претпостави дека во овој регион еколошката криза оставила подлабоки последици така што било потребно подолго време за да се обнови животот во населбите. Оваа ситуација во целост одговара на веќе документираните состојби во јужните делови на Балканот каде исто така било потребно подолго време за повторното населување на населбите.

[71] Митревски Д.,(во печат). Ја користам оваа прилика да му заблагодарам на мојот ментор проф.др. Драги Митревски за неговата несебична подршка и дозвола за користење на материјалот даден за печатење.

Она што е особено интересно е дека некои од најстарите наоди од периодот на енеолитот во Пелагонија своите корени ги влечат од доцнонеолитската Трнска група. Станува збор за наоди од најстариот слој на локалитетот Шуплевец, фазата Шуплевец I, каде постојат истовремено со веќе востановените енеолитски манифестации. Со оглед на степенот на истраженост на енеолитските локалитети можеме само да претпоставиме дека животот во Пелагонија не замрел потполно во текот на раниот енеолит, туку слично како и во скопскиот регион, и овде дошло до поместување на некогашното неолитско население од пониските региони кои ги населувало во неолитот кон повисок терен.

Истражувањата во последните години на два локалитети во Мариово, локалитетите Трештена Стена и Големи Камен, покажуваат дека и во овој регион во текот на раниот енеолит се среќава истата појава на едновремено постоење на елементи од локалната доцнонеолитска култура и веќе востановени енеолитски појави.

Раниот енеолит е периодот во кој го среќаваме и првиот продор на културни вредности од исток, по долината на Брегалница. Со оглед на фактот дека овој географски регион е и предметот на трудот, за нив ќе стане збор понатака.

Крајот на раниот енеолит ќе го означи дефинитивното напуштање на старите неолитски елементи со што новите културни вредности ќе го остварат својот полн развој. Станува збор за периодот на IV милениум п.н.е. Во овој период две комуникации ќе одиграат најголема улога. Првата комуникацијата е по долж Брегалница, која ќе остане во употреба уште од претходната фаза и ќе биде главниот проток на културните вредности од исток. Втората комуникација ќе биде по долината на Пчиња по која во Македонија ќе стигаат културните влијанија од север, од Поморавјето, поточно од културната група Бубањ-Хум Ia (како дел од поширокиот подунавско-балкански комплекс Бубањ–Салкуца–Криводол). Специфичните карактеристики на наодите од доцниот енеолит на територијата на Македонија овозможуваат издвојување на две регионални групи: Брегалничка група и Шуплевец-Бакарно Гумно (Пелагонсика) група.

Доцниот енеолит во Пелагонија го карактеризира формирањето на регионалната група Шуплевец–Бакарно Гумно како локална манифестација во

рамките на Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот. Оваа група и покрај основните елементи кои се типични за овој комплекс, се одликува и со бројни локални карактеристики пред се во поглед на керамичките форми и култната пластика.

Населбите биле лоцирани на издигнати платоа, тумби, на стрмни места кои доминираат со околината правејќи ги на тој начин погодни за надгледување и одбрана. Куќите се со правоаголна основа, градени од дрвени колци и прачки облепени со кал. Покривот најчесто бил на две води. Исто така се среќаваат и полуземјанки и земјанки.

Во економијата не се бележат некои поголеми промени. Земјоделството е сеуште основна економска гранка што се потврдува преку откриените орудија (мотики од обработен рог,како и влошки за секири) како и преку остатоците од жито и житни растенија.[72] Ловот ќе остане еден од начините за исхрана што се покажува преку откриените кремени врвови за стрели. На ниту една од истражуваните населби не се откриени наоди кои би потврдиле развиена металургија на бакарот-нема грутки руда, ниту печки за топење на рудата. Од друга страна, во Кравари се откриени камени калапи за лиење на бакарни ленти и валчести прачки кои потоа биле доработувани во разни орудија и оружја, што говори дека енеолитското население во Македонија сепак ја познавало технологијата на лиење на метал. Треба да се напомене и дека на локалитетите се откриени сосема мал број метални алатки (помалку од десет на број) што укажува на фактот дека металот најверојатно не бил во поширока употреба во енеолитските населби во Македонија.[73] Оваа појава може да се должи и на претежно сондажниот карактер на ископувањата.

Во поглед на облиците и декоративните техники застапени во керамичката продукција, Шуплевец–Бакарно Гумно не се издвојува од основните карактеристики на керамиката во рамките на Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот, притоа покажувајќи најмногу сличности со поморавската Бубањ–Хум Ia. Локалните обележја на групата се манифестираат во фаворизирањето на одреден облик или орнамент, пр. топчестите садови со низок цилиндричен врат.

---

[72] Тодоровиќ Ј., Симоска Д., Китаноски Б.,1987

[73] Метални алатки се откриени на следниве локалитети: Могила,Сенокос; Крушеанска Чука; Кутлина, Велмеј;Трештена Стена,Чаниште и Тумба,Кравари

Типолошката анализа на материјалот укажува на фактот дека Бубањ–Хум Ia на територијата на Шуплевец–Бакарно Гумно ја среќаваме како веќе формирана појава и во некоја своја подоцнежна фаза. Тоа се потврдува со отсуството на Винчанските форми на садови кои се среќаваат многу често во нејзиниот ран развој (пр. плитките чинии со задебелено устие и декорирана внатрешност).[74] На територијата на Македонија практично и ги нема освен откриените два примерока на Скопското Кале и еден на Кале-Велес.[75] Честата појава на графитно сликана керамика на локалитетите во северна Македонија и практично отсуството на истата во Пелагонија, освен во најстарите слоеви на поедини населби, укажува на фактот дека оваа културна група е нешто помлада во однос на појавите северно од неа.[76] Тоа и не е така зачудувачки со оглед на географската оддалеченост од јадрото на Бубањ–Хум. Имено, овој тип декорација во рамките на комплексот се врзува за најраните слоеви на населбите од Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот, за потоа постепено да биде заменет со crusted боењето во неколку бои ( кое Берчиу го нарекува fresco).[77] Овој последниот е најчестиот тип на декорација кој се сретнува во Шуплевец–Бакарно Гумно групата, што е уште една потврда дека овие појави стасале до Пелагонија во својата зрела фаза.

Доколку на карта се обележат локалитетите на кои се пронајдени овој тип наоди, лесно може да се трасира рутата по која културните вредности на Бубањ–Салкуца–Криводол комплексот се ширеле на овој простор, користејќи ја природната комуникација јужното Поморавје-Жеглигово-долината на Пчиња-Скопската котлина-по долината на Вардар-долината на Црна Река и надолу сé до Пелагонија. Притоа, регионот на северна Македонија поради својата географска близина до најјужните точки на Бубањ културата имал можност прв да биде изложен на културните елементи и тоа во пораната фаза на културата Бубањ–Хум Ia. Тврдењето го поткрепуваат и некои наоди од Скопската Тврдина и Кале-Велес кои своите најблиски аналогии ги имаат во наодите од јужното Поморавје и

---

[74] Гарашанин М.,1983,бр.25,36

[75] Податокот за Скопско Кале се однесува на материјалот од истражувачката кампања во 2007 година; Јовчевска Т.,2008,TVII,3

[76] Графитно сликаната керамика се среќава само во најстарите слоеви на населбите на Бакарно Гумно и Крушеанска Чука

[77] Georgieva P.,2007

Косово, пр. биконичен сад со низок цилиндричен врат и држалки на рамото, декориран со вертикални канелури на рамото; пехарите на ниска конусна нога и плиток реципиент чии агли се споени со лачни држалки.[78] Интересно е да се забележи дека овие типови на садови не се среќаваат јужно од овие локалитети. Сликата ја комплетираат наодите од Костоперска Карпа кои покажуваат сличности со Скопското Кале и со Бубањ I.[79]

Сепак, мора да се напомене дека положбата на Скопското Кале и Кале-Велес одиграла клучна улога во формирањето на енеолитската култура на овие два локалитета. Имено, покрај блискоста со наодите по долината на Морава, на овие два локалитета е окриено мноштво наоди кои укажуваат на силен продор на енеолитските влијанија од исток, поточно по долината на Брегалница. Карактерот на наодите ги прави овие два локалитета да бидат поблиски со појавите источно од Вардар и ќе биде причината поради која истите ќе бидат третирани како дел од т.н. Брегалничка група на доцниот енеолит. Објавувањето на наодите од систематските археолошки истражувања на Скопската Тврдина се очекува да фрли повеќе светло врз комплексниот сооднос на овие два елементи на доцноенеолитската култура од овој регион.

Култната пластика можеби претставува оној сегмент од материјалната култура на Шуплевец–Бакарно Гумно во кој во најголема мера се огледаат локалните обележја на групата. Кај фигурините се јавува отвор за всадување на главата, под влијаније на Рахмани; потоа се појавуваат и седечки фигурини кои може да бидат поставени на столче со четири ногарки; стоечките фигурини, кои на север се декорирани со врежување на пубичниот триаголник, можат да бидат декорирани и со мноштво хоризонтални и коси линии поставени во групи од две линии (Крушеанска Чука, Шуплевец);  а се среќаваат и новитети во поглед на прикажување на рацете кои крилјасто се шират.

Карактерот на наодите на доцноенеолитската Шуплевец–Бакарно Гумно група посочува дека во рамките на истата може да се разликуваат најмалку две развојни фази.

---

[78] Tasić N.,1995,118; Јовчевска Т.,2008,ТХ,2;Гарашанин М.,1983,бр.16; Гарашанин М.,1983,бр.49
[79] Колиштркоска – Настева И.,1992

Постарата фаза се карактеризира со присуството на степски елементи во материјалната култура: декорацијата на керамиката со втиснување на намотан конец (Wickelschnur), една од карактеристиките на Чернавода I, потоа одредени типови на антропоморфна и зооморфна пластика, како и присуството на зооморфниот скиптар од Шуплевец. Аналогијата со наодите на далечниот североисточен дел од Балканот, ги сместува овие наоди во втората половина на IV милениум п.н.е.

Помладата фаза на Шуплевец–Бакарно Гумно бележи нов продор на степски елементи. Станува збор за наоди кои се поврзуваат со продорот на Чернавода III во екс-југословенското Подунавје и непосредното формирање на Коцофени во регионот на тромеѓето помеѓу Романија, Бугарија и Србија.[80] Истата се појавува во периодот на крајот на Баден и почетокот на Костолац.

Овие настани ќе резултираат со продорот на елементи од соседните балкански култури на север, поточно од Баден и Коцофени. Најдобра илустрација за овие продори на елементи од север имаме во наодите од на пр. Карамани каде е откриен сад кој несомнено припаѓа на класичната фаза на Баден културата (втората од трите фази во развојот на оваа култура).[81]

Во декорацијата на садовите во пелагонсиката група во оваа фаза преовладува боењето со сува пастозна боја. Се збогатуваат и орнаменталните шари изведувани со врежување, а се среќава и комбинација од врежани линии и убоди исполнети со бела инкрустација. Најблиските аналогии се наоѓаат во Бубањ-Хум II, кој одговара на Коцофени културата.[82]

Истражувањата во последните неколку години на локалитети од Мариово и Пелагонија ќе дадат материјал кој за првпат се среќава на територијата на Македонија и кој овој регион културно и хронолошки го врзуваат за културите од централен Балкан од крајот на средниот и почетокот на доцниот енеолит според централнобалканската хронологија. Станува збор за нови културни елементи кои пред сé се огледаат во керамичката продукција. Имено, на овие локалитети се откриени фрагменти керамика кои се декорирани со т.н. Furchenstich техника,

[80] Tasić N.,1979,124
[81] Митревски Д. (во печат); Tasić N.,1995,Pl. XVII,5; Тасић Н.,1986,T. VII,43,44
[82] Гарашанин М.,1971,12; Гарашанин М.,1983,14

дотогаш непозната за територијата на Македонија.[83] Станува збор за декоративна техника која се состои од браздесто врежување изведено со шилеста алатка. Истата е карактеристична за Костолачката култура која во средниот енеолит била распространета во српското, хрватското и унгарското Подунавје, а на југ стигала и до Моравската долина. Оваа култура се појавува како резултат на стабилизацијата на номадската Баден култура и промените во економијата кои ќе доведат до седечки тип на живот и враќање кон земјоделството. Furchenstich декорацијата е типична за подоцнежната фаза на Костолац кога носителите на културата ќе се движат кон север и кон исток. Овој период одговара на помладата фаза на Коцофени во која се забележува присуство на костолачки елементи. Долината на Морава вообичаено се смета како зона на мешање на овие две култури. Во прилог на ова тврдење оди и материјалот од Трештена Стена за кој најблиски аналогии наоѓаме токму во Поморавјето и на север се до Ѓердап (пештера Маре) и кои припаѓаат токму на оваа фаза на мешање на Коцофени и Костолац.[84] Хоризонтот Костолац-Коцофени се определува во рамките на периодот помеѓу 3100 и 2800 г.п.н.е.

Имајќи го сето ова во предвид можеме да кажеме дека помладата фаза на Шуплевец–Бакарно Гумно одговара на периодот од крајот на IV и почетокот на III милениум п.н.е

---

[83] Миткоски. А.,2010,71

[84] Капуран А.,Јевтић М.,Борић Д.,2007,111

# III. ИСТРАЖУВАНИ ЛОКАЛИТЕТИ ПО ДОЛИНАТА НА БРЕГАЛНИЦА

## 1. ГРАДИШТЕ, с. ГРАД, ДЕЛЧЕВО

### а. Опис на локалитетот

Локалитетот Градиште лежи на околу 12km југоисточно од градот Делчево. Поставен е на висок рид кој со својата доминантна положба се издига над североисточниот раб од селото Град. На врвот од самиот рид, на зарамнетото плато со димензии 200x300m лоцирано е доцноантичко и средновековно утврдување. Во текот на истражувањата во 2001 година на северното подградие кое е сместено на едно издолжено овално плато пронајдени се остатоци од најстариот хоризонт на живеење на тој простор-периодот на енеолитот (сл.9).



**Сл.9** Праисториската населба на Градиште-Град означена со стрелка, поглед од северната страна

Платотото на кое е поставена енеолитската населба кон североисток бележи постепен пад. Воедно ова е и единствената пристапна страна кон градиштето каде ридот терасесто се спушта кон рамницата. Сите останати, особено западната страна, со стрмен пад се спуштаат кон рамницата. Енеолитската населба лежи на плато кое е поставено на карпеста подлога која е доста оштетена од ерозивните процеси.

Пред самиот локалитет, од неговата југозападна страна, се протега широка рамница низ која тече река која понатаму кон запад се влева во Брегалница (сл.10). Рамницата е целосно покриена со обработлива површина. Во непосредна близина на населбата, кон север, се наоѓаат голем број поточиња кои се влеваат во една помала река. Тие и ден денес по поројните дождови и топењето на снегот од околните планински венци обилуваат со вода. Долинката на оваа рекичка воедно е и природната гранична линија помеѓу локалитетот и селото Град.



**Сл.10** Поглед од локалитетот Градиште-Град кон југозапад, во подножјето на Голак тече р. Брегалница

Од источната страна на градиштето теренот постепено се искачува по огранките на Влаина Планина.

Позицијата на населбата е таква што овозможува непречен развој на сточарството и земјоделството, главните стопански гранки на енеолитските населби во Македонија.

Во текот на енеолитот на овој простор не се живеело долго време за што сведочи и културниот слој во кој е констатиран еден слој на живеење.

## б. Основни резултати од археолошките истражувања

Како дел од овој пообемниот проект за археолошки истражувања на Делчевскиот регион, во 2001 година за прв пат беа спроведени сондажни истражувања и на локалитетот Градиште, с. Град.



**Сл.11** Поглед кон платото на кое лежи енеолитската населба

Иако во Археолошката карта овој локалитет е заведен како хеленистичко и доцноантичко утврдување, сепак при отворањето на сондите во северното подградие на градиштето беа откриени и праисториски хоризонти. Станува збор за енеолитска населба која се наоѓала на едно овално плато, сместено на пониска тераса која со карпи е одвоена од пристапната страна на самото градиште (сл.11).

Од самата населба откриени се делови од една куќа. Станува збор за надземно живеалиште со ѕидови од плитар. Ѕидните платна во најголем дел се добро сочувани поради тоа што куќата страдала од пожар кој ги испекол и на тој начин ги конзервирал. Куќата дополнително била оштетена и со подоцнежните упади на ѕидови од средниот век. Подот во куќата бил од набиена земја а внатрешноста била поделена со преградни ѕидови формирајќи на тој начин простори наменети за различни активности (сл.12).



**Сл.12** Енеолитски ѕидни платна

Покрај тоа, куќата имала и посебно издвоен дел кој најверојатно бил наменет за култните дејствија на нејзините сопственици. Станува збор за простор со правоаголна форма кој од останатите делови бил одделен со ниски парапетни ѕидови. Токму на вака оградениот простор откриени се фрагменти од керамички садови, животински коски, прешлени, кремени ножиња и една стилизирана антропоморфна фигурина (сл.13).



**Сл.13** Ритуално катче

Во неговата близина, сместена покрај јужниот дел од ѕидот на куќата пронајдена е подница (сл.14). Истата е изработена од глина и има облик на плитка чинија со големи димензии. Била користена за печење леб а доказ за нејзината долготрајна употреба е дебелиот слој пепел околу неа. Во непосредна близина е откриена и камена рачна мелница (сл.15).



**Сл.14** Подница за печење леб



**Сл.15** Камена рачна мелница во момент на откривање

Ваквиот внатрешен распоред на енеолитските куќи не е непознат за овие простори. Најблиски аналогии наоѓаме во Слатино кај Ќустендил каде во куќите од петте раноенеолитски хоризонти на живеење веднаш до печката се наоѓал просторот за мелење на житото.[85] Истиот во некои случаи бил ограден со ниски парапетни ѕидчиња во "П" или "Г" форма. Кон едниот од аглите на заградениот простор вградена била и камена рачна мелница. Истражените куќи во енеолитската населба во Овчарово, Трговиште пак го имале следниот распоред. Десно од влезот покрај ѕидот се наоѓала печката која имала двосливен покрив по углед на самите живеалишта.[86] По должината на напречниот ѕид наспроти влезот се наоѓала платформа на која бил нареден куќниот инвентар (керамика, орудија). До самата печка бил просторот одреден за култните дејствија во рамките на куќата. Тука најчесто се откриваат идолите и моделите на живеалишта. Посебно издвоени конструкции во форма на правоаголни "корита" се откриени и во куќа 4 од фаза II на локалитетот Дикили Таш.[87] "Коритата" се наоѓале во близина на печката во две од трите одделни простории на куќата. Фактот што во рамките на вака издвоениот простор биле пронајдени мноштво керамички садови упатува на мислењето дека

[85] Чохаджиев С.,2006,50
[86] Тодорова,1986,177
[87] Darsque P. and oth.,2007,254

истите биле поврзани со секојдневните активности и најверојатно служеле како ниски оградени платформи на кои бил поставуван инвентарот или пак биле користени за останатите кујнски активности. Сепак треба да се напомене дека дистрибуцијата на керамички материјал не била ограничена само на овој простор од куќата. Овие конструкции се премногу ниски за да бидат користени како мелници или платформи за подготовка на леб.

Во Македонија аналогии наоѓаме во распоредот на Куќа I и II од Велешкото Кале која со со преграден ѕид била поделена на две простории. Помалата просторија имала апсидална форма а карактерот на наодите кои биле откриени во неа укажува дека станувало збор за простор кој бил користен за духовни потреби. [88] Издвојување на простор со посебна намена е документиран и во Врањак, Варвара каде со ископувањето е констатирана платформа од лепеж која била издигната од подот на куќата.[89]

Присуството на утилитарни и култни предмети на исто, посебно заградено место, не упатува на размислувањето дека можеби одредените делови од куќата како и куќниот инвентар кои биле користени во секојдневието, во посебни прилики добивале култно значење. Инаку од литаратурата е познато дека секојдневните активности како печењето леб, ткаењето итн. во посебни пригоди добивале магиска моќ и биле вклучувани во ритуалните обреди.[90] Близината на подницата која била користена за печење леб и значењето на оваа активност во култовите на плодноста (лебот како симбол на живот, плодност, здравје и благосостојба) како и големото присуство на животински коски (поврзани со ритуалот на жртвување) уште повеќе говори во корист на издвојувањето на ова катче во простор каде во посебни пригоди биле вршени разни обреди од страна на членовите на фамилијата.

Од гореизнесеното произлегува дека во однос на внатрешниот распоред на енеолитските живеалишта несомнено станува збор за истата појава која се среќава во рамките на комплексот Дикили Таш-Слатино. За жал упадите на средновековните ѕидови веднаш до источната страна на подницата и структурата

[88] Јовчевска Т.,2008,11
[89] Видески З.,2005
[90] Gimbutas M.,2001,73

одвоена со парапетни ѕидови оневозможуваат утврдување на некои понатамошни аналогии.

Во рамките на куќата е откриена завидна количина керамички материјал (фрагменти од садови како и целосни садови), кремени и камени орудија и фрагмент од фигурина.

## в. Подвижни наоди

Од мноштвото садови и фрагменти сепак можат да се издвојат неколку основни форми кои го сочинувале керамичкиот инвентар на енеолитската населба. Истите се среќаваат во различни димензии и се одликуваат со сосема мали варијации на основната форма. Најголем дел од садовите, дури и оние со поголеми димензии, се изработени од добро пречистена глина и грижливо измазнети површини. Бојата е претежно кафеаво-портокалова.

### в.1. Чинии

Најголем број типолошки определени садови припаѓаат на чиниите. Застапени се следните типови чинии.

#### Конусни чинии

Конусните чинии со вовлечено или рамно устие се една од најзастапените форми во енеолитската керамографија. Најчесто се со помали димензии и фина фактура а дијаметарот на устието е поголем од висината на самиот сад. Овој тип чинии можат да имаат и држалки, како кај еден примерок кој има вовлечено устие под кое се поставени две хоризонтално продупчени држалки. Конусните чинии со вовлечено устие се една од главните карактеристики на керамиката на Бубањ-Салкуца-Криводол културниот комплекс. Ги наоѓаме на сите наоѓалишта во рамките на комплексот и застапени се во сите негови развојни фази. Се среќаваат во многубројни варијанти во однос на начинот на декорација (канелури и брадавичести испусти на устието, графитно и crusted сликање) така и во употребата на држалки. Претежно припаѓаат на групата садови со фина фактура и грижливо обработена површина. Оваа форма е една од главните особини и на локалната

Шуплевец-Бакарно Гумно група каде разликува многу поттипови. Најблиски аналогии наоѓаме во материјалот од Пилаво; Богослов Камен; Врањак, Варвара; Скопската Тврдина. Обидувајќи се да најдеме аналогии на исток, во рамките на Дикили Таш-Слатино комплексот, забележуваме дека истата отсуствува во регионот на Долна Струма. Во рамките на Слатино слична форма наоѓаме во садот со код 2.3.5 кој припаѓа на формите кои поретко се среќаваат на локалитетот. Можеме да заклучиме дека овој сад како форма се врзува за Бубањ-Салкуца-Криводол.

Интересен е и примерокот на конусна чинија со широко отворено устие каде на хоризонтално пластично ребро се поставени три рогчести држалки кои се свртени надолу (Т.I,1). Површината на садот е мазнета до умерен сјај а ѕидовите се малку подебели отколку кај останатите примероци. Како форма за првпат се сретнува на територијата на Македонија. Најблиска аналогија наоѓаме во примерокот од III фаза на Градешница.[91] Како форма своето потекло го води од пехарите на висока конусна нога чиј реципиент е со скоро идентичен изглед, единствената разлика е што рогчестите испусти се сместени под реброто и се типични за Градешница I.[92] Како форма се среќава и во втората фаза на културата.[93] Идентичен на садот од Град е и примерокот од Деветашката Пештера, кој припаѓа на втората фаза на Бубањ-Салкуца-Криводол.[94] Неговата појава во раните фази на овој комплекс се врзува за силното влијание кое Градешница го одиграла во неговото формирање.

Посебно се издвојува и еден примерок на плитка, широко отворена чинија со задебелено устие чија внатрешност е декорирана со линеарен графитен орнамент (Т.I,2). Овој тип садови за првпат на централно балканското подрачје се појавуваат во текот на градачката фаза на винчанската култура и претставува едно од нејзините главни обележја. На локалитетот Винча стратиграфски е врзан за длабочината од околу 7,5 m и го означува почетокот на Винча С.[95] Документирани се и на неколку други локалитети на територијата на винчанската култура

---

[91] Николов Б.,1974,бр.81
[92] Тодорова,1986,121
[93] Николов Б.,1974,бр.71
[94] Georgieva P.,1990,fig. I,2
[95] Bogdanović M.,2002

(Плочник III, Беловоде Д, Павловац, Витошевац) и тоа секогаш во хоризонтите кои одговараат на градачката фаза. На локалитетот Плочник овој тип садови се среќаваат уште во хоризонтите I и II, кои одговараат на Винча-Тордош II, што несомнено укажува дека како облик своите корени ги влече од доцнонеолитскиот керамички репертоар на винчанската култура.[96] Сепак треба да се напомене дека во текот на доцниот неолит како облик е сосема малку процентуално застапен, за разлика од раниот енеолит кога важи како еден од носителите на стилот. Она што е карактеристично за овој тип садови во рамките на винчанската култура е декорацијата на устието со плитки канелури – канелирањето всушност е и најрепрезентативната декоративна техника во винчанската керамографија. Дека како облик не бил непознат и во останатите доцнонеолитски култури на Балканот потврдуваат и примероците од Ситагри I. Подоцна, со воспоставувањето на новите раноенеолитски културни вредности (според централнобалканската хронологија) плитката чинија со задебелено устие и декорирана внатрешност ќе стане едно од главните обележја на Бубањ-Салкуца-Криводол културниот комплекс уште од неговите најрани фази. Новината ќе се однесува на декорирањето со графитно сликање. Ако побараме паралели на пошироката територија која овој комплекс ја зафаќа ќе забележиме дека иако ваквиот тип садови како облик се среќаваат во Бубањ-Хум Ia и Салкуца I, сепак само еден од документираните примероци е сликан со графит (од локалитетот Бубањ).[97] Декорацијата кај овие примероци најчесто е изведена со канелирање или со crusted боење, што соодветствува на нивната хронолошка определба во покасните фази на Бубањ-Салкуца-Криводол. На територијата на Р. Македонија најблиски аналогии наоѓаме во двата примерока од Скопската Тврдина и еден од Кале-Велес.[98]

**Биконусни чинии**

Вториот тип чинии кои се среќаваат се биконусните чинии чие устие може да биде рамно или благо извлечено нанадвор.

---

[96] Šljivar D.,1996

[97] Гарашанин М.,1983,25

[98] Станува збор за фрагметирани чинии декорирани со графитно сликање откриени за време на истражувачката кампања на Скопско Кале во 2007 година; Јовчевска Т.,2008,Т.VII,3

### в.2. Биконусни садови со цилиндричен врат

Овој тип садови ги карактеризира широк елипсовиден стомак и низок цилиндричен врат кој е мазнет до умерен сјај (Т.I,3). Површината на стомакот може да биде со рапава површина или пак да биде украсена со барботин. На стомакот правилно се распоредени две брадавичести и две вертикално поставени лентести држалки. Отсуството на траги од горење говори дека овој сад најверојатно служел за складирање храна.

Идентични примероци се пронајдени на Костоперска Карпа,[99] како и на Кале, Велес.[100] Овој тип садови претставуваат една од најчесто застапените форми во Бубањ-Салкуца-Криводол. Декорацијата, доколку ја има, е изведена со канелури (пр.Салкуца II а[101] или Криводол[102]) и/или брадавичести апликации. Украсувањето со барботин како и организацијата на држалките кај примероците од Македонија, се најверојатно локална манифестација.

Овој облик по се изгледа бил една од поомилените форми на садови на праисторискиот мајстор керамичар на Градиште, така што се среќава и со нешто поголеми димензии и погруба фактура. Разликата се состои во едниот пар држалки кои наместо лентести, кај овој примерок се вертикално поставени јазичести држалки (Т.I,4).

### в.3. Биконусни садови со вертикални држалки

Оваа група садови постои во два основни поттипа: амфора и кантаровиден сад.

**Амфора**

Овој тип садови ги карактеризира големо тело, каде дијаметарот на телото е приближно еднаков на висината на садот, како и остриот пад во просторот помеѓу рамото и дното на садот (Т.II,1). Најширокиот дел од садот има овален пресек. Се одликува со одлично измазнета површина и две вертикални држалки кои одат од

[99] Колиштркоска-Настева И.,1993,147
[100] Јовчевска Т.,2008,Т.II,3
[101] Bercіu D.,1961,fig.95/4
[102] Ганецовки Г.,2007,обр.16

устието на садот и завршуваат на најистакнатиот дел на садот. Површината на садот е декорирана со линеарен графитен орнамент. Станува збор за снопови од паралелни линии кои формираат спирала составена од трака од четири потенки линии, поставена на најширокиот дел од садот. Вратот е декориран со три хоризонтални полиња а во секое од нив се сместени по четири линии кои на краевите се споени. Држалките на садот се исто така насликани со тенки линии организирани во полиња.

Садовите од овој тип претставуваат една од најкарактеристичните керамички облици на енеолитот во западна Бугарија која се среќава уште од неговите најрани фази. Аналогии наоѓаме во Слатино каде садовите од овој тип припаѓаат на група 6 во типологијата на формите застапени на овој локалитет според Чохациев.[103] Оваа група разликува девет поттипови од кои примерокот од Град одговара на кодот 6.1.3. Поголемиот дел од оваа група садови се богато декорирани со графит како една од особеностите на раноенеолитската керамика од Слатино. Станува збор за позитивен линеарен орнамент. Барајќи аналогија на мотивите кои се среќаваат на садовите од Делчево забележуваме дека станува збор за декорацијата со код 22.2. Овој код опфаќа декорации изведени со група од четири паралелни линии кои формираат различни комбинации при изведбата на орнаментот. Декорациите изведени на ваков начин ја покриваат горната половина на садовите, што во потполност одговара на споменатиот сад. Меѓутоа, директни аналогии во однос на декорацијата на садот од Делчево во материјалот од Слатино не наоѓаме.

Понатаму на југ сличности во поглед на формата на садот се забележуваат и во садовите со код C1.2 од Дикили Таш II.[104] Садовите од наведената група се декорирани речиси исклучиво со графитно сликање. Сепак, треба да се напомене дека постои одредена разлика во однос на самиот облик, кој во Дикили Таш е нешто позаоблен, како и во фактот дека спиралата не се сретнува често како орнамент-опфаќа само 2,3% од вкупниот број графитно сликана керамика.[105] Дека

[103] Чохаджиев С.,2006,24
[104] BCH supl.37,2004, planche 98, hor. VIII, inv. 11167
[105] BCH supl.37,2004,203

овој облик бил популарен по течението на Струма говорат и примероците од Крионери, во долното течение на реката.[106]

Сепак, најблиска аналогија на амфората од Делчево наоѓаме во Пекљук.[107] Овде ја среќаваме идентичната организација на линеарниот графитен орнамент. Садот од Пекљук припаѓа на фазата Протокриводол. Аналогии во однос на декорацијата наоѓаме и во еден примерок од Кракра кај Перник кој од примерокот од Град се разликува само во организацијата на декорацијата на вратот од садот.[108] Наодите од овој локалитет припаѓаат на втората фаза од Бубањ-Салкуца-Криводол.

**Кантаровидни садови**

Станува збор за т.н. пехари кои се карактеризираат со “S” профилација и две вертикални држалки кои не го надвисуваат устието (Т.II,2). Декорацијата е изведена во две полиња. Долното поле го опфаќа рамото на садот и е составено од коси паралелни траки кои се формирани од три паралени линии. На средината на садот поминува една празна трака која е обрабена со по една линија и е во спротивен правец од останатите траки. Вратот на садот е немарно декориран и остава впечаток дека мајсторот сликањето го извел набрзина и не му посветил доволно внимание. Линиите прекинуваат, има поправки на веќе насликаните линии. Декорацијата се состои од паралелно поставени хоризонтални линии, организирани во три групи. Секоја група е составена од по три линии кои се исцртани по целата ширина на вратот. Само линиите од средната трака прекинуваат во центарот, притоа формирајќи два полукруга. Држалките на садот се исто така декорирани и тоа со тенки хоризонтални линии, организирани во групи од по три линии.

Кантаровидните садови, уште наречени и пехари, се една од најзастапените форми во енеолитските култури на Балканот. Се среќаваат уште од раниот енеолит во Слатино (каде одговараат на кодот 6.1.5 според типологијата на Чохаџиев) и Градешница, за потоа да станат една од главните одлики на Бубањ-Салкуца-Криводол комплексот. Разликите се однесуваат во однос на декорацијата. Во

[106] Malamidou D.,2007,303,fig. 13
[107] Georgieva P.,1990,fig. I,12
[108] Радунчева А.,1981,обр.9.6; Тодорова, 1986,85,рис.17

Градешница овој тип садови се претежно недекорирани, во Слатино се скоро секогаш декорирани со графитно сликање, а во Бубањ-Салкуца-Криводол најчесто се декорирани со канелури, а поретко со врежување и убоди. Графитното сликање на пехарите во Бубањ-Салкуца-Криводол никогаш не стои самостојно како декоративна техника, туку е секогаш во комбинација со останатите техники на украсување.

Во однос на декорацијата, особено во горниот дел на садот, идентичен е примерот од Градешница II.[109]

### в.4. Аскос

Станува збор за модифицирана форма на познатата неолитска традиција. Садот е со хоризонтална положба и косо поставен врат и устие (Т.II,3). Телото е извиено на тој начин што садот добива птичовидна форма. Вертикално поставената држалка поаѓа под устието и завршува кај задниот дел од садот.

Обликот на овој сад своите корени ги влече уште во доцниот неолит каде за прв пат се сретнува хоризонталната поставеност на телото, косиот врат, устието кое е отворени под кос агол и вертикалната држалка. Станува збор за Тополница фаза II.[110]

Барајќи аналогии во поглед на формата истите ги наоѓаме и во Слатино. Примерокот од Град одговара на формата со код 9.1.2 од Слатино. Овој тип садови се типични за горните хоризонти на Слатино, каде што најчесто се среќаваат со графитен орнамент.[111]

### в.5. Крушковидни садови

И овој облик на сад се одликува со фина фактура и добро измазнета површина. Телото е со крушковидна форма, вратот е висок и коничен а устието е рамно (Т.II,4). На рамото се поставени хоризонтални држалки.

---

109 Николов Б.,1974,рис.50
110 Vajsov I.,2007,111,fig.21B,9
111 Чохаджиев С.,2006,обр.138

### в.6. Топчести садови

Голем дел од пронајдените фрагменти се од топчести садови за кои за жал не постоеја доволно параметри за да се реконструира целиот изглед. Сепак, сочуван е еден фрагметиран ваков сад на кој му недостасува вратот и устието. На рамото се поставени две лисичести држалки а стомакот е декориран со импресо (Т.II,5).

Од сочуваните фрагменти може да се заклучи дека овој тип садови најчесто имал хоризонтално продупчени држалки.

### в.7. Амфора

Сочувана е амфора со крушковиден облик изработена од релативно добро прочистена глина. Под рамото има две вертикално поставени лентести држалки а над рамото се наоѓа една јазичеста апликација (Т.III,1).

### в.8. Пехар

Меѓу многубројните фрагменти сочувана е и висока конусна нога од пехар (Т.III,2). Од фрагментот не можат да се изведат повеќе податоци за аналогии.

* * *

Покрај основната типолошка определба на керамиката од Градиште – Град, значаен белег преставуваат и различните видови држалки и декорација.

## Држалки

Значителен број од садовите и фрагментите од Градиште, Град имаат држалки. Притоа застапени се неколку типови држалки:

***-Лентести држалки***

Овој тип држалки се сретнува пред сé кај амфорите и кантаровидните садови. Најчесто се вертикално поставени и со елипсовиден пресек. Се разликуваат во однос на димензиите и нивната поставеност на самиот сад-на устието на садот или на неговиот најистакнат дел. Од сите типови држалки, само лентестите можат да бидат графитно сликани (ТIII,5).

***-Брадавичести држалки***

Се среќаваат кај садовите со широк елипсовиден стомак и цилиндричен врат. Во комбинација одат со следниот тип држалки.

***-Јазичести држалки***

Кај садовите со широк елипсовиден стомак и цилиндричен врат одат во комбинација со претходниот тип. Се среќаваат и кај амфорите.

***-Лисичести држалки***

Станува збор за вертикални лентести држалки кои се прекршуваат под остар агол(Т.III,7). Се среќаваат најчесто кај топчестите садови. Во Слатино аналогни се на држалките од типот 1.4.

***-Вертикално продупчени држалки***

Овој тип држалки се среќава кај топчестите садови каде на најширокиот дел од садот се наоѓа испакнување кое е вертикално продупчено (ТШ,4).

***-Рогчести држалки***

Овој тип држалки се среќаваат кај конусната чинија со пластично ребро.

## Декорација

Кај садовите од Град се среќаваат неколку видови декорација. Типологијата е изведена врз основа на техниката на изведба.

***1. Сликање со графит***

Се среќава кај керамиката со фина фактура и убаво измазнета површина. Сликаниот орнамент ја покрива поголемата површина од садот, вклучувајќи ги и држалките. Станува збор за линеарен позитивен орнамент изведен со тенки линии. Тенките линии користени за изведбата на графитните мотиви се карактеристични за крајот на раниот енеолит. Најблиски аналогии наоѓаме во Слатино (тип 22.2), Градешница, Пекљук и Кракра.

***2. Импресо***

Оваа група содржи мотиви изведени со набодување со нокт. Станува збор за хоризонтални, вертикални и коси редови од набодувања (Т.IV,1-2). Особено се издвојува топчестиот сад чија површина сé до рамото е прекриена со хоризонтални редови исполнети со отисоци од нокти. Кај еден фрагмент се забележува

комбинација на оваа декоративна техника со техниката на врежување (T.IV,4). Имено, со врежување се изведени коси линии кои зракасто се ширaт притоа формирајќи зони кои се исполнети со отисоци од нокти.

*3. Канелирање*

Станува збор за плитки и тесни канелури кои го покриваат стомакот на садот. Можат да бидат коси и вертикални (T.III,8).

*4. Барботин*

Се среќава кај садовите со широк елипсовиден стомак и цилиндричен врат. Разводенетата глина била ставана врз садот пред печењето и потоа преку сеуште влажната површина била направени повлаки со прсти.

*5. Втиснување*

На неколку фрагменти од садовите се забележуваат траки изведени со отисоци од прсти (T.IV,3).

Освен сликањето со графит, сите останати декоративни техники се среќаваат уште од неолитот на овие простори.

## в.9. Прешлени (T.V,1)

Прешлените се повеќето со слични димензии, а во пресекот се најчесто се најчесто биконични. На ниту еден од примероците не е констатирана декорација.

## в.10.Пластика

На локалитетот Градиште, Град откриени се две фигурини. Првата фигурина е пронајдена во рамките на посебно издвоениот дел од куќата. Станува збор за стилизирана антропоморфна фигурина (T.IV,5). Фигурината има столбесто тело, рацете се изведени во вид на чкунки а долниот дел е конусно извлечен во вид на постамент и на тој начин овозможува фигурината да стои исправено. Пределот на лицето е оштетен а главата е триаглесто изведена. Стомакот е благо нагласен. Овој тип фигурини своите корени ги влече уште од доцниот неолит на еден поширок простор на Балканот кога во пластиката се согледува тенденција за постепена стилизација на антропоморфните фигурини. Слични примери се среќаваат во

Винча-Тордош I (особено во косовската варијанта на културата која е богата со пластика),[112] Зелениково II[113] како и Тополница-Акропотамос.[114] Разликата се состои во изведбата на лицето каде носот е пластично изведен а очите се врежани. Оштетеноста на фигурината од Град ги оневозможува понатамошните аналогии. Овој тип фигурини се реткост на раноенеолитските наоѓалишта, како на пример на Слатино каде среќаваме идентичен пример од хоризонт 4 (Слатино II).[115]

Вториот примерок е фрагметирана женска фигурина во полуседечка положба (T.IV,6). Ноозете се откршени, струкот е тенок а горниот дел од телото е откршен-сочувана е само до половината. Површината на фигурината е богато декорирана со врежување во комбинација со убоди. Врежани се неколку мотиви-кругови, двојни спирали на задникот, меандер во долниот дел на грбот, како и бројни коси линии. Најблиски аналогии наоѓаме во Пилаво, Спанчево, Цареви Кули, Слатино,[116] Ситагри III[117] и Градешница III.[118] Мотивот на двојна спирала е мошне редок кај фигурините од овој тип. Овој тип фигурини подетално ќе биде обработен во поглавјата кои се однесуваат на материјалот од Пилаво и Спанчево, каде истите се среќаваат во голем број.

### в.11. Алатки

Во текот на ископувањата на Град, откриени се орудија од кремен, камен и коска.

**- Камени алатки**

*1. Секира* (T.V,2)

Станува збор за плосната мазнета камена алатка чие сечиво се наоѓа во рамнината на симетрија. По форма е јазичеста а сечивото е лачно. Овој тип алатка бил користен за сечење дрвја. Во употреба е уште од периодот на неолитот.

*2. Тесла* (T.V,2)

Кај оваа камена алатка сечивото се наоѓа надвор од рамнината на симетрија.

[112] PJZ II,1979,T.XXXI,3a
[113] PJZ II,1979,T.XXXVII,4
[114] Тодорова,1993,197,рис.176,4
[115] Чохаджиев С.,2006,обр.173,3
[116] Чохаджиев С.,2006,обр.183,2
[117] Reinfrew C.,Gimbutas M., Elster E., 1986,pl. LII,1
[118] Николов Б.,1974, рис.97

Површината е мазнета. По форма е трапезоидна и била користена за длабење дрво. Во употреба е уште од неолитот.

*3. Рачна мелница*

Еден од најчестите наоди во рамките на населбите уште од периодот на неолитот. По форма е овална и изработена е од компактен ситнозрнест песочник.

**- Кремени алатки**

Покрај неколкуте одбитоци на кои не се забележуваат траги од ретуш, откриени се следниве кремени алатки-неретуширано сечиво, ретуширано сечиво (T.V,3), стругало (T.V,4) и длето (T.V,5).

**- Алатки од коска**

Алатките се со полукружна форма и мазнета површина (T.V,6-7). Користени биле за мазнење на површината на керамиката и за декорирање. Иако краевите кај сите три примероци се откршени, сепак најверојатно истите завршувале со остар врв кој бил користен при украсувањето на садовите. Овој тип алатки се познати уште од неолитот.

## г. Културна и хронолошка определба

На крајот од овој преглед на манифестациите на материјалната култура на локалитетот Градиште, с. Град можеме да заклучиме дека населбата во Град била основана кон крајот на раниот енеолит и почетокот на доцниот енеолит. Всушност слободно може да се каже дека Град претставува илустрација за преминот од раниот во доцниот енеолит за што говори и фактот што покрај елементите карактеристични за првата и втората фаза на доцноенеолитскиот Бубањ-Салкуца-Криводол комплекс, сеуште се среќаваат и одредени манифестации во керамиката (пр. конусната чинија со рогчести држалки) кои се карактеристични за последните две фази на раноенеолитската Градешница, како и одредени доцнонеолитски традиции чиј опстанок најверојатно се должи на конзервативноста на регионот. Ова појава не е за изненадување, со оглед на фактот дека Градешница лежи во основата на формирањето на подоцнежниот Бубањ-Салкуца-Криводол комплекс.

# ИЛУСТРАЦИИ

*-Градиште, Град*

**T. I**



1



2





3

4

**T. II**



1



2



3



4



5

**T.III**


1


2


3


4


5


6


7


8



5



6

T. IV



1



2



3



4

T.V



# 2. СВ. АТАНАС, с. СПАНЧЕВО, КОЧАНИ

## а. Опис на локалитетот

Локалитетот Св. Атанасиј се наоѓа во селото Спанчево, на околу 7 km оддалеченост од Кочани. Поставен е на блага падина во источната периферија на самото село, на надморска височина од 389m во подножјето на Осоговските планини. Падината е лесно пристапна од сите четири страни, особено од источната каде се отвора кон широката обработлива површина. Југоисточно се наоѓа течението на Брегалница.



**Сл.16** Поглед на енеолитското светилиште во Спанчево од источната страна

Во непосредна близина се наоѓа и рудникот на неметали (ахат, опал и кацедон) како мошне богат извор за локално снабдување со суровини за изработка на алатки.

Местоположбата меѓудругото овозможува и одлична прегледност на околниот терен. Од височинката јасно се гледа Кочанското, Виничкото и Штипското Поле.

На околу 1km оддалеченост по воздушна линија се наоѓа населбата Пилаво, с. Бурилчево со која локалитетот Св. Атанас е во визуелна комуникација (сл.17). Во далечината се насетуваат контурите и на Виничкото Кале каде најстарите хоризонти на живеење датирааат токму од периодот на енеолитот.



**Сл.17** Поглед кон Пилаво, Бурилчево од јужната падина на локалитетот Св. Атанас, Спанчево

Археолошките истражувања на овој локалитет кои во помали размери се одвиваат почнувајќи од 2008 година, укажуваат на фактот дека јадрото на светлилиштето се наоѓало на јужната и источната страна. Најголемата концентрација на култна пластика и керамички фрагменти има на источната падина. На јужната падина пак, откриен е дел од култен објект со кружна основа.

## б. Основни резултати од археолошките истражувања

Едно случајно заорување со трактор во 2008 година на нивата која се наоѓа на педесетина метри од манастирот Свети Атанас кај селото Спанчево, на светлина го исфрли можеби еден од најинтересните праисториски локалитети во Македонија. Тракторските плугови ископаа неколку фигурини што беше предизвик археолозите да се започнат со истражување на тој дотогаш непознат локалитет.

Оттогаш па навака на овој значаен локалитет вршени се ископувања во неколку наврати. Во јуни 2008 година од страна на музејската колекција при библиотеката во Кочани беа реализирани прелиминарните сондажни ископувања со цел утврдување на карактерот на локалитетот. Во текот на истата година, овојпат реализирано од Музеј на Македонија, беше реализирано уште едно сондажно ископување. Истражувањата ќе продолжат и во наредните две години, во организација на музејската збирка од Кочани.[119]

Досегашните истражувања се сконцентрирани на две локации т.н. Северен и Јужен сектор. Поделбата по сектори е извршена во однос на црквата Св. Атанас.

Ископувањата започнаа во Северниот сектор со цел утврдување на стратиграфијата. На самиот терен се наоѓа група од правилно поставени квадратни и кружни основи. Истите се поставени директно врз природната карпа преку која е нанесен премаз од глина. Димензиите на овие “конструкции” се помеѓу 3 и 4m. Ерозијата на земјиштето допринела истите да бидат видливи на површината.

За жал и покрај изобилство движен материјал (фрагменти од керамички садови, фигурини, култни масички, модели на печки, камени и кремени орудија, накит од спондилус), поради плиткоста на културниот хоризонт истите во текот на долгогодишната обработка на земјиштето се изместени од својот археолошки контекст. Концентрацијата на материјалот е најголема во источниот дел на секторот. Длабочината на културниот хоризонт овде изнесува од 15 до 100cm што укажува на можноста погорниот хоризонт да бил свлечен надолу од ерозија.

[119] Ја користам оваа прилика да се заблагодарам на Музеј на Македонија (м-р Перо Јосифовски-програмски директор) и на Илинка Атанасова од Музејската збирка при библиотеката во Кочани која несебично ми отстапи дел од материјалот од локалитетот Св. Атанасиј, како и дозвола за користење на текстот “Antropomorphic cult plastic from the eneolithic sanctuary near village Spanchevo, Kochani” даден за печатење

Наодите од овој (постар) хоризонт се откриени врз слој од жолта глина кој бил користен за нивелирање на карпестата подлога. Истите најчесто се поставувани во култни јами вкопани во самата карпа. Карпата е мека и оди до длабочина од 1,2m.

Во Јужниот сектор откриен е култен објект со кружна основа и дијаметар од 18m (сл.18). Со досегашниот степен на истражувањата откриен е целиот јужен прстен на објектот. Култниот објект исто така е поставен директно на карпата која претходно била нивелирана со жолта глина. Опкружен е со венец од аморфни камења со ширина до 1m.



**Сл.18** Јужен сектор-кружен објект

Движниот материјал кој е пронајден во рамките на овој објект е идентичен на материјалите откриени во Северниот сектор. И овде културниот хоризонт е мошне плиток. Во централниот дел на објектот, на длабочина од само 10cm, во слој исполнет со гареж и животински коски откриена е голема концентрација на

керамика која била намерно кршена . Станува збор за садови со дебели ѕидови кои биле декорирани со врежување. Под овој слој се наоѓа слојот на нивелација со жолта глина. Во одредени делови на објектот врз жолтата глина се открива слој од неправилно обликувани камења врз кој следи слојот со движен материјал. Ваква ситуација е забележана и на неколку места во Северниот сектор. Интересно е што култната пластика која е откриена in situ во Јужниот сектор е наоѓана поставена со главата надолу или со лицето свртено кон земјата.

Во двата сектора, и северен и јужен, откриено е големо количество на животински коски. Животинските коски во културниот слој се наоѓаат измешани со останатиот движен материјал. Се очекува дека стручната обработка на остеолошкиот материјал да даде повеќе информации за тоа за кои видови на животни станува збор, како и за тоа дали станува збор за ритуално жртвување на животните како дел од култните дејствија. Можеме само да претпоставиме дека овде се одвивале и некаков вид гозби (ритуално конзумирање на храна), како дел од церемониите кои биле изведувани.

Траги од колци засега не се откриени во ниту еден од секторите. Сепак, на локалитетот постоела некаква лесна конструкција, на што укажуваат пронајдените грутки лепеж и траги од горење.

Местоположбата на локалитетот, карактеристичните интервенции на просторот, големата концентрација на пластика и жртвеници, фрагментацијата (очигледно извршена со намера) на керамиката и пластиката, како и отсуството на станбена ахитектура упатуваат на заклучокот дека станува збор за култен простор каде луѓето од околните населби доаѓале да вршат разни ритуални дејствија. Со оглед на фактот дека истражувањата на овој локалитет не се сеуште завршени и дека ваквата определба можеби ќе се чини како избрзана, сепак Св. Атанас во понатамошниот текст ќе биде третиран како светилиште од енеолитскиот период.

Покрај бројните орудија изработени од кремен и камен, во Спанчево откриени се и остатоци од згура. Ова укажува дека енеолитското население кое го користело ова светилиште ја познавало методата на обработка на металот. Дали овде, освен светилиште, имало и населба, ќе треба дополнително да се утврдува.

Барајќи аналогии за појавите кои се среќаваат во Спанчево забележуваме дека станува збор за единствена појава од периодот на енеолитот како во Македонија, така и на Балканот. Светилиште од ваков тип досега не е документирано на ниту едно енеолитско наоѓалиште на Балканот.

Отсуството на енеолитски светилишта се објаснува со мислењето дека најверојатно истите се наоѓале во рамките на самата населба и биле градени на ист начин како и обичните живеалишта, па поради тоа е мошне тешко да бидат воочени при истражувањата. Впрочем таа појава е добро позната уште од периодот на неолитот, пр. Светилиштето во Маџари. Сепак, мора да се напомене дека доколку ова тврдење е вистинито тогаш инвентарот, а и внатрешното уредување на претпоставеното светилиште, во многу би се разликувал од обичните куќи. Потврда за тоа се и неолитските светилишта. Многу поверојатно е дека во текот на енеолитот биле практикувани обреди кои биле вршени во рамките на домот и во нив учествувале членовите на фамилијата.[120] Во прилог на ова тврдење се и пронајдените засебно издвоени простори во енеолитските куќи во кои најчесто се пронаоѓаат и фигурините и моделите на куќи и печки.[121]

На поширокиот простор на Балканот светилишта од периодот на енеолитот се среќаваат во регионот на Источните Родопи-Лопките и Беленташ во близина на Асеновград; Кабиле, с. Јамбол; Перперикон, Татул и ред други. Станува збор за т.н. скалести светилишта сместени на високи камени тераси, на места каде што планинските гребени формирале круг во чиј центар се наоѓало самото светилиште. Притоа пукнатините во карпите биле користени за оставање на дарови. Скалестите светилишта имаат неколку елементи-скалести ниши, басени, пештери, столбови, олтари и тронови. Градени се на таков начин што не постојат две идентични светилишта. Најраните фази на овие култни центри се од крајот на енеолитот, а ќе продолжат да бидат употребувани и во текот на бронзеното и железното време.

Слични појави на територијата на Македонија се откриени на локалитетите Пелинце и Татиќев Камен во близина на Куманово, како и Цоцев Камен во близина

[120] Тодорова Х.,1986,203
[121] Стр. 54

на Кратово.[122] Станува збор за планински светилишта, најпознати во литературата по бројните примери од Крит.

Во недостиг на аналогни појави во енеолитот на еден поширок простор, ќе се обидеме да извлечеме паралели со овие бронзенодопски светилишта. Сличностите со Спанчево се во неколку елементи.

Најнапред тоа е изборот на локацијата на светилиштето. Вообичаено се поставени на сртовите од повисоките планини низ Крит. Секое светилиште било тесно поврзано со околината, а планината била бирана поради својата доминантна положба над околниот терен. При бирањето на локацијата не било најважно таа да биде на највисоката точка, туку истата да биде видлива од долината подоле. Исто така значајно било од светилиштето да бидат видливи сите локални населби.[123] Токму таква е ситуацијата и со Спанчево, чија локација се чини е внимателно избрана поради одличната прегледност над целиот околен терен и населби.

Потоа сличности има и во поглед на принесувањето на даровите. Истите покрај во јами вкопани во карпестата подлога (Татиќев Камен, Пелинце), биле полагани и во рамки на кружни конструкции (Татиќев Камен). Овие конструкции биле оградени со камен со најразлични димензии. Вакви кружни камени конструкции се среќаваат и во рамките на раните планински светилишта на Крит.

Разликите, покрај во временските рамки, се однесуваат и на надземната конструкција. Додека на Спанчево во досегашните истражувања не се откриени траги од надземна конструкција, кај повеќето бронзенодопски светилишта има интервенции во природната карпа кои овозможувале адаптација на природниот простор во служба на ритуалните намени.

На овој степен на истражувања повеќе податоци за карактерот на светилиштето не можат да бидат изведени.

---

[122] Трајковска Л.,1999; Станковски Ј.,2010
[123] Peatfield A,1983,273-279

## в. Подвижни наоди

На локалитетот Св. Атанас откриено е вистинско изобилство керамички материјал. Материјалот е скоро исклучиво во фрагментирана состојба така што мошне ретко се пронаоѓаат фрагменти кои имаат доволно параметри за да овозможат реконструкција на целиот сад. Материјалот го сочинуваат фрагменти од садови со најразлични димензии, од садови со мошне мали димензии до големи складишни садови. Садовите, исто како и фигурините за кои ќе се говори понатаму во текстот, несомнено биле ритуално кршени како дел од обредите вршени во ова светилиште. Станува збор за садови кои се грижливо обработени, од добро прочистена глина и релативно добро обработена површина. Кај фрагментите со пофина фактура се забележува мазнење на површината до умерен сјај. Кај мал број фрагменти, исклучиво оние кои се декорирани со графитно сликање, се забележува полирање до висок сјај. Поретко се среќаваат садови со погруба фактура со примеси песок и камчиња. Бојата се движи од светлокафеава до темнокафеава и кафеавосива.

Меѓу многубројните откриени фрагменти голем процент отпаѓа на декорираната керамика. Најзастапената техника на декорирање е врежувањето кое го среќаваме во три типа. Овој начин на декорирање често оди во комбинација со инкрустација со бела боја. Втората најзастапена декоративна техника е сликањето со графит. Во отсуство на повеќе податоци во поглед на керамичките форми, аналогиите ќе бидат вршени во однос на декоративните техники. За среќа, најголем дел од истите се хронолошки и културно осетливи.

Од малкуте податоци кои можат да се изведат од пронајдените фрагменти од садови, можеме да ги изведеме следниве заклучоци во однос на типологијата на керамичките облици кои се застапени во Спанчево.

### в.1. Биконусни садови

Најголем број од фрагментите откриени на Св. Атанас припаѓаат на садови со биконусна форма (T.VI,1,2). Ги наоѓаме во најразлични димензии, претежно изработени од добро пречистена глина и со добро измазнета површина. Некои од

примероците доаѓаат од луксузни садови со тенки ѕидови. Овој тип садови постои во неколку различни варијанти. Варијациите се однесуваат во однос на изгледот на вратот кој може да биде цичиндричен или коничен. Понатака, коничниот врат може да биде повисок или понизок. Разлики се среќаваат и во поглед на устието кое е рамно или извлечено нанадвор. Формата на самиот сад варира од малку заоблено биконусна до нагласена “S” профилација. Застапен е и т.н. кантаровиден сад. Се чини дека најголем дел од садовите од овој тип имале држалки за што сведочат и големиот број фрагменти. Од држалките застапени се:

- вертикално продупчена држалка поставена на преминот;
- вертикална лентеста држалка која поаѓа од устието на садот или малку под венецот и завршува на преминот;
- јазичесто извлечена држалка поставена на преминот;
- лисичеста држалка поставена на преминот;
- јазичесто извлечена и вертикално продупчена држалка, поставена на преминот;
- рогчеста држалка поставена на преминот;
- триаглесто извлечена и вертикално продупчена држалка, поставена на преминот.

Овој тип сад често бил декориран. Најчесто станува збор за декорација со графитно сликање, иако се среќаваат уште неколку други начини на декорација: убоди, пластично ребро, лента со отисоци од прсти поставена на преминот.

Судејќи според оние фрагменти кај кои се сочувани најмногу елементи може да се заклучи дека станува збор за форми кои се среќаваат во рамките на Дикили Таш-Слатино.[124] Аналогии се среќаваат во Слатино, код 6.1.2.[125]

## в.2. Чинии

Конусните и биконусните чинии се едни од најзастапените форми на енеолитските наоѓалишта, така што и Св. Атанас не претставува исклучок (T.VI,3). Можат да имаат различни димензии и обработка на површината. Се среќаваат

[124] Непубликуван материјал од истражувачката кампања во октомври 2008 година
[125] Чохаджиев С.,2006,обр.86

длабоки конусни чинии со поголеми димензии, како и конусни чинии чиј внатрешен дел бил полиран до висок сјај и декориран со графитно сликање. Овој начин на обработка на површината како и типот на декорација е една од најважните одлики на раниот енеолит во овој дел на Балканот. Разлики постојат во поглед на устијата кои можат да бидат рамни или вовлечени. Друг тип на декорација кој се среќава е декорацијата со вертикални канелури на устието.

**Чинија со квадратно дно**

Станува збор за чинија со квадратно дно и форма на пресечена пирамида (TXI,15). Површината на чинијата е мазнета до висок сјај. Од надворешната страна декорирана е со врежување со т.н. скалест мотив. Како облик се среќава на неколку локалитети-Слатино (код 1.3) во шестиот последен хоризонт на раноенеолитската населба,[126] како и во Градешница I.[127] Трите примерока од Бугарија се декорирани со врежување од типот Градешница. Примерокот од Св. Атанас се разликува по тоа што врежувањето со кое е изведена декорацијата е од типот Марица I.

## в.3. Садови со заоблена биконусна форма

Се чини дека голем процент од садовите кои биле носени како вотивни дарови во Спанчево имале заоблена биконусна форма (T.VI,2). Повторно во недостаток на повеќе параметри можеме само да ги извлечеме најосновните податоци за овој тип садови. Станува збор за садови кои во најголем дел се со грижливо обработена површина која во некои случаи била мазнета до висок сјај. И овој како и претходните облици го среќаваме во различни димензии кои варираат од поплитки и широкоотворени до подлабоки садови. Вратот најчесто е коничен а устието извлечено нанадвор. Можеле да имаат лентести држалки кои поаѓале од устието и завршувале на преминот, како и држалки кои биле поставувани на самиот премин. Графитното сликање е најчестата декоративна техника кај овој тип садови. Се среќава на телото на садот, околу устието како и на држалките. Од декорацијата се среќаваат и канелурите. Кај некои примероци постои комбинација

[126] Чохаджиев С.,2006,обр.85,обр.142,4,обр.147,10
[127] Николов,1974,обр.32

од коси канелури и графитно сликање при што со графит била боена површината помеѓу канелурите.

## в.4. Цедалки

Овој тип садови е помалку застапен на Св. Атанас. Се среќава во заоблено биконична и издолжена конична форма. Судејќи според откриените фрагменти можеме да кажеме дека цедалките биле со најразлични големини. Сепак, може да се забележи дека цедалките со поголеми димензии обично имале заоблена форма. Ваков тип садови се среќаваат во Слатино, код 10.4.1,[128] Градешница,[129] Баурене (дел од културата Градешница),[130]Ситагри III[131] и Дикили Таш II.[132]

## в.5. Топчести садови

Станува збор за садови со топчеста форма и најчесто рамно устие (Т.VI,4). Се среќават во нешто помал број во однос на биконичните садови. Особено интересен е еден примерок на топчеста паница чија внатрешна страна е полирана до висок сјај и декорирана со графитно сликање. Аналогии во однос на формата среќаваме во Дикили Таш II, код А3.3.[133] Овој тип садови може да биде декориран и со графитно сликање.[134]

## в.6. Складишни садови

Станува збор за садови чии димензии биле поголеми од горeспоменатите садови. И покрај тоа што ѕидовите на овој тип садови се дебели, сепак изработени се од добро прочистена глина. Впрочем, на Св. Атанас скоро и да нема керамика со груба фактура и мноштво примеси. За жал, нема доволно параметри за да се одреди нивната форма но најверојатно имале топчесто или крушковидно тело.

[128] Чохаджиев С.,2006,обр.86
[129] Николов Б.,1974,обр.82
[130] Николов Б.,1984,обр.82
[131] Reinfrew C.,Gimbutas M.,Elster E.,1986,pl.XCIII
[132] BCH supl.37,2004,planche XIV, 9
[133] BCH supl.37,2004,planche 9
[134] BCH supl.37,2004,planche 22,40967

### в.7. Крушковидни садови

Кај овој тип садови телото е со крушковидна форма, вратот е висок и коничен а устието е рамно. На рамото е поставена мала вертикална држалка.

### в.8. Минијатурни сатчиња

На локалитетот Св. Атанас се среќаваат и минијатурни сатчиња. Истите ги подражаваат формите на големите садови. Нивната употреба најчесто се поврзува со култните дејствија каде најверојатно имале улога да ги заменат садовите во природна големина. Како појава се среќаваат уште од неолитот и се чест наод во населбите.

### в.9. Фрагменти од устија

Особено интересен е еден фрагмент од устие чија површина е мазнета до висок сјај и декорирана со графитно сликање. Мотивот е коси паралелни линии организирани во групи од по три линии. Горната страна на устието е декорирана со браздести врежувања. Устието најверојатно припаѓа на конусна чинија. Како облик го среќаваме во Градешница уште од првата фаза,[135] а декориран со графит се среќава и во Дикили Таш II.[136]

Исто така откриен е и голем број на рамни устија кои веднаш под венецот имаат по едно или по две дупчиња. Површината на овие садови исто така била мазнета до висок сјај и декорирана со графитно сликање. Мотивите се линеарни-паралелни линии, концентрични кругови, ромбови. Дупчињата најчесто се објаснуваат дека служеле за протнување на врвца со што садот се обесувал да виси. Аналогии наоѓаме во Слатино, кај конусните чинии со код 1.10,[137]а особено во Дикили Таш II каде што правењето дупки под устието се сретнува мошне често и не е ограничено само на чиниите како облик.

* * *

---

[135] Николов,1974,обр.31

[136] BCH supl.37,2004,planche X, 2

[137] Чохаджиев С.,2006,обр.85

Покрај основната типолошка определба на керамиката од Св. Атанас, Спанчево, да ги споменеме и различните видови држалки и декорација.

## Држалки

Она што може да се забележи при обработката на керамичкиот материјал од Св. Атанас е дека значителен број од садовите имале држалки. Притоа се среќаваат следниве ипови на држалки:

***- Лентеста држалка***

Овој тип држалка е најзастапена помеѓу фрагментите од Спанчево. Ја среќаваме кај биконичните, крушковидните и садовите со заоблено биконусно тело. Може да биде со овален или кружен пресек при што држалките од првиот тип бројно се позастапени. Овој тип држалки често може да биде декориран. Во најголем број примери станува збор за отисоци од прсти или лента од плитки убоди на коренот на држалката. За крај значајно е да се напомене дека ова е единствениот тип држалки каде среќаваме графитно сликање.

***- Јазичеста држалка***

Јазичестите држалки се вториот најзастапен тип држалки во Спанчево (Т.VII,2,6). Најчесто ги среќаваме кај биконичните садови каде се поставени на преминот. Особено интересен е еден примерок кој во горниот дел е декориран со убод а на долната страна со отисок од прст (Т.VII,3).

***- Лисичеста држалка***

Како форма е блиска на лентестата држалка со таа разлика што лакот на држалката е прекршен под остар агол (Т.VII,1). Ја среќаваме кај биконичните садови поставена на преминот. Во ретки случаи и овој тип држалка може да биде декориран со графит.

***- Вертикално продупчена држалка***

И овој тип држалки ги среќаваме најчесто кај биконичните садови каде се поставени на преминот. Најчесто станува збор за вертикално продупчен јазичест испуст.

*- Рогчеста држалка*

Овој тип држалки поретко се среќаваат помеѓу материјалот во Спанчево (T.VII,4;T.XV,8). Вообичаено се поставени на преминот кај биконичните садови.

## Декорација

Декорираната керамика зазема значаен удел во материјалот од Св. Атанас. Застапени се следните неколку техники на декорација:

*1. Сликање со графит*

Овој тип на декорација е едната од двете најзастапени техники на декорација. Садовите кои биле декорирани со графит се одликуваат со потенки ѕидови, подобра фактура и убаво полирана површина. Бојата се движи од кафеавосива до црна. Исклучиво не е поврзана за ниту еден од застапените облици така што ја среќаваме скоро кај сите форми, освен кај големите складишни садови. Освен рамото и вратот на садовите со графит се сликани и устијата и држалките. Поретко оваа техника можела да биде комбинирана со канелури. Во тој случај просторот помеѓу канелурите бил боен со графит.

Орнаментите се исклучиво позитивни а мотивите кои преовладуваат се ленеарни-најчесто комбинации од паралелни линии, линии кои се прекршуваат под остар агол, концентрични кругови, мрежест орнамент, ромбови, спирали (T.VIII). Линиите се најчесто со дебелина од 4mm што е карактеристично за пораните фази на Дикили Таш-Слатино. Понекогаш се чини дека линиите биле нанесени без претходно да биде осмислен мотив. Оваа карактеристика исто така е типична за раните хоризонти на споменатиот комплекс.[138] Во однос на типот на мотиви кои се среќаваат во Спанчево истите во најголем дел одговараат на кодовите 22.1-3,23.4 и 27.5 од Слатино.[139]

Покрај горенаведените, се среќаваат и примероци кои се насликани со тенки линии и се карактеризираат со прецизно изведен линеарен мотив. Истите

[138] Чохаджиев С.,2006,28

[139] Чохаджиев С.,2006,обр.92,93 и 97

несомнено припаѓаат на една подоцнежна фаза кога техниката на графитно сликање веќе била усовршена од мајсторите.

*2. Врежување*

Техниката на врежување на орнаментите е втора по бројност застапена техника кај керамичкиот материјал од Спанчево. Декорацијата со врежување најчесто ја среќаваме кај садовите со подебели ѕидови. Истата појава се забележува и во Слатино.[140] Разликуваме три типови на врежана декорација:

**- Тип А**

Кај типот А врежувањето е извршено со плитки линии. Линиите најчесто се организирани во некои нејасни мотиви (Т.VII,10). Се чини дека примарната цел на мајсторот керамичар била садот да биде декориран, а на мотивот му се придавало мало значење. Се издвојува еден фрагмент од стомак на сад кој е декориран со врежување на триаголник (Т.VII,7).

**- Тип Б (Градешница тип)**

Карактеристикита на овој тип врежана декорација е присуството на најчесто две до три паралелни врежани линии кои формираат одреден мотив. Дебелината на линиите изнесува од 2 до 4mm. Мотивите се исклучиво геометриски-меандри, ромбови, спирала, триаголници, снопови од коси, хоризонтални и вертикални линии итн (Т.X,1,2,3,5;Т.XV,4,5). Во празниот простор помеѓу врежаните мотиви може да постават и убоди. Често се случува мотивите да бидат исполнети со бела инкрустација. Садовите кои се декорирани со ваков тип на врежување се претежно складишни садови (наречени хранилища во бугарската литература). Овој тип садови се еден од карактерните белези на културата Градешница.[141]

Покрај Градешница, аналогии се среќаваат и во Слатино, Кракра (постар енеолитски хоризонт),[142] Промахон-Тополница IV,[143] Каменска Чука,[144]Баурене.[145]

Дел од фрагментите од жртвеници и останати култни садови исто така можат да бидат декорирани со оваа техника (Т.IX,9).

---

[140] Чохаджиев С.,2006,29
[141] Николов Б.,1974,24
[142] Радунчева А.,1981,обр.4
[143] Vajsov I.,2007,fig.17,fig.28
[144] Stefanovich M.,Bankoff H.,1998,fig.37
[145] Николов Б.,1984,28

**- Тип В**

Овој тип декорација е составен од две или повеќе тесно поврзани траки кои се залепени една за друга. На тој начин траките формираат меандри и спиралomeандри (Т.X,4;Т.XV,7). Просторот во траките е исполнет со куси зарези поставени на многу мало растојание еден до друг (Т.IX,4,5,6). Во литературата овој стил често се нарекува "скалест мотив".[146] Овој мотив е типичен за I фаза на културата Марица, иако се среќава и во наредната II фаза, но со помала застапеност. Мотивите можат да бидат исполнети со бела инкрустација, а просторот помеѓу врежаниот орнамент може да биде исполнет со пастозна црвена боја.

Покрај керамиката, пр. чинијата со квадратно дно, овој тип на декорација се среќава и кај разните култни садови.

Паралели наоѓаме во Слатино, код 34.10 и групата 35,[147] Промахон-Тополница IV.[148]

За крај да спомeнеме и дека мошне ретко се среќава и комбинација од врежување и графитно сликање (Т.X,6). Кај овој тип декорација празните полиња помеѓу врежаните мотиви се боени со графит. Овој тип најретко е присутен во материјалот од Спанчево. Аналогии има во Слатино, код 28.26 и 28.27.[149]

***3. Канелирање***

Декорацијата со канелури ја среќаваме кај садовите со заоблено биконусно тело. Станува збор за коси канелури поставени на рамото од садот. Поретко се среќава во комбинација со графитно сликање.

***4.Убоди***

Овој тип декорација може да се сретне на коренот на лентестите држалки, како и на рамото од садовите во вид нат рака составена од убоди.

***5. Отсисоци од прсти***

Отисоците од прсти пред сé ги сретнуваме како декорација на држалките, поставени во нивниот корен.

[146] Тодорова Х.,1986,100
[147] Чохаджиев С.,2006,обр.104,обр.105
[148] Vajsov I.,2007,fig.17,fig.28
[149] Чохаджиев С.,2006,обр.98

## в.10. Култни масички, жртвеници и модели на печки и живеалишта

Предметите на култот како и моделите на живеалишта и печки се едни од највпечатливите наоди во рамките на енеолитските наоѓалишта. Вообичаено се откриваат во рамките на населбите како дел од куќниот инвентар и во литературата нивното значење и употреба тесно се врзува за разните обреди кои се одвивале во домот. Заедно со фигурините претставуваат еден од најекспресивните сегменти на културата во кои е инкорпориран голем дел од верувањата и идеите на членовите на една праисториска култура.

Локалитетот Св. Атанас засега претставува единственото енеолитско наоѓалиште на територијата на Македонија каде се откриени ваков тип наоди. Имајќи го во предвид карактерот на локалитетот овој факт не треба да не зачудува.

Во литературата под култни масички и жртвеници се сметаат сите оние култни предмети кои кои имаат триаголна или четвртеста форма и се поставени на нозе. Разликата помеѓу овие две групи предмети е во изведбата на горниот дел. Кај првата група горниот дел е изведен во вид на плитко коритце чии агли надолу продолжуваат во нозете на масичката, додека пак втората група поседува реципиент кој е поставен врз хоризонталната рамна површина.[150]

Интересен е еден примерок на култна масичка со четвртеста форма и широко отворено коритце. [151] Декорирана е со врежување од типот Градешница. Мотивот е геометриски-коси паралелни линии и меандри.

Помеѓу останатите наоди пронајдени се и голем број на животински и антропоморфни протоми кои ги краселе аглите и страните на овие садови. Некои од нив се декорирани со врежување. Најблиски паралели наоѓаме во Градешница, Слатино и постариот енеолитски хоризонт на Кракра.[152]

Моделите на живеалишта и печки претставувале смалена и до одреден степен стилизирана копија на оние кои во природна големина се откриваат при ископувањето на населбите. Ги среќаваме во два основни типа: отворени и затворени модели. Затворените модели на живеалишта овозможуваат добивање појасна претстава за изгледот на градбите-од нив се црпат податоци за изгледот на

---

[150] Чохаджиев С.,2006,37
[151] Атанасова И.,2010,7
[152] Николов Б.,1974,обр.64;Чохаджиев С.,2006,обр.194,2; Радунчева А.,обр.3,2

кровната конструкција, постоењето на прозорци, врати, оџак, втор кат на градбата. Овој тип модели на живеалишта вообичаено се празни во внатрешноста поради тоа што вниманието е посветено на надворешноста која најчесто е богато декорирана. Отворените модели овозможуваат уникатен увид во внатрешниот распоред на живеалиштата-изгледот на мебелот, постоењето на платформи за спиење и клупи за складирање на инвентарот, позицијата на печката и платформите за работа и сл. Некои од овие модели, покрај минијатурните модели на мебел, содржат и минијатурни фигурини ангажирани во разни активности, со што се добиваат значајни податоци за организацијата на домашните активности во рамките на културата и социјалната структура на општеството.

Во Спанчево присутни се голем број фрагментирани модели на живеалишта и печки. Издвојуваме еден затворен модел на живеалиште со квадратна основа чија надворешност е богато декорирана со врежани мотиви во комбинација со суво црвено боење (Т.XI,13).[153] Декорацијата е од типот Марица I.

Моделите на печките најчесто имале двосливен покрив, како еден вид подражавање на архитектонската конструкција на живеалиштето. Оваа нивна карактеристика понекогаш предизвикува забуни и нивно погрешно интерпретирање како модели на живеалишта. Моделот на печка од Спанчево има рамен кров и паралелопипедна форма (Т.XI,11).[154] Пред отворот на печката има мала платформа. Аглите се брадавичесто извлечени. Овие брадавичести апликации на покривот од моделите на печка можат да бидат четири или шест на број. Чохаџиев ги интерпретира како стилизирани антропоморфни или зооморфни претстави.[155] Отворот на печката е елипсовиден. Примерокот нема декорација. Најблиски аналогии среќаваме во Слатино.[156]

Моделите на куќи на Балканот своето потекло го водат уште од периодот на неолитот. За нив е врзан и особено интересниот факт дека свои паралели, барем засега, не наоѓаат на Блискиот Исток. Особено се значајни затоа што производството на овие минијатурни верзии на постоечките објекти укажува на

[153] Атанасова И.,2010,7
[154] Атанасова И.,2010,8
[155] Чохаджиев С.,2006,36
[156] Чохаджиев С.,2006,обр.192,1

символичкото значење и социолошката важност која куќата го имала во рамките на праисториските култури. "Куќата" претставувала еден вид на заеднички интегративен медиум во воспоставувањето на седечкиот начин на живот.[157] Покрај куќата, и печката и огништето несомнено заземале значајно место во симболичкиот и религиозниот универзум на овие заедници, што се огледа преку продукцијата на моделите на печки. Иако е практично невозможно целосно да се продре во комплексноста на религиозниот систем, сепак неоспорна е улогата која куќата ја имала како симбол на континуитетот и правото на припадност на одредена група луѓе на една територија. Идејата за континуитетот на domus била воспоставена преку повторното градење на куќите врз темелите на постарите куќи или преку правењето на нивни симболични еквиваленти-моделите на куќите.[158] Впрочем доволно е да ја погледнеме локацијата на светилиштето во Спанчево од кое може да се упати поглед кон сите населби во близината за да се обидеме да сфатиме барем дел од замислата и силата на таа желба за потврда на присуството на одреден простор. Карактеристиката на оваа местоположба да овозможува комуникација со целиот населен простор можеби била клучната во процесот на избирање на погодно место за култните потреби на околното население. Претпоставката дека визуелниот контакт со населбите најверојатно заземал значаен дел од ритуалите кои биле практикувани најверојатно не е многу далеку од вистината. Секако дека за тоа не можеме да биде потполно сигурни, меѓутоа коинциденцијата е преголема за да биде игнорирана.

Развојот на идејата за изгледот на моделите на живеалиштата е особено значаен за социјалната антропологија затоа што преку него се следи и развојот на мислата и идентитетот на праисторискиот човек во поглед на неговата перцепција за светот и неговата улога во него. Наједноставниот пример се огледа преку двата типа модели на живеалишта. Имено, постарите модели се затворени, насочени кон екстериерноста, статични и на тој начин не оставале место за било каква промена

---

157 Borić D.,2008,121

158 Hodder I.,1994,81;Идејата за domus како сет од идеи и концепти врзани за куќата и домот кои овозможиле механизам за социјална и економска трансформација како основи за почетокот на неолитот во литературата за првпат е искажана од страна Јан Ходер, Hodder I.,1991

на формата или содржината од страна на оној што го држел моделот.[159] Од друга страна пак, отворените модели овозможувале промена и манипулација преку поместувањето на фигурините и мебелот во нив. Човекот од пасивен примател на востановените правила и непишани закони создадени за неговата и добробитта на целата заедница се трансформира активен создавач кој ја има можноста да влијае врз приликите и состојбите на заедницата. Желбата да се управува со односите кон останатите луѓе како и кон местата од значење за заедницата е главниот двигател на овие промени.

При разгледувањето на моделите постои уште една димензија која би требало да се разгледа затоа што има клучна улога во обидот да се разбере нивното значење. Станува збор за димензиите на пронајдените модели. Претходно во текстот беше напоменато дека моделите претставуваат смалена копија на вистинските објекти. Должината на овие предмети изнесува од десетина па се до педесет сантиметри. Очигледно е дека смалувањето на објектите не било изведено без да постои некоја особена причина. Имено, размерот има голема улога во ритуалите и ритуализацијата на одредени места. Всушност во основата на ритуалот лежи концептот на оддалечување од секојдневието.[160] А зголемувањето или драстичното намалување на димензиите на општопознатите предмети и објекти биле некои од начините на применување на тој концепт. Пример за првото е зголемувањето на димензиите на куќата со цел формирање на објект со јавен карактер. Второто е илустрирано преку моделите. Зголемувањето или намалувањето го имале ефектот на креирање на емотивно поинтензивна верзија на оригиналот, зголемувајќи ги неговите симболички карактеристики.

Можеби наједноставниот начин да ги објасниме моделите би бил ако истите ги сфатиме како компресирани минијатури на концептите и погледите кон животот и светот на праисторискиот човек.

---

159 Bailey D.,2005,171
160 Tomkins P.,2009,133

## в.11. Пластика

**- Антропоморфна пластика**

Локалитетот Св. Атанас изобилува со култна пластика која е откриена во сите досега истражени делови од локалитетот. Преовладува антропоморфната култна пластика, иако се среќава и значителен број на зооморфни фигурини.

Пред да биде извршена анализа на фигурините според положбата да телото и типот на декорација накратко да се осврнеме на начинот на изработка.

Сите фигурини кои се откриени со досегашните истражувања во Спанчево се изработени на рака. Глината засега претставува едниствениот материјал од кој биле работени фигурините кои биле депонирани во светилиштето во Спанчево. Големиот број пронајдени фигурини, од кои многу ги претставуваат различните фази од процесот на нивно изработување, значително го олеснуваат нашето сфаќање за начинот на нивната изработка. Фактот дека најголемиот дел од нив се откриени фрагментирани на скоро идентични места, по должината на линијата што ги разделува нозете, укажува на фактот дека биле изработувани од посебни делови кои потоа биле спојувани. Потврда за ова се и малите дупчиња кои останале од дрвцата користени за да се зајакнат споевите, а кои изгореле при печењето (Т.XII,2). Горниот дел од телото, како и главата, исто така посебно биле изработувани за потоа да бидат прилепени во една целина. Начинот на изработка на фигурините од неколку засебни делови одиграл улога во нивното често откршување, скоро секогаш на истите места. Откако било изработено јадрото на фигурината фигурината била печена на висока температура од 900 до 1000 степени.[161] Самото јадро е изработено од глина кој има примеси на кварцен песок и ситни камчиња, иако се среќаваат и такви чие јадро било изработено од квалитетно прочистена глина. Мошне ретко се среќаваат фигурини каде во јадрото бил ставан и камен за да се постигне саканата форма (Т.XIV,4). После печењето врз површината бил нанесуван потенок слој прочистена глина кој потоа бил декориран со врежување на разновидните мотиви со кои изобилуваат фигурините од Спанчево. Често се случува овој горен слој да недостасува на одредени делови од

[161] Колиштркоска-Настева И.,2005,9

откриените фигурини. Површината на фигурините понекогаш била мазнета, иако најголемиот дел од нив ја задржале својата груба фактура.

Фрагментите се со висина од 3 па сé до 10 сантиметри, така што претпоставената висина на целите фигури би изнесувала 25-30 сантиметри.[162]

Во поглед на положбата на телото, фигурините можат да се поделат на две основни групи: фигурини кои стојат и фигурини во седечка и полуседечка положба. Со оглед на фактот дека немаме ниту една целосно сочувана фигурина која би припаѓала на било која од двете групи, практично невозможно е сигурно да се реконструира изгледот на фигурините од Спанчево. Во добивањето на приближно целосна слика за антропоморфната пластика можат да помогнат аналогиите со соседните региони.

Откриените фрагменти можат да се групираат во четири групи:

- фрагменти од горната половина – главата и евентуално градниот дел;
- фрагменти од стомачниот дел;
- фрагменти од пределот на бедрата;
- делови од нозе и стопала.

Од четирите групи, фрагментите кои го претставуваат пределот на бедрата се најмногубројни.

Фигурините од Спанчево најчесто имаат стилизирано изведен лик така што понекогаш е мошне тешко да се одреди дали станува збор за антропоморфна или зооморфна претстава. Главата е изведена без да се посветува особено внимание на деталите – носот и очните шуплини се изведени со лесно штипење на глината а устата воопшто не е означена (Т.XI,4,14;Т.XII,2,3,6). Задната страна на главата е плосната. Ваква стилизирана изведба на лицето среќаваме во Градешница, Слатино, Кракра. Интересен е еден примерок каде главата има облик на тространа пирамида со пластично извлечен нос, и очи и уста кои се претставени со коси длабоки зарешки (Т.XI,3;Т.XII,7). Кај некои примероци ушите се назначени со продупчување на едно или неколку дупчиња (Т.XI,5,6,7;Т.XII,4,5). Во овие

[162] Атанасова И.,2010,12

дупчиња најверојатно биле ставани тенки бакарни жички во улога на обетки.[163] Претставите на глави со едно до три дупчиња од двете страни на главата, во регионот на ушите, во Градешница се среќаваат уште во фаза I и ќе се задржат се до крајот на оваа култура.[164] Аналогии наоѓаме и во соседната населба Пилаво,[165] потоа во Слатино I-II,[166] како и во Кракра (постарата фаза на енеолитската населба).[167] Како појава не е изолирана само за овој регион и се среќава и во енеолитските култури од источен Балкан па сé до територијата на поширокиот Кукутени-Трипоље комплекс.

Сосема мал број од откриените глави на фигури се карактеризираат со реалистично моделирање на фацијалните црти, каде авторот на овие минијатури успеал да претстави индивидуални црти на енеолитските луѓе од овој регион. Притоа, очите се нагласени со дупчиња, а устата е пластично моделирана давајќи му на ликот индивидуални обележја (Т.XII,8). Од оваа група на фрагменти особено интересна е една претстава на глава на маж каде ликот е изведен во детали (Т.XI,9). Носот е пластично изведен, а цртите од коренот на носот се закривуваат во горниот дел на главата формирајќи ги веѓите. Очите се назначени со продупчување, брадата е излечена а устата е прикажана во вид на плитко вдлабнување. Портретот го надополнува и реалистичната изведба на ушите кои се продупчени. Слична изведба среќаваме во Градешница I.[168] Во наредните две фази на Градешница цртите на лицето кај овој тип претстави ќе станат "азијатски" и очите ќе бидат прикажани со плитки коси врежувања.

Горниот дел од телото најчесто се пронаоѓа откршен од долната половина. Главата може да биде прикачена за него, иако во повеќето случаи таа се открива како засебен фрагмент. Причината за ваквата фрагментираност пред сé лежи во фактот дека сите овие делови од фигурините биле засебно изработувани па дури потоа спојувани. Другата претпоставка, за која ќе стане збор нешто подолу, е дека станува збор за ритуално кршење на фигурините, како дел од ритуалите кои се

[163] Тодорова Х.,1986,199; Bailey D.,2000,232 – станува збор за фигурина од Караново на која низ едно од дупчињата на главата е протнат бакарен прстен
[164] Николов Б.,1974,55,57,90
[165] Колиштркоска-Настева И.,2005,81
[166] Чохаджиев С.,2006,обр.160,1,2;обр.161,1
[167] Радунчева А.,1981,обр.6
[168] Николов Б.,1974,39

одвивале во светилиштето. Телото во овој дел е најчесто плосната а рацете се раширени и кратки во однос на димензиите на телото. Градите можат да бидат пластично нагласени.

Телото во пределот на бедрата најчесто било изведено со нагласена стеатопигија. Половината е мошне тенка во споредба со долната половина, а стомакот може да биде благо нагласен.

Нозете се прилепени и во долниот дел, во пределот на стапалата, несразмерно се стеснуваат. Кај некои примероци нозете може да завршуваат шпицесто. Само во одедени случаи нозете завршувале во оформени стопала, за што сведочат неколкуте откриени примероци (Т.XV,1,2,3). Колената кај примероците во седечка положба можат да бидат пластично нагласени (Т.XI,2).

Со оглед на фрагментираната состојба на фигурините, која оневозможува било каква подетална класификација, на сегашното ниво на истраженост наједноставна се чини поделбата во однос на декорацијата.

Најголемиот број фигурини од Спанчево се декорирани со врежување на разни геометриски мотиви. Сепак, иако во помал број, се среќаваат и фигурини кои воопшто не се декорирани. При анализата на фигурините се забележува дека декорацијата не е врзана само за одреден тип на фигурини. Имено, ја среќаваме и кај фигурините во стоечка но, и кај оние во седечка положба. Она што е интересно е дека од досега откриените фигурини, недекорирани фигурини се пронајдени само во седечка положба. Притоа, разликуваме два вида декорација – врежана и сликана.

Да ги разгледаме сега некои од најрепрезентативните примероци на антропоморфна пластика од Спанчево.

Да започнеме најнапред од приказите на горниот дел од телото.

Посебно внимание заслужува една допојасна фигурина со откршена глава и делумно сочувани раце (Т.XI,1;Т.XII,1). Телото е плосната а градите се благо нагласени. Во пределот на рамениците, од левата и од десната предна страна, се врежани две групи од по три триаголници кои со врвовите се свртени еден кон друг. Секој од триаголниците има точка во средината. Просторот околу градите е декориран со по две паралелни вертикални линии кои во горниот дел над градите се прекршуваат под остар агол. Задниот дел е декориран со две групи од по четири

триаголници, групирани на идентичен начин како и во предниот дел на фигурината со таа разлика што во средината на секоја група има точка. Мотивот наликува на малтешки крст. Долниот триаголник од левата група се издвојува од останатите поради тоа што е претставен со волути. Врежана декорација се забележува и под пазувите. Декорацијата е се чини уникатна и израз на имагинацијата и талентот на мајсторот, што би го објаснило фактот што за истата не успеавме да пронајдеме аналогии.

Начинот на декорација на пределот околу градите со паралелни линии кои се прекршуваат под остар агол се сретува кај уште еден примерок (Т.XI,8). Станува збор за допојасна фигурина со откршена глава и раширени раце кои завршуваат шпицесто. Овој тип на декорација често се среќава кај пластиката од локалитетите во западна Бугарија – Кракра,[169]Слатино I,[170] Градешница.[171] Најблиски аналогии среќаваме во Пилаво и Цареви Кули.[172]

Декорацијата во долниот дел на телото може да биде поедноставна – каде со неколку паралелни линии е нагласен стомачниот и пубичниот дел (Т.XI,20) – или исклучително богата. Мотивите кои се користени за декорација на фигурините од Спанчево се мошне богати и уникатни, така што не постојат две идентично декорирани фигурини. Станува збор за геометриски мотиви – триаголници, спирали, кругови, паралелни линии, ромбови, ромбови со точка во средината, т.н. "double eggs" и "chevron"- мултиплицирани "V"(T.XI,19;T.XIV,1,2). Често се случува помеѓу мотивите да има и убоди (Т.XI,17,8;Т.XIII,1;Т.XIV,3). Мотивите се распоредени во хоризонтални појаси кои меѓусебе се одвоени со врежани линии. Притоа се забележува одредена организација во однос на поставеноста на мотивите на различните делови од телото. Стомачниот дел е декориран со меандри, прекршени линии и паралелни линии (Т.XIII,2,3,4). Задниот дел најчесто е декориран со спирали и "double eggs"; бедрата со комбинации од меандри, заоблени линии, кругови; а нозете со цик-цак линии, меандроди и слични други

[169] Радунчева А.,1981,обр.6/12,17
[170] Чохаджиев С.,2006,обр.167,1
[171] Николов Б.,1974,38,55,56,57,93,96
[172] Колиштркоска-Настева И.,2005,81,84

мотиви кои потсетуваат на “Градешница” стилот во керамиката. Нозете вообичаено се декорирани до колената.

Наблиски паралели наоѓаме во Пилаво,[173] Цареви Кули,[174] Кракра (постариот хоризонт),[175] Градешница,[176] Слатино(горните хоризонти),[177] а во пошироки рамки и со пластиката од Ситагри III.

Кај некои од фигурините се забележуваат и траги од боење со црвена или бела пастозна боја, како и инкрустација со бела боја (Т.XI,16). Вообичаено сликаната декорација не се јавува самостојно и кај примероците ја среќаваме во комбинација со врежувањето.

На крај од овој преглед можеме да заклучиме дека пластиката од Спанчево не отстапува од појавите кои ги сретнавме кај керамиката. Исто како и кај керамиката и овде се очигледни културните врски со западна Бугарија – како во однос на формата, така и во декорацијата на фигурините. Притоа констатираме и една значајна разлика со локалитетите на исток, а тоа е отсуството на седечки фигурини кои во Слатино и Градешница се среќаваат во пораните слоеви на населбите.

Барајќи аналогии на поширокиот простор на Балканот и северно, истите ги наоѓаме во североисточна Бугарија-локалитетот Пољаница,[178] па сé до пластиката на Трипоље и тоа тип IA-1 од раната фаза,[179] како и фигурините од фазата BI.[180] Сличностите се однесуваат пред сé на врежаната декорација и изборот на мотивите, отколку на формата на фигурините која се разликува осособено по изведбата на горната половина. Имено, кај трипољските фигурини од најраната фаза преставата на лицето е вообичаено изоставена, што на фигурината ѝ дава фалусоиден изглед во горниот дел. Веќе во наредната BII фаза повеќе не се забележуваат аналогии со материјалот од Спанчево.

[173] Колиштркоска-Настева И.,1999,27
[174] Рујак З.,2004,7; Митревски Д.,(во печат)
[175] Радунчева А.,1981,обр.5/1,2
[176] Николов Б.,1974,93,97
[177] Чохаджиев С.,2006,обр161,9;обр.162,7
[178] Тодорова Х.,1986,сн.134
[179] Погожева А.,1983,21
[180] Погожева А.,1983,10

Секако дека со понатамошните истражувања и зголемувањето на кванитетот на откриента пластиката, и процесот на класификација на истата по типови ќе биде олеснет. Засега е возможна само основна класификација.

***Фигурини – интерпретација и фрагметација***

Фигурините се можеби една од најинтригантните категории на материјалната култура на предисториските заедници. Досега во литературата за нив е говорено во многу наврати, за нив има одржано бројни конференции, многу истражувачи имаат напишано томови книги обидувајќи се да продрат во суштината на овие минијатурни претстави на човечкото тело. Постојат најралични интерпретации за фигурините: играчки, прилози за задгробен живот, фигурини на плодноста, талисмани, вотивни дарови, предмети користени во церемониите на иницијација, маркери на идентитет итн. Сепак, неоспорен е фактот дека е особено тешко да се продре во еден систем на мислења и верувања кој е толку различен од нашиот. Се чини дека ова е практично невозможна мисија за еден истражувач кој припаѓа на современо глобално општество да може да го замисли и разбере начинот на кој предисторискиот човек го доживувал светот околу него и како неговите сфаќања за натприродното влијаеле врз неговиот живот и секојдневните активности.

Токму овие проблеми со кои се соочуваат проучувачите на оваа проблематика одиграле значајна улога во начинот на кој предисториските фигурини се интерпретирани. Имено, во недостаток на пишани документи археолозите се принудени аналогиите да ги бараат на други места. Тоа придонесе да голем дел од интерпретациите се базираат на историски или етнографски аналогии. Уште во далечната 1962 година професорот Петер Уко во својата статија посветена на интерпретацијата на предисториските антропоморфни фигурини забележа дека вообичаено интерпретациите на фигурините најчесто се базираат на некои подоцнежни историски традиции од регионот.[181] Таквата методологија придонела за појавата на најпознатата интерпретација на фигурините – дека тие се прикази на Божицата-Мајка, која се појавува на еден поширок регион и под разни називи во

[181] Ucko P.,1962

историскиот период. Во прилог на ова објаснување оди тоа што најчесто е прикажано женското тело, машките фигурини се сосема малку на број и најчесто се врзуваат за машкиот бог на вегетацијата, потоа фигурините се со нагласени женски атрибути, некои од нив се бремени, а некои го претставуваат и самиот чин на раѓање. На тој начин асоцијацијата Божица-Мајка = Земја, плодност, мајчинство се чини сосема оправдана.

Но, оваа општа интерпретација не успева да ги покрие сите факти. На пример, како тогаш би се објасниле фигурините каде полот не е назначен. Или пак оние фигурини кои се двополови – имаат приказ и на машки и на женски органи. Понатака, сосема неверојатна се чини идејата за претпоставената хомогеност на материјалот од предисторискиот свет и тоа дека истиот предмет означувал сосема иста работа во различни региони, култури и периоди.

Некои од истражувачите фигурините ги гледаат како претстави на одредени предисториски божества кои биле употребувани во разни ритуали најверојатно поврзани со култовите на плодноста и изобилството. Сепак, овој пристап подразбира постоење на своевиден предисториски пантеон од божества за што не постои веродостоен доказ.

Проблемот е што најверојатно не постои едно објаснување кое би одговарало за сите предисториски фигурини. Многу поверојатно е дека нивното значење варирало низ различните периоди, региони и контексти. Друга потешкотија во утврдувањето на нивното значење и функција е што многу често се откриваат во јами или во градежен шут од населбата и на тој начин одалечени од својот оригинален контекст нудат малку информации, освен оние основните.[182]

Неоспорно е дека голем дел од овие фигурини симболизирале плодност и придавале големо значење на репродуктивната улога на жената. Колку и да се чини застарено и непопуларно ова толкување сепак неоспорен е фактот дека уникатните особини на женското тело, пред сѐ способноста да донесе на свет нов живот, одиграле значајна улога во формирањето на религиските верувања уште од најстарите времиња. Меѓутоа не сите фигурини биле симболи на плодноста.

[182] Milisauskas S.,2002

При обидот за интерпретирање на фигурините не смее да се заборави дека истите треба да бидат набљудувани во рамките на нивното економско и социјално потекло. Да ја земеме плодноста како пример. Концептот на плодноста е променлив така што неговото значење и општествено влијание може да се одреди само во социоекономските рамки на едно одредено општество.[183] На тој начин концептите на кои е засновано значењето на фигурините се неизоставен дел од заедницата која ги произведува. Истите тие концепти можат, но и не мораат, да бидат идентични кај некоја друга заедница. Токму поради ова, барањето на еден заеднички содржател кој се содржи во сите предисториски фигурини е невозможно, затоа што истиот и не постои.

Во последната деценија се појавија неколку истражувачи кои целосно го трансформираа начинот на кој фигурините се проучуваат и интерпретираат.[184] Станува збор за една помала група стручњаци кои се спротиставија на традиционалното објаснување дека фигурините имаат ритуална, религиска функција и нивната интерпретација ја бараат во археолошките и социолошките контексти во кои фигурините се откриени. Според нив значењето на овие предмети лежи во начинот на кој тие придонесувале кон заедничкото сфаќање за идентитетот на групата. Фигурините биле начин на дефинирање и идентификување на поединецот како дел од заедницата, еден вид потврдување на припадноста кон групата.[185] На тој начин се објаснуваат и едноставната форма и генерализираниот облик без нагласен пол на одреден дел од фигурините. Имено, истите означувале поопшт, апстрактен поим-човек во општа смисла, а не некоја одредена индивидуа. Фигурините служеле за да поединецот ја спознае својата улога во рамките на заедницата и светот воопшто.

Некои понови студии во психологијата покажуваат дека кога човек го фокусира своето внимание кон минијатурни предмети, перцепцијата за време како да се изменува, процес кој влијае и на човековите способности за концентрација. Следствено, правењето на минијатурни верзии од предметите влијае на начините на кои луѓето го доживуваат светот. Тоа ги навело истражувачите на помислата

183 Bolger D.,1996
184 Bailey D.,2010
185 Bailey D.,2005

дека изработката и употребата на овие минијатурни претстави на човековото тело биле обиди да се дефинираат или манипулираат идентитетите и позициите на одредени луѓе во вистинскиот свет.[186] Истите се израз на желбата да се управува со односите кон луѓето и местата. Во тој контекст се објаснуваат и бројните пронајдени "ритуални" сцени, нивната мобилност оставала можност да се креираат различни варијанти на она што претставувале односите помеѓу поединците во рамките на групите. Целта била прикажување на односите изградени врз принципите на одредената група, каде што секој член требал да го знае своето место.

Декорацијата на фигурините претставува уште еден нивен аспект за кој исто така постојат бројни тези. Иако постојат фигурини кои не се украсени или се скудно декорирани, сепак неоспорен е фактот дека кај голем дел од нив површината е декорирана со сложен и детален образец на линии. Притоа се чини дека постојат онолку варијации во дизајнот на декорацијата колку што постојат и фигурини. Очигледно е дека постои одреден систем во однос на организацијата на декорацијата, меѓутоа прашањето е што всушност претставува тој?

Кај одреден дел од фигурините декорацијата најверојатно претставува облека или накит, кај некои други декорацијата служела за да се нагласат одредени делови на телото, некаде можеби означувала тетоважи или ги подражавала шарите на облеката носена од луѓето во заедницата. Меѓутоа сложените обрасци на мотивите упатуваат и на помислата дека можеби фигурините биле декорирани со симболички елементи.[187] На тоа упатува и фактот што одреден вид мотиви очигледно се врзани за специфично место на фигурината. На тој начин тие престануваат да бидат само декорација туку стануваат и дел од еден сложен систем на податоци. Податоци кои се тешки за поимање исто онолку колку што е тешко да се одреди и функцијата на самите фигурини.

Уште еден интересен аспект на предисториските фигурини е и состојбата во која истите се пронајдени. Најчесто, без оглед на регионот или културата, фигурините се во многу фрагментирана состојба. Неоспорно е дека природните

---

[186] Bailey D.,2000,233
[187] Hansen S.,2001

процеси на кои биле подложени неколку илјади години несомнено имале најголемо влијание за состојбата во која се откриени. Сепак, тоа не го објаснува фактот што очигледно при ископувањата се откриваат и скршени предмети кои не можат да се реконструираат поради едноставниот факт што никогаш и не биле положени целите.[188] Во прилог на ова тврдење говорат и податоците од неколку студии на оваа тематика кои покажале дека кај голем дел од предметите преломите биле стари. Можеме само да претпоставиме дека кршењето можеби било важен дел од употребата на фигурините. Прашањето кое се поставува е дали предметите биле кршени па закопувани или биле закопувани поради тоа што биле кршени? Се чини дека наједноставното објаснување би било "ритуално закопување на култни предмети". Но, доколку станува збор за горенаведеното "kill the artifacts" тогаш сите делови од предметот би биле сочувани. А што е тогаш со големиот број фигурини кои не само што се скршени туку и се нецелосни (како што видовме дека се и фигурините и керамиката во Спанчево)?

Оваа загатка сигурно уште долго време ќе остане неодговорена поради отсуството на пишани извори од каде би можеле да го пронајдеме нејзиниот одговор. Сепак, неоспорно е дека поимот за растурање на симболичкото значење кое предметот го поседувал за својот сопственик, значење кое било дел од верувањата на групата на која тој поединец ѝ припаѓал, е клучниот елемент во објаснувањето на промислената фрагментација на предметите.

### в.12. Алатки

Од публикуваниот материјал можеме да забележиме дека на локалитетот Св. Атанас е присутно делкано (chipped), мазнето (ground) и абразивно (abrasive) орудие[189].

#### - Делкани и мазнети алатки

Кај мазнетите и делканите алатки се сретнуваат сите технолошки постапки во процесот на нивното добивање, од полуфабрикати до финални производи. За делканото камено орудие како суровина е употребен калцедон, опал, опализиран

---

[188] Chapman J.,2000

[189] Димитровска В.,2010,22-23; Атанасова И.,2010,10

туф, јаспис и др. Сосема е веројатна претпоставката дека изворот на суровини за делкани камени артефакти е рудникот Опалит, кој се наоѓа на само 700 м. од локалитетот и е се уште активен, што би требало да се потврди со некои идни истражувања на теренот. Делканите артефакти опфаќаат јадра, неретуширани одбитоци, неретуширани сечила и разновидни алатки (Т.XVI,4). Кај мазнетите камени алатки се сретнуваат полуфабрикати, цели орудија-гладилици (Т.XV,1) и перфорирани орудија-перфорирана секира, мотиче (Т.XV,2).

**- Абразивни алатки**

Абразивните орудија се во форма веќе готови артефакти (боздоган) и дополнителните анализи би укажале на типот на суровина за нивното добивање како и изворот на истата (Т.XVI,3).

## г. Културна и хронолошка определба

Културните манифестации во енеолитското светилиште во Спанчево упатуваат на заклучокот дека истото било користено во текот на раниот енеолит. Карактеристиките на материјалната култура говорат за една доцна фаза на раноенеолитската култура каде се присутни манифестации кои се типични за крајните фази на културите во западна Бугарија и Тракија.

Сепак, треба да се нагласи дека станува збор за прелиминарен заклучок кој се засновува на резултатите од досегашните истражување. Притоа не е исклучена можноста понатамошните истражувања да дадат материјал кој ќе ја промени хорнолошката рамка во која овој локалитет бил во употреба.

# ИЛУСТРАЦИИ

*- Св. Атанас, Спанчево*

# T.VI



# T.VII



**T.VIII**



**T.IX**



**T.X**



T.XI



T.XII



# T.XIII



**T.XIV**




T.XV
1b.
1a.
1c.
1d.
1e.
0
5 cm.
I.A.
2a.
2b.
2c.
3a.
3b.
4
5
6
7
8

**T.XVI**




1



2



3



4

# 3. ПИЛАВО, с. БУРИЛЧЕВО, КОЧАНИ

## а. Опис на локалитетот

Локалитетот Пилаво се наоѓа на 2 km западно од селото Бурилчево, на крајниот дел од падината од ридот Тупанец, на едно мало возвишение кое се издига над левиот брег на реката Брегалница. Возвишението има широка и заоблена купеста форма, со врв во форма на зарамнето плато. На север и запад се спушта стрмо кон Брегалница, која врти кон запад околу неговото подножје. Најлесен пристап има од јужната страна, каде ридот постепено се симнува кон едно зарамнето плато.



**Сл.19** Позиција на енеолитската населба Пилаво, с. Бурилчево

Наоѓалиштето лежи на платото кое има елипсовидна форма и со должина од 80 m и ширина од 40 м се протега во правец север-југ. Платото е погодно за населба затоа што е лесно одбранливо и има голема прегледност на околината.

Од северната страна на локалитетот се протега широка рамница, полето Гладно. Обработлива површина се наоѓа и на обата брега на реката, во подножјето на ридот, особено од западната страна. Северозападно, реката Злетовица се влева во Брегалница.

Близината на реката Брегалница како богат извор на риба, изобилството од обработлива површина, како и околните ридови погодни за напасување на стоката го правеле ова место мошне погодно за живот (сл.20).



**Сл.20** Реката Брегалница тече во подножјето на ридот, поглед од источната страна

Од североисточната страна, преку широката рамница, населбата остварувала визуелна комуникација со енеолитското светилиште во Спанчево (сл.21).



**Сл.21** Поглед кон светилиштето во с. Спанчево преку полето Гладно

## б. Основни резултати од археолошките истражувања

Локалитетот Пилаво е регистриран како праисториско наоѓалиште уште во 1960 година со рекогносцирањата извршени во дел од Кочанската котлина.[190] На него археолошки истражувања се вршени во неколку наврати, во 1987, 1988, 1989 и 1994 година, од страна на Музеј на Македонија и Одделот за археологија при библиотеката "Искра" од Кочани.[191]

Јадрото на локалитетот е со димензии 80x40 m и културен слој кој лежи врз карпеста здравица. Покрај енеолитската, на локалитеот е документирана и ранохеленистичка населба. За жал, извонредната стратешка положба на локалитеот била искористена и во текот на војните од 20-от век за вкопување на војска, што резултирало со нарушување на културните слоеви и отежнување на следењето на вертикалната стратиграфија.

[190] Санев В.,1961
[191] Колиштркоска Настева И.,1999,25

Со археолошките истражувања на енеолитската населба констатиран е културен слој од 2,20 m, со два хоризонти на живеење. Постариот слој на населбата го одбележуваат полуземјенки вкопани во здравицата. Покрај куќите откриена е и јама, како и мноштво фрагменти од садови.

Во помладиот хоризонт откриени се надземни куќи со сите придружни елементи – полукалотеста печка, огништа, преградни ѕидови.

На сегашниот степен на истраженост можеме да заклучиме дека во однос на архитектурата, населбата во Пилаво во помладиот хоризонт не се разликува од појавите во Град.

Со оглед на достапните податоци за текот на истражувачата кампања и архитектурата, за повеќе аналогии со соседните населби не може да се говори.

## в. Подвижни наоди

Од подвижниот археолошки инвентар за одбележување е керамиката, која изобилува со форми и декоративни техники. Керамичкиот материјал од Пилаво го претставуваат садови со најразлични димензии, од минијатурни садчиња до големи садови за складирање на храна.

Поголемиот број фрагменти се од садови со релативно добро пречистена глина со ситни примеси песок и послаба површинска обработка. Сосема мал број од садовите се изработени од фино пречистена глина и имаат тенки ѕидови и грижливо мазнета површина до умерен сјај. Мал број фрагменти се со порозна фактура и припаѓаат на садовите со поголеми димензии.

Преовладува сивата боја и нејзините нијанси, најчесто сивокафеавата, иако поретко се среќават и темнокафеавата и светлокафеавата боја.

Графитната декорација се појавува уште во постариот хоризонт и тоа во развиена форма. Садовите декорирани со оваа техника се изработени од добро пречистена глина која е квалитетно печена. Повеќето од нив се со темносива до црна боја, поретко темнокафеава и темноцрвена. Површината на садовите е полирана до висок сјај врз кој е нанесена графитната боја. Кај некои примери и

внатрешната страна на садот е обработена со истото внимание и насликана со графит.

Од декоративните техники кои се среќаваат кај керамичкиот материјал од Пилаво, графитното сликање е несомнено најчесто застапено. Од останатите техники се среќаваат уште и : врежување, канелирање, убоди, пастозно сликање со бела и црвена боја.

Во однос на типологијата на садовите на Пилаво се застапени следните облици.

## в.1. Чинии

Како и на останатите локалитети, така и во Пилаво, чиниите се една од најзастапените форми. Се среќаваат во неколку варијанти.

### Конусни чинии

Овој тип садови вообичаено се карактеризира со грижливо обработена површина, мазнета до умерен сјај. Исклучок претставуваат графитно сликаните конусни чинии чија површина е мазнета до висок сјај. Имаат најразлични димензии, кај некои од нив дијаметарот на устието е поголем од висината на садот а некои се мошне длабоки. Устијата можат да бидат рамни или вовлечени (Т.XVII,1,2).

### Конусни чинии со рамно устие

Конусните чинии со рамно устие се една од најзастапените керамички форми и се среќаваат на еден поширок простор на Балканот. Издвојуваме еден примерок на плитка, широкоотворена конусна чинија со рамно устие од кое поаѓаат рогчести држалки кои се свртени надолу.[192] Како форма многу наликува на горниот дел од пехарите на висока конусна нога типични за Протокриводол, со таа разлика што кај нив рогчестите држалки се поставени подолу од устието.

Иако вообичеано не се декорирани, сепак среќаваме неколку примероци на конусни чинии со рамно устие кои се графитно сликани. Станува збор за

---

[192] Колиштркоска Настева И.,1998,28

геометриски мотиви, најчесто групи од коси линии кои се насликани преку целата површина на чинијата (Т.XVII,5-10;Т.XVIII,1,4,5). Понекогаш можат да се сретнат и во комбинација со кружни мотиви, како кај еден примерок каде устието е декорирано со полиња од куси коси линии, додека на останатата површина се насликани концентрични кругови (Т.XVII,8). Аналогии во однос на графитно сликаните кружни мотиви наоѓаме во Слатино, иако таму овој тип садови најчесто се недекорирани.[193] Кај оние ретки случаи кои се декорирани, украсувањето е извршено со графитно сликање.

**Конусни чинии со вовлечено устие**

Кај некои од примероците од оваа група има држалки кои вообичаено се поставени под устието, како на пример кај оваа чинија со вовлечено устие под кое е поставена вертикално продупчена држалка (Т.XVII,1,11). Како форма е една од најчесто застапените во рамките на Бубањ-Салкуца-Криводол комплексот. Аналогии наоѓаме во Бубањ-Хум Ia, Скопското Кале, Врањак, Богослов Камен, како и на локалитетите од Шуплевец-Бакарно Гумно групата.

Сликање со графит среќаваме и кај конусните чинии со вовлечено устие (Т.XVIII,2,3). Распоредот и организацијата на мотивите е скоро идентичен како кај чиниите со рамно устие.

Посебно се издвојуваат и чиниите кои имаат задебелено устие. Иако најчесто декорирани, сепак се среќаваат и недекорирани примероци. Декорацијата, доколку ја има, е изведена со графит. Аналогии наоѓаме во Град, Скопското Кале, Кале-Велес.[194] Како што веќе беше напоменато, како облик се среќава уште од Винча С, за потоа да стане еден од почесто застапените керамички форми во рамките на Бубањ-Салкуца-Криводол културниот комплекс. Паралели во однос на декорацијата со графит засега наоѓаме само на територијата на Македонија, освен веќе споменатиот примерок од Бубањ-Хум Ia.

---

[193] Чохаджиев С.,2006,обр.125,6;обр.132,1

[194] Види стр. 58

**Биконусни чинии**

И овој тип садови најчесто е изработен од добро пречистена глина и се карактеризира со внимателно обработена површина. Устието може да биде рамно или благо извлечено нанадвор.

Издвојуваме еден пример со рамно устие и рамо декорирано со фриз од вертикални канелури (T.XVII,4). Како облик е еден од репрезентативните облици во рамките на Бубањ-Хум Ia. Аналогии наоѓаме и во материјалот од Скопската Тврдина и Кале-Велес.[195]

Како поттип да ја споменеме и биконусната чинија со широко отворено устие. Овој поттип може да има и хоризонтални држалки поставени на преминот. Може да биде и декорирана со графитно сликање. Сликањето е изведено на надворешната а честопати и на внатрешната страна од садот. Издвојуваме еден примерок каде устието од надворешната страна е поделено на полиња во кои е изведен мотив во форма на “V”, составен од неколку паралелни линии (T.XVIII,6). Во внатрешноста, просторот во пределот на устието е поделен на полиња составени од по три паралелни линии накосени налево и групи од по четири паралелни линии накосени надесно.Втората група линии не е ограничена само на просторот на устието, туку продолжуваат надолу и кон дното на садот. Двата типа линии се состануваат и формираат мотив во форма на “V”. Аналогии на овој сад наоѓаме во садовите со код 2.1.3 од Слатино. Повеќето садови со овој код се сликани со графит. Најблиски примери на нашата чинија се садовите кои припаѓаат на хоризонтот 5.[196] Како облик ја среќаваме и во Ситагри III, меѓутоа овој тип чинии од Ситагри не се декорирани со графит.[197]

## в.2. Амфори

Кај овој тип садови дијаметарот на телото е приближно еднаков со висината на самиот сад. Најширокиот дел од садот има овален пресек а имаат тесен и висок цилиндричен врат. Се карактеризира и со остар пад во делот помеѓу рамото и дното на садот. На рамото можат да бидат поставени вертикални држалки.

---

[195] Јовчевска Т.,2008,T.VII,1

[196] Чохаджиев С.,2006,обр.122,5;обр.127,5

[197] Reinfrew C.,Gimbutas M., Elster E.,1986,fig.12.8,1

Издвојуваме еден примерок чија површина е полирана и декорирана со линеарен графитен орнамент (Т.XX,1). Регионот на вратот е декориран со паралелни хоризонтални линии кои скалесто се искачуваат. На рамото на садот се насликани наизменично поставени паралелни вертикални канелури и ленти сликани со графит помеѓу нив. Иако во основа формата не се разликува од амфорите од Град, сепак во однос на типот и поставеноста на држалките, како и комбинацијата од канелури и графитно сликање не можат да се пронајдат сличности со соседните региони. Воедно, квалитетот на изведбата на графитното сликање и сложеноста на мотивите кај амфората од Пилаво се многу послаби отколку кај примерот од Град.

Најблиска аналогија во однос на формата наоѓаме кај амфорите тип 5.14 од Криводол.[198] Декорацијата кај овој тип садови е мошне богата и разнообразна-вклучувајќи го и графитното сликање, но не и канелурите. Како облик се среќаваат во Криводол III, Салкуца IIc т.е. се врзува за крајните фази (IV) на Бубањ-Салкуца-Криводол, според хронологијата на П. Георгиева.

Се чини дека изгледот на овој тип садови пред се́ се должи на умешноста на локалниот мајстор керамичар и јачината на раноенеолитските традиции во керамографијата, што на крајот резултирало со употреба на старите декоративни техники врз доцноенеолитската форма.

### в.3. Кантаровидни садови

Како една од најрепрезентативните енеолитски форми на садови кантаровидните садови се среќаваат и во Пилаво. Можат да бидат со понагласена или позаоблена “S” профилација (Т.XIX,2).

Издвојуваме еден пример со нагласена биконичност кој е богато декориран со графитно сликање (Т.XX,2). Декорацијата е поделена на две полиња. Горното поле го опфаќа вратот на садот на кој се прикажани триаголни полиња составени од коси паралелни линии. Овие полиња наизменично се променуваат во однос на својата поставеност, првото и третото се со врвот свртени нагоре, а третото е свртено со врвот надолу. Полето кое е свртено надолу се состои од коси паралелни линии само

[198] Ганецовски Г.,2007,117

во една насока, а останатите две полиња се шрафирани. Долното поле го опфаќа рамото на садот каде во фриз се прикажани неколку групации од коси паралелни линии.

Овој сад е интересен и поради комбинацијата од графитно сликање со друга декоративна техника. Имено, на основата на секоја од држалките, во непосредна близина на устието, има по пет убоди.

Во однос на изведбата на долното поле најблиски аналогии има во садовите од петтиот хоризонт во Слатино (Слатино III).[199] За изведбата на горното поле не може да се најде непосредна аналогија и најверојатно е дел од репертоарот на локалните мајстори. Сепак, сличности во однос на мотивот се наоѓаат со мотивите со код 23 од Слатино. Што се однесува до комбинацијата од графитно сликање и убоди, исто така не можеме да најдеме паралели.

### в.4. Правоаголна тава

Станува збор за плитки садови со правоаголна форма. Засега е откриен еден примерок кој е богато декориран со графитно сликање од надворешната и од внатрешната страна (T.XIX,3). Однадвор декорацијата се состои од цик-цак траки составени од неколку потенки линии. Дното на садот од внатрешната страна е декорирано со криволиниски мотиви, најверојатно спирала. Сличности наоѓаме во садовите со код 1.14.2 од Слатино и А4 од Дикили Таш II, меѓутоа обата типа припаѓаат на групата недекорирани садови.[200] Со оглед на фактот дека тавата од Пилаво типолошки не е идентична со спомenatите типови садови, сепак се чини дека станува збор за облик кој се врзува за керамичката продукција од Пилаво.

### в.5. Пехари

Во текот на ископувањата во Пилаво откриена е и нога од пехар, богато декорирана со графитно сликање (T.XIX,1). Според обликот најверојатно е дел од пехарите на пониски конусни шупливи нозе, од кои повеќето поттипови се декорирани со графит.

---

[199] Чохаджиев С.,2006,обр.121,6;обр.133,5
[200] BCH supl.37.,2004,planche 60,hor.VIa,inv.18000

Во недостаток на повеќе параметри можеме само да заклучиме дека овој тип садови, кој е една од најкарактеристичните енеолитски форми во западна Бугарија, го среќаваме и во населбата во Пилаво. Во Слатино овие садови припаѓаат на групата 7.[201] Според димензиите на ногата најверојатно станува збор за пехарите на пониска нога, тип 7.2.1 – 7.2.5 од Слатино.

Овој тип садови ќе се среќаваат и во првите фази на Бубањ-Салкуца-Криводол, за што сведочи и примерот од Кракра кој исто така е богато декориран со графитно сликање.[202]

**в.6. Длабоки конусни садови**

Овој тип садови се со конусна форма, подебели ѕидови и рамно устие (Т.XIX,5). Дијаметарот на устието е поголем од висината на садот. Се карактеризираат со остар пад кон дното кое е несразмерно мало во однос на устието.Најчесто се недекорирани. Вообичаено имаат пар вертикално поставени држалки.

Директни аналогии за овој тип садови не наоѓаме во соседните региони. Според формата најблиски се садовите со код 4.1.2 од Слатино.

**в.7. Складишни садови**

Овие садови се со поголеми димензии, нешто подебели ѕидови и служеле за чување на храната. Издвојуваме еден примерок со заоблена биконусна форма, краток кос врат извлечен нанадвор и две вертикални држалки поставени на рамото (Т.XIX,4). Аналогија наоѓаме во сад од Ситагри III.[203]

**в.8. Крушковидни садови**

Станува збор за садови со крушковидно тело, краток цилиндричен врат и вертикални држалки кои одат од устието до рамото. Можат да бидат декорирани со графитно сликање. Кај некои примери на рамото се поставени хоризонтално

[201] Чохаджиев С.,2006,обр.86
[202] Радунчева А.,1981.обр.9,4
[203] Reinfrew C.,Gimbutas M., Elster E.,1986,fig.12.13,2

продупчени држалки. За жал, од овој тип садови не се откриени доволно параметри за да можат да се направат споредби со соседните региони и локалитети.

### в.9. Минијатурни садчиња

На Пилаво се пронајдени и минијатурни садчиња кои во својата форма ги подражаваат садовите во "природна" големина (Т.XX,3).

* * *

Покрај основната типолошка определба на керамиката од Пилаво, Бурилчево, значаен белег преставуваат и различните видови држалки и декорација.

## Држалки

На материјалот од Пилаво застапни се следните типови држалки.

- *Лентести држалки* (Т.XXI,4)

Овој тип држалки се сретнува кај кантаровидните и крушковидните садови. Се разликуваат во однос на димензиите и поставеноста. Можат да имаат кружен или елипсовиден пресек. Воедно се и единствениот тип држалки кои се графитно сликани (Т.XX,2).

- ***Јазичести држалки***

Се среќаваат кај конусните плитки чинии со рамно устие, како и кај садовите со големи димензии и погруба фактура. Понекогаш можат да бидат декорирани и со отисоци од прсти (Т.XXI,3). Кај некои примероци се забележуваат обиди за продупчување од долната страна на држалката (Т.XXI,3).

- ***Вертикално продупчени држалки***

Најчесто се среќаваат кај конусните чинии со вовлечено устие и кај крушковидните садови (Т.XVII,11;Т.XXI,3).

- ***Рогчести држалки***

Овој тип држалки го среќаваме на еден примерок на плитка конусна чинија. Дел се од една од најкарактеристичните енеолитски керамички форми во западна Бугарија – пехарите на висока нога.

## Декорација

Од техниките на декорирање кај садовите од Пилаво се евидентирани следните : графитно сликање, врежување, бодење, канелирање, пастозно сликање со бела и црвена боја.

Графитното сликање е најчесто застапената декоративна техника. Садовите кај кои се сретнува се изработени од добро пречистена глина која е солидно печена. Површината на садовите има темносива до црна боја, поретко темнокафеава и темноцрвена, и е полирана до висок сјај. Речиси сите садови се со фина фактура и имаат тенки ѕидови. Кај некои од примероците покрај надворешната, сликана е и внатрешната страна на садот.

Графитното сликање го среќаваме кај следните керамички форми : амфора, кантаровиден сад, пехар, конусни и биконусни чинии, правоаголна тава, крушковидни садови.

Преовладуваат линеарните геометриски мотиви : групи од вертикални или коси паралелни линии, косо шрафирани триаголници, шрафирани полиња со коси линии, спирали, кружни мотиви (T.XX,4;T.XXI,1,2).Притоа, се забележува одредена организација во однос на поставеноста на мотивите. Најчесто се декорирани горните делови на садот-устието, вратот, рамото и просторот околу основата на држалките и самите држалки. Долниот дел на садот, од надворешната страна, вообичаено не е насликан. Исклучок претставува правоаголната тава (T.XIX,3).

Графитното сликање може да се сретне и во коминација со канелури и поретко со убоди.

Како декоративна техника во Пилаво се појавува уште во постариот хоризонт на живеење и тоа во веќе развиена форма. Најблиски паралели има со графитно сликаната керамика од Слатино и тоа кодовите 23 и 27, како и со керамиката од постариот хоризонт во Кракра.[204] Гледано во пошироки рамки, појавите во графитното сликање од Пилаво не излегуваат надвор од манифестациите во Дикили Таш-Слатино културниот комплекс, за што говорат бројните сличности со материјалот од Дикили Таш II, Ситагри III и Промахон-Тополница IV. На

[204] Чохаджиев С.,2006,обр.93;обр.97

територијата на Македонија аналогии се забележуваат со наодите од Костоперска Карпа, Градиште-Град, Спанчево, Кале-Велес и Скопската Тврдина.[205]

Особено интересен е фактот дека на Пилаво во постарата фаза отсуствува врежувањето од типот "Градешница", кое на соседниот локалитет Спанчево е документиран во изобилство.

Декорацијата со врежувања и убоди од помладата фаза има сличности со материјалот од Бубањ, но сепак е изведена во локален манир.[206] Канелираните садови имаат мазнета површина, а канелирањето е најчесто изведено на стомакот со вертикални и коси повлаки. Најблиски аналогии има со Бубањ.

### в.10. Пластика

Населбата во Пилаво изобилува и со антропоморфна и зооморфна пластика што говори за богат духовен живот на населението. Истата најчесто е откривана во рамките на куќите. Најблиските паралели ги има со соседното Спанчево (со кое е во визуелна комуникација), како и со Виничко Кале, Богослов Камен, Градиште Град, Цареви Кули.

**- Антропоморфна пластика**

Според своите типолошки карактеристики, како и начинот на изработка, антропоморфната пластика од Пилаво е идентична на пластиката од Спанчево. Со цел да не ги повторуваме веќе изнесените податоци, ќе се осврнеме на најрепрезентативните примероци.

Според положбата на телото разликуваме фигурини кои стојат и фигурини во седечка положба. Иако поголемиот дел од фигурините се богато декорирани, сепак се среќаваат и примероци на кои отсуствува декорација. Фрагментите можеме да ги поделиме на три основни групи : фрагменти со приказ на глава, фрагменти од горната половина на телото и главата, фрагменти од долниот дел на фигурината кои најчесто се сочувани во пределот на колковите а поретко и во пределот на потколениците.

Да ги погледнеме сега основните карактеристики по групи.

---

[205] Колиштркоска Настева И.,2005a,59; Јовчевска Т.,2008

[206] И благодарам на колешката Ирена Колиштркоска-Настева од Музеј на Македонија за усните информации во врска со декоративните техники застапени на материјалот од Пилаво

Кај фигурините од Пилаво главата е најчесто изведена крајно стилизирано. По форма е триаглеста со нос кој е пластично изведен со благо штипење на глината (Т.XXII,1). Очите и устата не се прикажани. Ваквиот приказ на човечкиот лик не се сретнува често на енеолитските наоѓалишта. Наоѓаме сличности со еден примерок од четвртиот хоризонт во Слатино (Слатино II).[207] Овој начин на претставување на главата своите корени ги влече од доцниот неолит и несомнено говори за јачината на неолитските традиции кои се задржале, барем на почетокот, и во текот на енеолитот.

Посебно издвојуваме една допојасна фигурина (Т.XXII,3). Ликот е стилизирано изведен без да бидат прикажани очите и устата, а носот е двогрбаво извлечен. Ушите се триаглесто развлечени и продупчени со по две дупчиња од секоја страна. Градите се пластично нагласени а централниот дел е декориран со по една вертикална линија од лево и десно кои во горниот дел се прекршуваат под остар агол. Под пазувите од задната страна е украсена со куси коси зарешки. На фигурината се видливи траги од пастозно боење со црвена боја врз мазната светлокафеава основа. Според типолошките карактеристики фигурината е идентична со примероците од Спанчево, Цареви Кули, а во пошироки рамки со појавите документирани во Кракра, Градешница и Слатино.[208]

Уште еден интересен пример е претставата на торзо на фигурина. Главата и рацете се откршени, меѓутоа може да се претпостави дека рацете најверојатно биле раширени. Под вратот, на предната и на задната страна, врежан е мотив во вид на латиничната буква “V” (Т.XXII,4). На задната страна, во пределот на слабините,, врежани се две превртени “V”, т.н. chevron design. Површината на фигурината е мазнета а сочувани се траги од боење со црвена боја. Најблиски аналогии на нашиот пример наоѓаме во Слатино и во Градешница.[209] Единствената разлика е што кај горенаведените примери мотивот е изведен со две линии. На поширокото подрачје на Дикили Таш-Слатино комплексот аналогии не можат да се најдат. Ваквиот начин на украсување го сретнуваме уште од средниот неолит, а особено е

---

[207] Чохаджиев С.,2006,обр.173

[208] Атанасова И.,2010,29;Колиштркоска Настева И.,2005,84; Радунчева А.,1981.обр.6;Николов б.,1974,96,90; Чохаджиев С.,2006,обр.161,1,2

[209] Чохаджиев С.,2006,обр.163,8; Николов б.,1974,91

карактеристично за доцниот неолит. Најчесто е прикажуван во комбинација со круг и во иконокрафијата на неолитската пластика е интерпретиран како медаљон. Тоа што во Пилаво го наоѓаме во поедноставна форма и на енеолитска фигурина најверојатно се должи на остатоците од неолитските традиции кои во периодот на воспоставување на енеолитот биле сеуште присутни.

Фрагментите кои ја прикажуваат долната половина на фигурините се најразновидни. Секако најзабележителни се примероците кои се карактеризираат со богата врежана декорација. Во однос на прикажувањето на телото се идентични со веќе споменатите примероци од Спанчево.

Посебно издвојуваме една фигурина во полуседечка положба, каде нозете се благо одвоени (Т.XXIV,3). Сите останати примероци се аналогни на Спанчево и имаат споени нозе кои во долниот дел се стеснуваат.

Кај фигурините од Пилаво се забележува умешноста и иновативноста на енеолитскиот мајстор што резултира со тоа што практично и да не постојат две идентично декорирани фигурини. Репертоарот на мотивите е истиот што се среќава и кај фигурините од Спанчево, а сличности постојат и во однос на организацијата на мотивите (Т.XXIII,4;Т.XXIV,1-3). Стомачниот дел е декориран со меандри, прекршени линии и паралелни линии. Задниот дел најчесто е декориран со спирали и “double eggs”; бедрата со комбинации од меандри, заоблени линии, кругови; а нозете со цик-цак линии, меандри со точка во средината и прекршени линии. Во пределот на слабината се присутни аглести мотиви или овални и кружни мотиви. И кај овие фигурини потколеницата останува неукрасена.

Од овој образец се издвојува само фигурината со раширени нозе која во пубичниот дел е украсена со листовидни мотиви. [210]

Повеќето од фигурините од Пилаво се сочувани и во пределот на половината. Стомакот може да биде нагласен и во пределот на колковите благо извлечен нанадвор. Кај некои од фигурините пределот на стомакот е одвоен од пубичниот дел со хоризонтална линија, одвојувајќи го на тој начин овој дел како засебен појас. Аналогии во изведбата на струкот наоѓаме во фигурините од сите фази на

[210] Колиштркоска Настева И.,2005,107

Градешница и Слатино, како и од постариот хоризонт во Кракра и еден пример од Спанчево.[211]

Начинот на изведба на долниот дел од телото што го забележавме кај декорираните фигурини, се сретнува и кај неукрасените.. Женските облини се нагласени со блага стеатопигија, нозете се споени (Т.XXIII,1). Кај овие фигурини нема премногу нагласена стеатопигија, така што се чувствува реализам во приказот.

Особено интересна е една фигурина на која се присутни обележјата од двата пола – нагласена стеатопигија и претстава на машки полов орган (Т.XXIII,3). Сочувана е само долната половина од телото. Ваквите биполарни претстави не се нешто невообичаено и се среќаваат уште од неолитот на една поширока територија, од Балканот до Мала Азија. Особено се значајни во обидите за интерпретирање на фигурините, затоа што, како што видовме, се доказ дека фигурините не се само претстави на женско/и божество/а.

За крајот на овој преглед на преставите на долната половина од телото издвојуваме еден пример за кој засега не наоѓаме паралели во материјалот од Спанчево. Станува збор за престава на делот на потколената на фигурина која седи. Сочувани се колената и потколената кои завршуваат во благо извлечени стапала (Т.XXIII,2). Споените нозе се назначени со длабоко врежана линија.Во пределот над колената сочувани се траги од боење со црвена боја, како и врежани линии кои несомнено се дел од декорацијата која го красела горниот дел на фигурината кој е откршен. Со оглед на фактот дека за овој фрагмент не можеме да најдеме аналогии со соседните региони, најверојатно станува збор за локална манифестација која настанала под влијание на седечките фигурини од Слатино. За жал, со оглед на фрагментираноста на примерокот повеќе заклучоци не можат да се изнесат. Инаку, седечките фигурини од Слатино и на нив сличните од Градешница се откриени во горните хоризонти на населбите и се карактеристични за крајот на раниот енеолит (III фаза) во западна Бугарија.[212]

---

211 Николов б.,1974,37,63,93,97; Чохаджиев С.,2006,обр.161/9,162/7,174/3,1777; Атанасова И.,2010,30; Радунчева А.,1981.обр.5,1

212 Чохаджиев С.,2006,35

Во рамките на овој осврт на антропоморфната пластика од Пилаво треба да се спомене и фрагментот од стомак на сад на кој релјефно е изведена преставa на човечки лик (Т.XXII,2). Очите се назначени со две врежани коси линии а носот е пластично извлечен. На фрагментот се присутни траги од боење со црвена пастозна боја. Антропоморфните пртстави на садови не се многу ретка појава на енеолитските наоѓалишта. Најблиску ги среќаваме во Градешница, во првите две фази на културата.[213] Она што го прави садот од Пилаво уникатен е тоа што кај останатите примери станува збор за релјефни апликации на целосна фигурина, стилизирано прикажана. Садот од Пилаво е најсличен на антропоморфните садови од неолитот, во својата варијанта на антропоморфно моделирани садови.[214] Разликата, освен временската, е што кај овие вторите човечкиот лик е прикажан на вратот од садот.

**- Зооморфна пластика**

На локалитетот Пилаво се пронајдени и зооморфни фигурини, иако помалубројни од антропоморфните. За жал, сочувани се само главите на фигурините така што е невозможно да се каже дали се дел од самостоечки фигурини или биле декорација на садовите. Во прилог на ова мислење оди и фактот што кај некои од нив вратот е цилиндричен и несразмерно висок. Ликовите се стилизирано изведени и е тешко да се одреди за кое животно станува збор. Најверојатно станува збор за овнови и други домашни животни. Очите можат да бидат во вид на пластични налепци, муцката може да биде значително извлечена или подотворена (Т.XXII,5). Кај некои роговите можат да бидат продупчени (Т.XXII,6). Се издвојуваат два примера кои се украсени со коси паралелни линии изведени со црвена боја.[215]

На крајот можеме да заклучиме дека според ликовните, типолошките и иконографските карактеристики пластиката од Пилаво не отскокнува од појавите кои претходно беа документирани во соседното Спанчево. Единствената разлика со материјалот од Спанчево се однесува на прикажувањето на главата. Имено, во

---

[213] Николов б.,1974,35,54
[214] Тодорова Х.,Вайсов И.,1993,214
[215] Колиштркоска Настева И.,1999,30

Пилаво отсуствуваат пореалистично прикажаните лица. Сепак, прерано е за изведување на заклучоци со оглед на степенот на истраженост на населбата. На еден поширок простор идентични појави наоѓаме во Виничко Кале, Градиште-Град, Богослов камен, Цареви Кули, а потоа и во рамките Градешница и Слатино, што и не зачудува со оглед на културната блискост на овој регион со културите од западна Бугарија.

Пронаоѓањето на фигурините во рамките на куќите говори дека барем еден аспект од духовниот живот на енеолитското население се одвивал во рамките на живеалиштата. Можеме само да претпоставиме дека станувало збор за ритуали вршени во домот во кои учество земале членовите на семејството.

### в.11. Алатки

На локалитетот Пилаво е присутно делкано (chipped), мазнето (ground) и абразивно (abrasive) орудие. Од мазнетите алатки се сретнуваат фрагментирани и цели тесли (adzes) т.е. алатки со сечило во дисталниот дел од орудието кои се претежно дрводелски алатки (T.XXI.5). Од абразивните орудија пронајдени се гладилици (polished stouns) (T.XXI,6).

Иако во текот на ископувањата не се констатирани било какви металуршки инсталации, сепак населението од Пилаво било запознаено со металургијата. За тоа сведочат откриените камени калапи за лиење.[216] Со оглед на фактот дека ископувањата на овој локалитет не се завршени, не можеме со сигурност да кажеме дали жителите на населбата самите го добивале бакарот од бакарни руди или пак во населбата биле носени полуфабрикати кои потоа биле топени и излевани во калапи.

[216] Колиштркоска Настева И.,1994,45

## г. Културна и хронолошка определба

Според карактеристиките на материјалната култура во Пилаво можеме да забележиме дека животот во населбата се одвивал во две фази. Населбата била населена некаде кон крајот на раниот енеолит за што сведочат културните манифестации од постариот хоризонт на живеење. Раноенеолитските појави во Пилаво се јавуваат како веќе формирани и во некоја своја зрела фаза што најдобро може да се согледа преку графитното сликање – линиите се тенки, мотивите се елаборирани, нема почетнички грешки, керамиката е солидно печена, што говори за веќе усовршена техника на изработка. Истата појава ја забележуваме и во пластиката, одредени карактеристики се типични за подоцнежна фаза во рамките на Градешница-Слатино-Дикили Таш комплексот.

Помладата фаза ја карактеризира појавата на елементи типични за Бубањ-Салкуца-Криводол кои ги препознаваме во керамографијата. Она што е особено интересно е дека се среќаваат елементи уште од најраната фаза – Протокриводол, па сé до третата фаза, според хронологијата на П. Георгиева. Тоа говори дека населбата која припаѓа на помладиот културен хоризонт постоела во еден подолг период во доцниот енеолит. За жал, бројните подоцнежни оштетувања на локалитетот оневозможуваат ова тврдење да се спореди со вертикалната стратиграфија.

# ИЛУСТРАЦИИ

*- Пилаво, с.Бурилчево*

**T.XVII**



1



2



3



4



5



6



7



8



9



10



11

T.XVIII



T.XIX

1



2





3





3



4



5

**T.XX**



**T.XXI**



1



2



3



4

5



6

**T.XXII**



1



2





3





4



5



6

**T.XXIII**





1



1



3



4

**T.XXIV**



1



2



3

# 4. БОГОСЛОВ КАМЕН, с. ГОРНИ БАЛВАН, ШТИП

## а. Опис на локалитетот

Во 2008 година како дел првата фаза на заштитните археолошки истражувања на локалитетите загрозени од изградбата на хидросистемот Злетовица, беше истражен и локалитетот Богослов Камен кој се наоѓа во непосредна близина на селото Горни Балван. Локалитетот на северната страна е заграден со неколку ридови, меѓу кои и Говедарица и Богослов Камен. Јужно од него се отвара штипското поле а кон источната страна – кочанското поле.

## б. Основни резултати од археолошките истражувања

На локалитетот беа констатирани населби од енеолитскиот и доцноантичкиот период. Во рамките на енеолитската населба беше истражена куќа. Поради фактот што резултатите од истражувањата се делумно публикувани, во овој труд ќе можеме да се осврнеме само на некои поединечни наоди од енеолитскиот слој кои на јавноста ѝ беа презентирани во изложбата "Трите керамитки" каде можеа да се видат најзначајните наоди од заштитните истражувања.

## в. Подвижни наоди

На локалитетот Горни Балван се среќаваат следниве керамички форми.

### в.1. Конусни чинии

Најзастапената форма се конусните чинии кои можат да имаат рамно или вовлечено устие. Издвојуваме еден примерок на конусна чинија со вовлечено заоблено устие кое е декорирано со вертикални канелури групирани во полиња од по шест канелури (Т.XXV,1). Чинијата на устието има и две брадавичести држалки

кои од двете страни се опкружени од канелури. Овој тип чинии се една од најкарактеристичните форми во рамките на Бубањ-Салкуца-Криводол комплексот. Најблиски аналогии на горенаведената наоѓаме во Бубањ-Хум Ia, Скопската тврдина, како и во рамките на Шуплевец-Бакарно Гумно групата. Некои од чиниите можат да имаат и вертикално продупчени држалки поставени под устието, а се среќаваат и широко отворени плитки чинии.[217]

### в.2. Пехари

Како уште еден интересен облик го издвојуваме пехарот на цилиндрична шуплива нога со реципиент во облик на конусна чинија со рамно устие и држалка која го надвишува устието преку дијаметарот на целиот сад (T.XXV,3). Најсличен на овој сад е примерот од Кале-Велес, со таа разлика што вториот се карактеризира со поелаборирана држалка.[218] Овој тип садови може да се поврзе со пехарите со три вкрстени држалки кои се чест наод во рамките на Бубањ-Хум Ia, а се среќаваат и на Скопската Тврдина и во Кале-Велес.[219]

### в.3. Биконусни садови со цилиндричен врат

Друга карактеристична форма застапена на Богослов Камен е широко отворениот биконусен сад со висок цилиндричен врат и две вертикални држалки кои одат од устието до рамото (T.XXV,4). Рамото го краси јазичест испуст околу кој се поставени полукружни канелури. Сличности наоѓаме на еден поширок простор во рамките на Бубањ-Салкуца-Криводол, каде најчесто се врзува за неговите подоцни фази (Криводол II).

## Декорација

Во текот на ископувањата на енеолитската куќа откриени се голем број фрагменти од стомаци на садови кои се мошне богато декорирани со комбинација од врежување и убоди (T.XXV,5-7). За жал, фрагментите не поседуваат доволно

---

[217] Нацев Т.,2009,23
[218] Јовчевска Т.,2008,Т.X,1
[219] Гарашанин М.,1973,бр.113

параметри за да може да се утврди за каков обилк на садови станува збор. Овој тип на декорација мошне често е застапен кај садовите од подоцнежните фази на Бубањ-Салкуца-Криводол, и го среќаваме во Бубањ-Хум Ia, Скопската тврдина, Галатин, Салкуца II, Криводол.[220] Оваа декорација најчесто ја среќаваме кај кантаровидните садови.

### в.4. Пластика

На Богослов Камен откриени се и два фрагменти од антропоморфни фигурини на кои и покрај оштетеноста се забележува богата врежана декорација (Т.XXV,2). Мотивите се геометриски – ромбови и аглести линии. Аналогии наоѓаме во пластиката од Спанчево и Пилаво. Фрагментираноста на фигурините оневозможува понатамошна нивна анализа.

### в.5. Алатки

Според истражувачите на овој локалитет се пронајдени артефакти од делкан (ретуширани сечила и одбитоци), мазнет камен (тесли, секири) и абразивни орудија (мелници) (Т.XXV,8,9). Се надеваме дека идните истражувања ќе ни го покажат местото на оваа камена индустрија во енеолитот на Македонија, како и дијапазонот на суровини и форми на алатки кои ги употребувале жителите на оваа населба.[221]

## г. Културна и хронолошка определба

Имајќи ја во предвид лимитираноста на материјалот од овој локалитет, на крајот можеме да заклучиме дека според манифестациите на материјалната култура, енеолитската населба во Богослов Камен припаѓа на доцниот енеолит и тоа во некоја негова зрела фаза. Сепак, треба да се напомене дека се среќаваат и

---

[220] Ганецовски Г.,2007„123

[221] Ѝ благодарам на колешката м-р. Василка Димитровска за усните информации во врска со енеолитскиот камен материјал

манифестации кои припаѓаат на раниот енеолит, пред сѐ во антропоморфната пластика. Постои можност населбата да постоела уште од раниот енеолит, појава која ја среќаваме и кај другите населби по долината на Брегалница, само што таа фаза да не била документирана на терен со оглед на карактерот на истражувањата. На овој степен на истраженост сепак не можеме да говориме за раноенеолитска населба туку само за поединечни раноенеолитски манифестации.

# ИЛУСТРАЦИИ

- *Богослов Камен, с.Горни Балван*

**T.XXV**



1



2



3



4




5



6



7




8



9

# 5. КАЛЕ, с. СТАРИ ГРАД, ВЕЛЕС

## а. Опис на локалитетот

Локалитетот Кале се наоѓа на 2 km југоисточно од населбата Стари Град, на десниот брег на реката Бабуна. Расположен е на висок рид со зарамнето плато со површина од 350 x 100 m. Ридот е тешко пристапен, особено од западната страна која е дел од мошне тесниот кањон на Бабуна. Пристап е возможен само од југоисточната страна, каде помеѓу локалитетот и повисокиот ридест масив Соколчица, постои благ премин. Од југозападната страна плодната котлина помеѓу Бабуна и нејзината притока Изворчица е затворена со планинскиот масив Клепа.

Местоположбата на ридот е сосема погодна за подигање на населба. Во близината се наоѓаат две реки богати со риба, како и плодна почва за развој на земјоделството. Блиската планина богата со дивеч нудела богат лов , како и непречено снабдување со дрво за огрев и градежен материјал.

## б. Основни резултати од археолошките истражувања

Иако локалитетот Кале во Археолошката карта на Р. Македонија е регистриран како локалитет од римскиот период, сепак при ископувањата на Народниот Музеј од Велес во 2005 и 2006 година во Секторот I, поставен на наијстурениот северен дел од платото, беше откриена куќа од енеолитскиот период.

Со истражувањата се документирани остатоците на една куќа, но слободно може да се претпостави дека кон јужната страна на платото има уште неколку куќи кои не беа опфатени во текот на кампањите. Поради ограничениот простор, населбата најверојатно била мала и се состоела од неколку куќи.

Од истражената енеолитска куќа документирани се две фази. Градена е во вообичаената градителска техника која се среќава уште од неолитот – дрвена конструкција од греди и плет облепени со глина. Носечките греди биле вкопувани во карпата користејќи ги природните засеци. Посебно се издвојува источниот ѕид

кој бил потесен и изведен со потенки греди, така што тежината на двосливниот кров била носена од останатите три ѕида. При градењето е користена природната конфигурација на теренот која оневозможува ѕидовите да бидат паралени, така што куќите од двете фази имаат неправилна правоаголна основа, со правец на протегање север-југ. Подот бил изведен со нанесување на глина директно врз самата карпа.

Постарата куќа, куќа I, има димензии 7 x 19 m со влез од источната страна и била уништена од пожар. Новата куќа, куќа II, е изградена на основите од старата при што е извршено мало проширување, онаму каде ограничениот простор го дозволувал тоа. Димензиите на помладата куќа изнесуваат 10 x 20 m а влезот се наоѓал на североисточната страна.

Двете куќи имаат идентичен распоред на внатрешниот простор (сл.22).

Внатрешноста на куќата со преграден ѕид била поделена на две простории. Поголемата просторија имала трапезоидна форма и во неа била сместена кујната, како и просторот за чување на покуќнината и залихите храна. За жал, поради бројните оштетувања огништето и печката од куќа I не беа документирани при ископувањата. Во куќата II печката и огништето биле поставени во североисточниот агол, непосредно до влезната врата. Од печката се сочувани доволно елементи за да може да се определи дека имала потковичеста форма. Печката е сместена во самиот агол на куќата, непосредно до неа се наоѓа големото огниште, а до него во основата на подот била вградена голема камена мелница. Огништето исто така има потковичеста форма, со раб благо завртен нанадвор и било изградено врз претходно изработен глинен модел на основа од куќа. Покрај северниот ѕид на куќата, како составен дел од печката, се наоѓа мало огниште во чија близина се пронајдени две фигурини. Во северниот дел од куќата имало посебно издвоен трапезоиден простор, неколку сантиметри вкопан во карпестата подлога и со под од набиена глина кој служел за чување на покуќнината. Скоро по целата должина на источниот дел од големата просторија во карпата биле вкопани четири кружни јами кои имале функција на силоси. Барем две од четирите јами припаѓале на куќа I. Покрај западниот ѕид на куќата биле вкопувани питоси кои исто така служеле за складирање на храната.

Помалата просторија се наоѓа во јужниот дел на куќата и имала апсидална форма. Неколкуте ретки наоди кои се откриени во овој дел од куќата укажуваат на можноста дека малата просторија најверојатно била користена за ритуалите изведувани од страна на членовите на семејството.[222]

Надвор од куќата, на источната страна, е сместена летната кујна. Непосредно до огништето откриена е кружна конструкција изградена врз самата карпа со редење на речен камен врз која било фрлано пепел. Изгледот на конструкцијата, како и евидентираните погребувања на животни упатуваат на заклучокот дека истата најверојатно служела за вршење на обреди.

Во однос на местоположбата и големината на населбата, како и начинот на градење и организација на внатрешниот простор, енеолитската куќа од Кале-Велес не се разликува од појавите во рамките на Бубањ-Салкуца-Криводол комплексот, особено на територијата на поранешна Југославија.[223] Иако овој комплекс се карактеризира со голема разновидност во однос на изборот на местата за подигање на населбите, сепак оние кои биле подигани на тешкопристапни ридови се одликуваат со истите карактеристики како и населбата на Кале-Велес. Станува збор за населби кои не броеле повеќе од десетина куќи, со оглед на ограничениот простор. Единственото нешто по што куќата од Кале-Велес се издвојува од останатите се нејзините димензии кои се значително поголеми од оние кои се среќаваат во рамките на комплексот, каде куќите вообичаено се со мали димензии. Во Бубањ, Кривељ и Ковилово куќите се четвороаголни со димензии од 4 - 4,5 x 3 - 4 метри. Куќите во Криводол се исто така помали, со димензии 6 x 4 m и имаат правоаголна основа.[224] Во аголот се наоѓа печката околу која е поставен куќниот инвентар. Истото се однесува и за живеалиштата од Салкуца.

Друга карактеристика претставува поделбата на внатрешноста на две просториии. Ваква појава во рамките на Бубањ-Салкуца-Криводол комплексот се среќава кај куќите кои биле со поголеми димензии-дури и преку 12 метри.

---

[222] Јовчевска Т.,2008,18
[223] Tasić N.,1979
[224] Николов Б.,1984,9




**Сл.22** Основа на енеолитската куќа од Кале, с. Стари Град

Организацијата на внатрешниот простор и формирањето на една целина составена од печката, огништето и мелницата не се разликува од појавите во раноенеолитските култури од западна Бугарија, Слатино и Градешница. Поставеноста на просторот одреден за култните дејствија во рамките на куќата до печката, каде најчесто се откриваат идолите, ја среќаваме и кај куќите од неколкуте хоризонти кои припаѓаат на доцноенеолитската населба во Овчарово.[225]

Секако една од најинтересните особености претставува апсидалниот јужен крај на куќата.

Апсидалните градби за првпат се јавуваат во архитектурата на Балканот уште од Late Neolithic II периодот во Грција. Во рамките на Макриалос II фазата, која датира од крајот на V милениум п.н.е., откриени се неколку правоаголни мегарон градби со апсидални краеви, од кои најголемата имала должина од 15 метри.[226] Оваа фаза на населбата одговара на ранонеолитските населби во Бугарија.

На поширокиот простор на Медитеранот, градби кои завршуваат апсидално за првпат се документирани уште од преткерамичкиот неолит Б (PPNB) во Ајн Газал во Јордан и во неолитот во Библос.[227]

Сепак, како архитектонска форма ќе станат широко распространети дури во текот на бронзеното време во Грција и Анадолија. Во јужна Грција се вобичаени уште од ЕН II (ранохеладски период), за особено да зачестат во текот на МН (среднохеладскиот период).[228] Веќе од наредните периоди полека ќе почнат да излегуваат од мода. Во Бугарија апсидални градби се пронајдени во бронзенодопските населби Езеро и Јунаците (XIII-IX хоризонт).[229]

Во централнобалканското подрачје апсидалните градби за првпат се среќаваат во рамките на Костолачката култура, две градби во костолачкиот слој на Вучедол и една во Сарваш.[230]

Апсидалните градби се вообичаено најголемите градби во рамките на населбата, што некои од истражувачите ги наведува да ги интерпретираат како

---

225 Тодорова,1986,177
226 Grammenos D.,1996
227 Negev A.,Gibson S.,2005,233
228 Ainian M., 1989
229 Bailey D.,2000,243
230 Balen J.,2005,30

градби со јавен карактер кај кои апсидалното завршување било користено за да им се придаде некое посебно значење. Сепак, во случајот на енеолитската куќа од Кале-Велес најверојатно посреди е нешто сосема поинакво. Имено, овде градителите морале да се приспособат на конфигурацијата на ограничениот простор кој, како што видовме, влијаел како врз формата така и врз димензиите на градбата. На тој начин апсидалниот завршеток е по се изгледа условен од теренот користен за изградба на живеалиштето. Евентуалното истражување на останатиот дел од населбата би можело да даде одговор на прашањето дали станува збор за карактеристика на архитектурата или пак е само најпогодно решение на проблемот.

Уште една особеност претставува погребувањето на животни во асоцијација со кружната конструкција надвор од куќата. На овие простори погребувањата на животни ги наоѓаме во Баденската и Вучедолската култура.[231] Во рамките на Бубањ-Салкуца-Криводол комплексот погребувања на животни наоѓаме во Бубањ каде во близина на откриените куќи била откриена јама во која биле погребани кучиња.[232] Ваквите наоди вообичаено се толкуваат како жртвувања кои играле значајна улога во ритуалите поврзани со населбата. Според Херман Беренс, можните мотиви за погребувањата на животни кои не се во врска со погребувања на луѓе се следниве :

- религиозен мотив ( принесување жртва кон божества);
- тотемски мотив (погребување на тотемски животни);
- емоционален мотив (погребување на почитувани животни или животтни од кои се има страв).

Без разлика која и да била причината позади овие погребувања, самиот чин сигурно имал големо значење за жителите од куќата инаку телото немало да биде внимателно положено, и би завршило во отпадна јама.

[231] Dimitrijević S.,1979,204,186
[232] Гарашанин М.,1983,11

## в. Подвижни наоди

Во текот на ископувањата фрагментите од керамички садови беа откривани како во внатрешноста на енеолитската куќа така и надвор покрај летната кујна. Енеолитските мајстори керамичари за изработката на садовите употребувале недоволно прочистена и квалитетна глина, која умешно успевале да ја прикријат преку изведбата на неколку елегантни форми како и со користење на комбинации од декоративни техники. Иако се изработени од недоволно квалитетна глина, сепак мора да се напомене дека овие садови не може да се сместат во садови со груба фактура. Преовладува керамиката со тенки ѕидови, изработена од глина со ситни примеси на песок, а се среќава и керамика со обична фактураа и покрупни зрна песок. Површината на повеќето садови била добро мазнета, а кај некои полирањето е до висок сјај. Скоро сите садови се добро печени, освен неколкуте со груба фактура кои биле само сушени.

Најголемиот број садови во својата основа ја имаат елипсата, дали по вертикален или по хоризонтален пресек. Од мноштвото садови и фрагменти сепак можат да се издвојат неколку основни форми кои го сочинувале керамичкиот инвентар на енеолитската населба.

### в.1. Биконусни садови со капак

Од сите форми на Кале-Велес најзастапен е биконусниот сад со елипсовиден пресек и мошне низок цилиндричен врат (Т.XXVI,5,6). На најширокиот дел од садот се поставени две вертикално продупчени јазичести држалки. Овој тип сад е застапен во различни димензии, од големи кои биле користени за складирање на храна, до помали кои се со фина фактура и декорирани. Садовите со фина фактура се карактеризираат и со понагласена елипсовидност.

Декорацијата која се среќава кај овие садови е најразновидна, графитно сликање, боење со пастозни бои, врежување. Врежувањето најчесто е изведено со длабоко врежани паралелни вертикално поставени линии во горниот дел на садот (Т.XXVII,1). Со графитна боја се изведувани линеарни геометриски мотиви.

Графитната декорација може да биде во комбинација со crusted боењето, при што најчесто просторот околу држалките е боен со црвена боја.

Барајќи аналогии на формата забележуваме дека овој тип на садови во основа не отстапува од формите кои ги среќаваме во рамките на Бубањ-салкуца-Криводол културниот комплекс. Сличности наоѓаме во Криводол, каде повеќето садови од оваа група се неукрасени и припаѓаат на кујнската керамика.[233] Сепак, се среќаваат и богато декорирани примероци. Понатака, аналогии среќаваме и во Салкуца IIc, каде овој тип садови се декорирани со фриз од коси канелури на рамото.[234]

Во помладиот хоризонт на Кракра среќаваме сличен облик на сад, кој од садовите од Кале-Велес се разликува по тоа што нема држалки.[235]

Сепак, најблиски аналогии на овие садови наоѓаме во Пекљук и Заминец, кои се врзуваат за раните фази на Бубањ-Салкуца-Криводол.[236]

Во однос на декорацијата со графитно сликање не можеме да пронајдеме аналогии на поширокатa територија на Бубањ-Салкуца-Криводол и најверојатно се заснова на раноенеолитските традиции на украсување. Всушност и самата форма на садот претставува локална варијанта на широко застапената форма во рамките на споменатиот комплекс која е повнимателно изработена и декорирана, а се одликува и со понагласена елипсовидност.

Овој тип садови имаат купест капак со вертикално поставени јазичести израстоци кои поаѓаат од устието и се хоризонтално продупчени (T.XXVI,6). Можат да бидат декорирани со суво пастозно боење со црвена и жолта боја. Во однос на формата сличности наоѓаме во капаците од Пекљук.[237] Капаците од Пекљук од нашите примери се разликуваат во поглед на испустите кои не се толку проминентни, како и по тоа што не се декорирани. Она што е особено интересно е дека јазичестите испусти на капакот за кои не можат да се најдат паралели со капаците од соседните региони, се идентични како горните делови на пехарите на висока нога за кои ќе стане збор понатаму во текстот.

---

233 Ганецовски Г.,2007,обр.23,3
234 Berciu D.,1961,Fig.95,1
235 Радунчева А.,1981,обр.13,1
236 Georgieva P.,2007,Fig.2,2,4
237 Ганецовски Г.,2007,обр.29,2,3

## в.2. Биконусни садови со цилиндричен врат

Овој тип садови ги карактеризира широк елипсовиден стомак, низок цилиндричен врат и два пара држалки, мали вертикални лентести и брадавичести држалки, поставени на најширокиот дел од садот (Т.XXVII,2). Садовите од оваа група се карактеризираат со погруба фактура и свои аналогии наоѓаат во Костоперска Карпа и Градиште, Град. [238] Единствената разлика е во тоа што садовите од Кале-Велес не се декорирани со барботин.

## в.3. Чинии

Чиниите исто така се среќаваат во поголем број помеѓу керамичкиот материјал од Кале-Велес. Притоа се забележуваат следните типови.

### Конусни чинии

Од конусните чинии ги издвојуваме чиниите со благо вовлечено устие кои на или под преминот можат да имаат по една брадавичеста држалка (XXVII,3,4). Можат да бидат декорирани со коси канелури поставени во горниот дел на садот или со вдлабнувања врз устието на садот.

Како нареден поттип да ги споменеме и широко отворените конусни чинии со остар пад кон малото дно (XXVIII,2). Заобленото устие кај овие чинии е издигнато и вовлечено навнатре. На устието, еден наспроти друг поставени се по еден мал јазичест испуст, а во просторот помеѓу нив има два пара од по две брадавичести апликации, исто така поставени спротивно еден на друг. Просторот околу брадавиците, од двете страни, е декориран со вертикални канелури. Кај некои чинии од оваа група канелурите можат да ја исполнат и целата должина на устието, а не само просторот околу брадавиците. Брадавичестите апликации во својата основа можат да бидат украсени и со лачни канелури. Овој поттип чинии претставува варијанта на широко распространетата и карактеристична за Бубањ-Хум Ia форма.

Секако една од најрепрезентативните форми претставува и широко отворената конусна чинија со задебелено устие. Површината на овие чинии е

[238] Колиштркоска Н.И.,1993,147; Колиштркоска Н.И.,2006

мазнета до висок сјај и најчесто е декорирана од внатрешната страна. Декорацијата е изведена со графитно сликање и со суво пастозно боење со жолта, црвена и кафеава боја. Со графит и со жолта боја се исцртуваат линерните геометриски мотиви а црвената боја вообичаено се користи за исполнување на празни полиња или за издвојување на полињата со насликани орнаменти, многу поретко за цртање на самите мотиви. Кафевата боја најретко се употребува. Издвојуваме еден примерок чија внатрешност е богато декорирана со претстава на четири спирали во движење насликани со графит(Т.XXVIII,3). Останатиот простор е поделен на полиња кои се исполнети со мрежаст орнамент, шрафирани полиња и полиња со спирали, сите насликани со црвена боја

Аналогии на овој поттип чинии во поглед на обликот и графитната декорација наоѓаме во Скопско Кале, Градиште, Град како и во рамките на Бубањ-Хум Іа. Што се однесува до комбинацијата од графитно и сувото пастозно боење, на поширокота територија на Бубањ-Салкуца-Криводол овој начин на декорирање е типичен за подоцнежните фази на комплексот. За првпат се јавува во III фаза кога и се пронајдени најголем број чинии украсени со оваа декоративна техника. Веќе во наредната IV фаза кога crusted боењето е доминатна техина, оваа комбинација поретко се среќава.

**Биконусни чинии**

Често се среќаваат со поголеми димензии и брадавичеста апликација поставена на преминот.

**Чинија со широк конусен долен дел и кус цилиндричен врат** (XXVIII,1).

Рамото кај овој поттип чинии е украсено со фриз од плитки канелури а може да има и два брадавичести испусти. Издвојуваме еден пример каде на вратот со графитно сликање се изведени линеарни геометриски мотиви. Во однос на формата аналогии наоѓаме во рамките на Бубањ-Хум Іа, каде е една од покарактеристичните керамички облици. Издвојуваме еден примерок од Бубањ кој од нашиот пример се

разликува по повисокиот врат.[239] И двата сада се декорирани на вратот со графитно сликање.

### в.4. Кантаровидни садови

Кантаровидните садови со две држалки се среќаваат во голем број и на Кале-Велес. Вообичаено се одликуваат со мазнета површина до мат сјај. Најголемиот дел од садовите од оваа група се декорирани со канелури и тоа фриз од коси канелури на рамото и хоризонтални паралелни канелури на вратот од садот (Т.ТXVI,7,8). Со канелури можат да бидат декорирани и држалките.

Овој тип садови се една од најзастапените керамички форми низ сите фази на Бубањ-Салкуца-Криводол. Според обликот и декорацијата не отстапува од појавите кои се манифестираат на целата територија на културниот комплекс. Аналогии наоѓаме во Бубањ-Хум Iа и во Криводол.[240]

Најелаборираните примероци во однос на декорацијата со канелури ги наоѓаме на територијата на Бубањ-Хум Iа што секако е тесно поврзано со винчанските декоративни традиции, имајќи го во предвид едновременото постоење на доцновинчанските населби и населбите кои припаѓаат на Бубањ-Хум Iа. Овој тип декорација според хронологијата на П. Георгиева се врзува за подоцнежните фази на Бубањ-Салкуца-Криводол, а се среќава и во погорните хоризонти на Салкуца.

Разликата со кантаровидните садови од Бубањ-Хум Iа е во однос на декорацијата која се состои од комбинација на канелури и убоди. Овој тип декорација кај досега откриените примероци од Кале-Велес не е забележан.

Посебно издвојуваме еден примерок со погруба фактура и без површинска обработка кој се одликува со висок цилиндричен врат и држалки кои тргаат под устието и завршуваат на рамото од садот (Т.XXVII,6). На рамото, во просторот помеѓу држалките, се поставени две брадавичести апликации. Аналогии на нашиот пример наоѓаме во Пекљук.[241]

---

[239] Гарашанин М.,1973,116
[240] Гарашанин М.,1983,40; Ганецовски Г.,2007,обр.24,2
[241] Georgieva P.,2007,Fig.3,1

### в.5. Амфори

Амфорите во Кале-Велес се среќаваат во неколку поттипови.

Првиот поттип амфори се карактеризира со големо тело, каде дијаметарот на телото е приближно еднаков на висината на садот, како и остриот пад во просторот помеѓу рамото и дното на садот (XXVI,3). Најширокиот дел од садот има овален пресек. Две вертикални држалки одат од устието на садот и завршуваат на рамото. Површината на садот е мазнета до пол сјај. Рамото е украсено со паралелни канелури поставени како краци на триаголник чиј средишен дел е исполнет со втиснати мотиви (т.н. жигосување).

Во однос на формата аналогии наоѓаме во Градиште, Град, а понатаму и во Пекљук и помладиот хоризонт во Кракра.[242]

Иако како форма ја среќаваме уште од раниот енеолит (Слатино), за потоа да стане една од одликите на првите две фази на Бубањ-Салкуца-Криводол, сепак декорацијата на примерокот од Велес (канелури и жигосување) е најблиска до начинот на украсување на кантаровидните садови кој се врзува за доцните фази на комплексот.

Другиот поттип е амфората со нагласено биконусно тело со елипсовиден пресек, тенок и висок цилиндричен врат и нанадвор извлечено устие (T.XXVI,1). Долниот дел од садот се карактеризира со остар пад кој во дното завршува шпицасто. На преминот се поставени три мали вертикални држалки, а на купестото рамо има две аглести држалки. Устието е украсено со два брадавичести испусти. Површината на садот е мазнета до сјај и декорирана со црвена пастозна боја. За овој сад не можат да се најдат аналогии на поширокото балканско подрачје.

### в.6. Капаци

Покрај веќе споменатиот капак на биконусните садови, во Кале-Велес е откриен уште еден мошне необичен облик на капак. Станува збор за сад со калотест долен дел, висок цилиндричен врат и рамно устие (XXVII,7). На најширокиот дел од стомакот се поставени две вертикални држалки. Од

[242] Колиштркоска Н.И.,2006,сл.21; Georgieva P.,1990, Fig. I,12; Радунчева А.,1981,обр.9,6

внатрешната страна, под устието има четири мали продупчени држалки. Рамото е декорирано со плитки вертикални канелури, а горниот дел од држалките со коси.

Идентичен на нашиот сад наоѓаме во населбата Телиш 4, во Долното Подунавје која припаѓа на финалниот енеолит (поточно Final Copper II) според бугарската хронологија.[243] Истиот соодвествува на развојот на Чернавода I, на чија територија наоѓаме сличности со еден примерок од телот во Харшова.[244]

Аналогии на поблиското централнобалканско подрачје наоѓаме во еден сличен на нашиот сад кој припаѓа на Баденската култура.[245] Разликата се состои во тоа што наместо еден пар држалки, примерокот од Мокрин има два пара од две едно до друго поставени држалки, како и во однос на декорацијата која овде е изведена со овални вдабнувања. Припаѓа на претокласичната (I) фаза на Баденската култура.

Аналогии на поширокиот простор наоѓаме во доцно Триполје со таа разлика што таму садовите од оваа група се богато сликани.[246]

### в.7. Мали садчиња

На Кале-Велес се среќаваат неколку различни форми на садови со мали димензии. Ги издвојуваме најрепрезентативните.

Првиот поттип е крушкасто садче со кус врат и рамно устие (Т.XXVII,8). На вратот се поставени две мали хоризонтално продупчени држалки.

Издвојуваме и садче со заоблена цилиндрична форма со два пара јазичести држалки кои се вертикално продупчени Т.XXVII,5). Сличности наоѓаме во еден примерок од Салкуца I, кој сепак не е во целост идентичен со нашиот сад.[247]

### в.8. Пехари

Пехарите се една од најзастапените форми во керамичкиот материјал од кале-Велес. Сите се одликуваат со грижлива изработка и мазнета површина која често е декорирана. Разликуваат неколку основни поттипови.

---

[243] Nikolova L.,1999,Fig.6.6,4
[244] Manzura I.,Fig.7.16,9
[245] PJZ,1979.T.XXII,11
[246] Массон В., Мерперт Н., 1982
[247] Berciu D.,1961,Fig.109,4

- Пехари на високи шупливи конусни нозе кои вообичаено доминираат над реципиентот (Т.XXVIII,4-6). Устието моше да биде рамно или задебелено. Реципиентот е во облик на конусна чинија која може да биде со помал дијаметар и подлабока или да биде широко отворена, со дијаметар кој е поголем од дијаметарот на ногата на пехарот. Ги среќаваме во најразлични димензии, од сосема мали до пехари со висина од 21 cm. Кај некои примери ногата на пехарот има помали или поголеми кружни исечоци. Од чинијата надолу може да поаѓаат две јазичести држалки. Површината е најчесто мазнета до полн сјај и декорирана со линеарен геометриски мотив изведен со графитна боја. Кај некои од садовите полињата насликани со графит се одвоени со линии од црвена пастозна боја. Декорацијата се среќава на надворешната страна на ногата и внатрешната страна на чинијата.

Кај едниот од пехарите декорацијата е изведена со канелури на задебеленото устие и паралелни брановидни врежани линии на ногата (Т.XXVIII,5). Понекогаш декорирана може да биде само ногата на пехарот, како кај овој мал пехар чија нога е декорирана со геометриски мотив изведен со графитно сликање (Т.XXVIII,6).

Она што е особено интересно е дека кај два од пехарите (Т.XXVIII,5,6) реципиентот е продупчен во пределот на дното со што садот добива форма на песочен часовник. Можеме само да претпоставиме дека садовите биле користени за некакви ритуали на либација.

Најблизок на нашите садови е пехарот од помладиот хоризонт од Кракра.[248] Истиот се одликува и со кружни исечоци, има две јазичести држалки, како и богата графитно сликана декорација. Сличности наоѓаме и во пехарот од Пекљук, кој од нашите примери се разликува по обликот на купестата нога.[249]

Сличности во однос на формата наоѓаме и во пехарот на пониска нога со продупчени јазичести држалки под устието од Скопската Тврдина.[250]

Овој тип садови како форма се врзува за I и II фаза на Бубањ-Салкуца-Криводол и не го среќаваме во подоцнежните фази на комплексот.Типичен е за западна Бугарија и не се сретнува на друго место, освен примерите од Македонија. Формата се заснова на пехарите од раниот енеолит кои се една од особеностите на

---

[248] Радунчева А.,1981,обр.9,5
[249] Georgieva P.,1990, Fig. I,7
[250] Митревски Д. (во печат)

западнобугарските раноенеолитски култури. Појавата на овој облик во Македонија и не треба да нé зачудува со оглед на фактот што ова подрачје уште од раниот енеолит било отворено кон културните влијанија кои доаѓале од западна Бугарија.

**Пехар во облик на кошница**

Станува збор за пехар со помали димензии кој е поставен на мала конусна нога (T.XXVII,9). Реципиентот е во форма на широко отворена конусна чинија, надвишена со лентеста држалка прекршена во највисокиот дел. Токму на овој агол е поставена пластична апликација која за жал е доста оштетена. Површината на садот е мазнета до полн сјај. Аналогии наоѓаме во пехарот од Богослов Камен.[251]

**Пехар со вкрстени држалки**

Овој пехар исто така има мала конусна нога на која е поставен реципиентот во облик на квадратна чинија со благо закосени ѕидови. Во четирите агли на чинијата се поставени зооморфни протоми (најверојатно птици) кои помеѓу себе се споени со лачни држалки со кружен пресек (T.XXVII,4). Површината на пехарот е полирана до висок сјај. Животинските протоми се насликани со жолта и црвена пастозна боја, а држалките се декорирани со линеарен мотив изведен со графитно сликање. Сличности наоѓаме во еден фрагмент од пехар од Скопската Тврдина кој во аглите наместо животински престави има поставено кружни апликации.[252] Сличен на нашиот пехар, само без животински протоми, е и пехарот од Бубањ.[253]

На крајот од овој преглед на керамичките форми застапени на Кале-Велес да споменеме и еден специфичен облик на сад кој за првпат се среќава на локалитетите во Македонија. Станува збор за сад со конусен долен дел и цилиндричен врат (T.XXVII,10). Конусниот дел завршува со мал отвор на врвот, така што садот е отворен и од двете страни. На преминот кон цилиндричниот врат е поставена јазичеста држалка вертикално продупчена. Предметот бил поставен на цилиндричниот дел кој е рамен, додека другиот отвор е заоблен. Површината на

[251] Нацев Т.,2009,41
[252] Фрагмент со инв.бр. 7-0126 од истражувачката кампања во 2007 година
[253] Гарашанин М.,1983,49

садот е грубо измазнета од надворешната страна и поцрнета. Најверојатно станува збор за капак со кој се затворал горниот отвор од печката и служел за регулирање на протокот на воздух.

* * *

Покрај типолошката определба на керамиката од Кале-Велес, секако не помалку важен белег преставуваат и различните видови држалки и декорација.

## Држалки

Држалките кај садовите од Кале-Велес мошне ретко ги среќаваме самостојно. Најчесто станува збор за комбинација од два или три пара држалки од различен тип. На материјалот од Кале-Велес застапни се следните типови држалки.

***- Лентести држалки***

Овој тип држалки се сретнува кај кантаровидните садови, амфорите, биконусните садови со цилиндричен врат и пехарите (пехар-кошница и пехар со животински протоми). Се разликуваат во однос на димензиите и поставеноста. Можат да имаат кружен или елипсовиден пресек. Воедно се и единствениот тип држалки кои декорирани и тоа со канелури кај кантаровидните садови.

***- Јазичести држалки***

Се среќаваат кај биконусните садови со капак, пехарите на висока нога и широкоотворените конусни чинии. Најчесто се вертикално продупчени.

***- Брадавичессти држалки***

Најчесто се среќаваат кај чиниите и тоа конусните чинии со вовлечено устие, широкоотворените конусни чинии, чиниите со конусен долен дел и цилиндичен врат и биконусните чинии. Ги среќаваме и кај амфорите и биконусните садови со цилиндричен врат.

## Декорација

Од техниките на декорирање кај садовите од Кале-Велес се евидентирани следните : графитно сликање, врежување, втиснување, канелирање, пастозно сликање со црвена, жолта и кафеава боја. Исто како и кај држалките и

декоративните техники најчесто не ги сретнуваме самостојно туку скоро по правило се комбинација од барем две техники.

***- Графитно сликање***

Графитното сликање е една од најчесто застапените декоративни техники. Садовите кај кои се сретнува се внимателно изработени и најчесто се со темнокафаева боја. Површината на садовите е полирана до висок сјај. Речиси сите садови се со фина фактура и имаат тенки ѕидови. Најчесто е сликана надворешната страна на садовите, освен кај широко отворените конусни чинии со задебелено устие каде внатрешноста на чинијата е богато декорирана. Графитното сликање го среќаваме кај следните керамички форми : биконусен сад со капак, широко отворена конусна чинија со задебелено устие, пехар на висока конусна нога.

Преовладуваат линеарните геометриски мотиви од кои најчесто се среќаваат групи од линии и спирали. Нема правила во однос на поставеноста на мотивите кои можат да бидат насликани по целата висина на садот.

Кај повеќето садови го наоѓаме во комбинација со суво пастозно боење, а кај биконусниот сад со капак и со врежување. Комбинацијата од графитно и пастозно сликање кај чиниите е типична за подоцнежните фази на Бубањ-Салкуца-Криводол комплексот.

***- Crusted боење***

Сувото пастозно боење со црвена, жолта и поретко кафеава боја најчесто не стои самостојно и го среќаваме во комбинација со графитното сликање. Таков пример се широко отворените конусни чинии со задебелено устие. Вообичаено со пастозна боја се бои просторот околу држалките, а се користи и за одвојување на полињата сликани со графитен орнамент кај пехарите. Мотивите се шрафирани полиња, мрежасти орнаменти и сл.

***- Врежување***

Врежувањето го среќаваме кај биконусните садови со капак, во комбинација со графитното и сувото пастозно сликање. Мотивите кои се изведени се најчесто снопови од паралелни линии.

*- Канелирање*

Станува збор за фризови или полиња од вертикални или коси канелури. Најчесто се среќаваат кај кантаровидните садови и тоа на рамото и вратот, а поретко и на држалките. Овој начин на декорирање на кантаровидните садови е карактеристичен за подоцнежните фази на Бубањ-Салкуца-Криводол. Ги наоѓаме и кај конусните чинии со издигнато устие каде се организирани во полиња или одат по целата должина на устието, потоа кај амфорите, капаците и пехарите на висока нога.

***- Втиснување***

Оваа декоративна техника ја среќаваме кај амфората каде оди во комбинација со канелури. Мотивот е во вид на капки. Вообичаено втиснатите мотиви се сретнуваат кај погрубите садови.

## в. 9. Пластика

На Кале-Велес откриени се и неколку фрагментирани фигурини. Претежно се пронаоѓани во близина на огништата, како во куќата така и во дворот. Само една од фигурините е најдена целосно сочувана (Т.XXIX,2). Од останатите најчесто е сочуван само горниот или долниот дел од телото (Т.XXIX,1,3,5-7). Сепак, целосно сочуваната фигурина ни овозможува да направиме типолошко определување на пластиката од овој локалитет.

Фигурините се претежно изработени од недоволно прочистена глина, а кај оние со нешто поголеми димензии површината е убаво измазнета.

Сите фигури го прикажуваат телото во седечка положба, навалено station наназад. Некои од нив седеле на столче кое било посебно изготвувано. Телото е изведено плоснато. Пубичниот триаголник е назначен со врежани линии. Рацете на фигурините кои најчесто се откршени, се кратки и благо раширени. Градите можат да бидат пластично претставени. Главата е најчесто стилизирано изведена како купест завршеток на издолжениот врат без преставa на лицето. Само кај една фигурина забележуваме обид да бидат прикажани цртите на лицето. Со благо штипење на глината е прикажан нозот а очите се назначени со два убода

(Т.XXIX,6). Кај дел од фигурините стомакот е благо нагласен. Нозете се кратки, здепасти и одвоени. Бедрата кај повеќето од нив се нагласени.

Сличности наоѓаме со пластиката од Шуплевец-Бакарно Гумно групата.[254] Разликата е што кај фигурините од Велес столчето било засебно прикажувано а кај фигурините од пелагониската група фигурината е слеана со столчето.

На пошироката територија на Бубањ-Салкуца-Криводол аналогии наоѓаме потешко поради фактот што во рамките на овој комплекс, освен во Шуплевец-Бакарно Гумно, пластиката е мошне редок наод. Сличности во однос на изведбата и положбата на телото има и со фигурините од Заминец и Криводол.[255] Меѓутоа и тие како и фигурините од пелагонсиката група се слеани со столчето на кое седат.

Помеѓу пластиката од Кале-Велес издвојуваме една фрагментирана фигурина со богата врежана декорација која е типична за раниот енеолит (Т.XXIX,4). Овој тип фигурини ги наоѓаме во голем број во Спанчево и Пилаво, а се среќаваат и во Богослов Камен, Градиште, Град и Цареви Кули. Воедно ова е единствениот наод од Кале-Велес кој припаѓа на раниот енеолит.

Да споменеме и една глава на зооморфна фигурина со извлечена муцка која најверојатно била протома на сад или жртвеник (Т.XXIX,8).

### в.10. Алатки

На локалитетот Кале-Велес наоѓаме орудија од камен, кремен, глина, коска и рог. Да ги издвоиме најзачајните.

Според истражувачите, на овој локалитет се пронајдени артефакти од делкан камен (ретуширани сечила и одбитоци) (Т.XXIX,11), мазнет камен (тесли, клинови) (Т.XXIX,9,10) и абразивни орудија (мелници).

Од коскените орудија пронајдени се игла за шиење, шила, стругалки за обработка на кожа и мазнење на површината на керамичките садови (Т.XXX,3). Откриен е и значител број рогови од елен кои најверојатно биле користени како дел

[254] Колиштркоска Настева И.,2005,80
[255] Николов Б.,1984,65

од ралата за орање, како основа за срп во кој биле вгнездувани кремените ножиња или прицврстени на дрвена дршка како мотики (Т.XXX,4).

Од орудијата изработени од глина пронајдени се прешлени со конусна и биконусна форма со најразлични димензии, како и тег за разбој (Т.XXX,1,2).

## г. Културна и хронолошка определба

Анализата на материјалот од Кале-Велес укажува на фактот дека предисториската населба била основана и постоела во текот на доцниот енеолит. Населбата најверојатно била формирана на почетокот на доцниот енеолит, поточно во текот на I фаза од Бубањ-Салкуца-Криводол културниот комплекс, за што сведочат и наодите кои припаѓаат на Протокриводол фазата, пред сé пехарот на висока нога. Доколку ги картираме локалитетите по кои ги среќаваме овој тип наоди можеме слободно да го претпоставиме патот на нивното ширење од западна Бугарија кон запад. Притоа долината на Брегалница одиграла функција на природна комуникација со центарот на новонастанатите културни вредности, улога која како што видовме ја имала уште од крајот на раниот енеолит. На тој начин културните манифестации стасале сé до устието на Брегалница.

Останатиот дел од наодите од Кале-Велес припаѓа на подоцнежните фази на Бубањ-Салкуца-Криводол (III и IV фаза) и со некои свои карактеристики тесно се врзува за Бубањ-Хум Ia, како и со наодите од доцноенеолитската населба на Скопската Тврдина и Костоперска Карпа. Можеме да претпоставиме дека во периодот кога доцноенеолитската култура веќе била воспоставена на овој простор, доаѓа до нов продор на културни влијанија, овојпат од север, кои се карактеристични за зрелите фази на Бубањ-Салкуца-Криводол.

# ИЛУСТРАЦИИ

- *Кале, с. Стари Град*


T.XXVI
1
2
3
4
5
6
7
8

**T.XXVII**



**T.XXVIII**



1



4



5



2



6



3

**T.XXIX**





1 2 3 4





5 6 7 8



**T.XXX**






3



4

# IV. ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Временскиот период на кој припаѓа материјалот е доста долг и опфаќа повеќе фази, почнувајќи од крајот на раниот енеолит  па сé до доцните фази доцниот енеолит. Иако во литературата почетокот на енеолитот во Македонија главно се врзуваше за преселби на население од север кое со себе ги донело културните вредности на новото време, истражувањата во последните неколку години упатуваат на заклучокот дека во поедини делови на Македонија сепак е забележана автохтона појава на енеолитот. Станува збор за скопскиот регион, каде најстарите раноенеолитски населби биле основани од остатоците од доцнонеолитското население од околните населби. Раноенеолитскиот хоризонт на живеење на овие населби се карактеризира со тоа што е впечатлива комбинација од старите доцнонеолитски вредности, карактеристични за претходниот период на тој даден простор и ново вовоспоставените енеолитски културни елементи.

Што се однесува до долината на Брегалница, на сегашното ниво на истраженост, не можеме да говориме за автохтон премин од неолитот во енеолитот. На ниту еден од истражуваните локалитети не е документиран хоризонт на живеење каде карактерот на материјалната култура би отсликал барем дел од процесите на постепено воспоставување на енеолитската култура, како што е случајот со локалитетите од Скопската котлина.

Во оваа студија се обработени најзначајните наоди од вкупно пет истражени локалитети од периодот на енеолитот по долината на Брегалница. Истите беа распоредени во три главни категории : керамика, пластика и алатки. Покрај тоа, онаму каде што ситуацијата го дозволува тоа, беше даден и приказ за текот на истражувањата, како и за откриените остатоци од архитектура. Во рамките на трите главни категории беа издвоени основните форми кои се среќаваат кај материјалот од обработените наоѓалишта. Притоа, некои од основните форми се јавуваат и во повеќе варијанти.

Најстарите енеолитски појави по долината на Брегалница се врзуваат за периодот на раниот енеолит и ги наоѓаме во светилиштето во Спанчево. Според

карактеристиките на материјалната култура светилиштето било во употреба во текот на раниот енеолит, при што најголем дел од наодите типолошки се врзуваат за првата и втората фаза на раноенеолитскита култура Градешница, како дел од поголемиот културен комплекс Градешница-Слатино-Дикили Таш. Наодите кои одговараат на првите две фази од културата Марица, само го потврдуваат датирањето на светилиштето. Светилиштето несомнено било во употреба во текот на целиот ран енеолит за што сведочи и присуството на графитно сликана керамика каде мотивите се вешто изведени со тенки линии, карактеристика на веќе развиен ран енеолит.

На раниот енеолит припаѓа и постариот хоризонт на живеење во Пилаво каде културните манифестации одговараат на подоцнежните фази на раниот енеолит во споменатиот комплекс. И додека во Спанчево најголемиот голем дел од графитно сликаната керамика припаѓа на раните фази во рамките на културниот комплекс, што се огледа преку дебелината на линиите и несигурноста на изведените мотиви, во Пилаво го среќаваме токму спротивното. Овде декорацијата е изведена со тенки линии, мотивите се елаборирани, без почетнички обиди, што секако соодветствува на зрелите фази од развојот на комплексот. Сепак, неоспорен е фактот дека и на двата локалитета енеолитот го среќаваме како веќе формиран, како готова појава, без оние почетни фази на експериментирање со формите и мотивите и барање на автентичен израз.

Како што веќе беше кажано, мошне е тешко да се одреди долната временска граница за почетокот на енеолитот во Македонија. За да се обидеме да добиеме макар приближна слика за почетоците на овој период клучна е синхронизацијата со подобро истражените и документирани наоѓалишта од соседните земји (сл.23). Имајќи ги во предвид сличностите со Градешница I-III, Слатино I-III, Дикили Таш II, Ситагри III, Промахон-Тополница IV, Марица I, како и претпоставените разорни последици од климатските промени кои се случиле околу 4.600 г.п.н.е. и последователните движења на населението од погодените региони, почетоците на енеолитот по долината на Брегалница би можеле да ги сместиме во втората половина на V милениум п.н.е.

Притоа, елементите од раноенеолитскиот културен комплекс Дикили Таш-Слатино комплекс најнапред по долината на Струма, а потоа и преку Брегалница се прошириле кон Источна Македонија. Во времето на продорот на новите појави во овие области доминантни биле винчанските елементи, така што кога стасале новите културни вредности од Дикили Таш-Слатино, некои од винчанските традиции ќе се задржат во рамките на раноенеолитските, што е особено видливо во керамографијата, на пр. широкоотворените чинии со задебелено устие кои се дел од винчанските форми а на кои ќе им се додадат новите елементи т.е. сликањето со графит. Веќе во следната фаза од развојот на Брегалничката група овие доцненеолитски елементи целосно ќе исчезнат и ќе бидат заменети со карактеристичните доцноенеолитски појави.

Сепак, и покрај тоа што карактеристиките на керамиката хронолошки се врзуваат за постарите фази на раниот енеолит, не можеме со сигурност да тврдиме дека светилиштето во Спанчево е најстарата енеолитска појава во овој дел на Македонија. Притоа, треба да се има во предвид дека карактерот на овој локалитет и активностите кои се одвивале таму сигурно имале голема улога врз карактерот на материјалната култура. Имајќи го во предвид претходно изнесеното за присутноста на фрагментацијата на предмети во предисторијата, не можеме со сигурност да тврдиме дека луѓето кои доаѓале да ги практикуваат своите религиски обреди со себе носеле и нови предмети-керамички садови и фигурини. Напротив, можеби биле носени предмети кои биле од големо значење за заедницата, семејството или поединецот како нејзината основна клетка, предмети кои според нивните верувања имале голема вредност и кога ќе се изабеле не биле фрлани во отпадните јами туку енеолитскиот човек ги носел на ова култно место за да бидат дел од ритуалите кои биле изведувани. Тоа би објаснило зошто артефактите пронајдени на Спанчево имаат хронолошки примат во однос на останатите истражени локалитети. Сепак, овој начин на толкување отвара и нови прашања. Доколку постојат предмети кои датираат од првите фази на раниот енеолит, каде се тогаш населбите од кои доаѓа овој материјал кој досега не е откриен на ниту еден друг локалитет по долината на Брегалница? Секако дека нискиот степен на истраженост кој не дава многу податоци за населбите и нивната стратиграфија, игра голема улога во овој проблем.

Малиот истражен простор не гарантира дека сите фази на живеење во населбата ќе бидат документирани. Да се надеваме дека публикацијата на наодите од останатите локалитети во околината, пред сé на енеолитскиот материјал од Виничкото Кале, како и истражувањата на некои други локалитети од енеолитот, Каленичарка и Балтачко Маало, ќе помогне во решавањето на овој проблем.

Во секој случај слободно можеме да кажеме дека во периодот на раниот енеолит долината на Брегалница со своите културни манифестации се приклучува во рамките на големиот раноенеолитскиот културен комплекс Градешница-Слатино-Дикили Таш.

Некаде кон крајот на раниот енеолит, поточно на преминот од ран во доцен енеолит, е формирана населбата на Градиште, Град. Овој локалитет преставува убава илустрација за преминот од ран во доцен енеолит поради истовременото присуство на материјал типичен за првите две фази од доцноенеолитскиот Бубањ-Салкуца-Криводол комплекс и одредени манифестации кои се карактеристични за последните две фази на раноенеолитската Градешница. Оваа појава и не треба да нé зачуди со оглед на фактот дека во генезата на Протокриводол, како прва фаза на комплексот, лежи токму оваа култура.

Кон почетокот на доцниот енеолит е формирана и населбата на Кале-Велес каде среќаваме елементи кои се типични за Протокриводол фазата. Оваа фаза е документирана и во помладиот хоризонт на Пилаво. Таквите релации укажуваат дека долината на Брегалница и во периодот на доцниот енеолит играла улога на природна комуникација по која се пренесувале културните вредности од исток .

Следејќи ги правците на ширење на новите елементи, можеме да констатираме дека доколку во текот на раниот енеолит културните импулси доаѓале од југоистокот, од јадрото на Дикили Таш-Слатино комплексот, во доцниот енеолит овој регион ќе се отвори кон север.

За тоа најдобро говори материјалот од Кале- Велес, Богослов Камен кој во потполност одговара на III и IV фаза од Бубањ-Салкуца-Криводол. Воедно своите најблиски аналогии ќе ги има и во материјалот од Бубањ-Хум Ia.

Притоа, влијанијата од север ќе доаѓаат од два правца, од североисток т.е. од северозападна Бугарија како јадрото на Протокриводол во раните фази на доцниот

енеолит, за подоцна во текот на III и IV фаза на Бубањ-Салкуца-Криводол, влијанијата од Бубањ-Хум Ia од север по долините на Морава, Пчиња и Вардар да стасаат сé до Брегалница. На овие фази од развојот на доцноенеолитската култура одговара материјалот од Криводол II и III, со што доцниот енеолит по долината на Брегалница го сместуваме некаде во првата половина на IV милениум п.н.е.

Имајќи ги во предвид културните манифестации од споменатите населби, можеме да издвоиме две фази во развојот на Брегалничката група. Првата фаза го опфаќа периодот на полниот и развиен ран енеолит кога енеолитските културни вредности за прв пат ќе стасаат во овој регион од исток , по долината на Струма преку попристапните премини помеѓу планинските венци и така сé до горното течение на Брегалница.

Втората фаза го опфаќа периодот на доцниот енеолит и во неа разликуваме два субпериода, во однос на тоа од каде доаѓал протокот на нови културни влијанија. На почетокот од оваа фаза регионот бил отворен кон североисток, од каде по Брегалница културните влијанија од северозападна Бугарија ќе стасаат до устието на реката (пехарите на висока нога од Кале-Велес), за веќе понатака во фазата регионот да се отвори на влијанијата од север и појавите карактеристични за централнобалканското подрачје. Овој своевиден микс од елементи од северозападна Бугарија и Поморавјето всушност го дава основниот белег на Брегалничката група во нејзината подоцна фаза.

Во таквите околности, долината на Брегалница имала големо влијание во процесот на ширење на енеолитските културни вредности во Македонија. Како што веќе видовме, низ неа поминале два брана културни импулси-едниот кон крајот на раниот енеолит а другиот на почетокот од доцниот енеолит. Истата најверојатно била појдовна точка од која преку Овче Поле и Жеглигово овие елементи стасале и до Костоперска Карпа, чиј материјал покажува бројни сличности со Пилаво. Во процесот на ширење на енеолитските вредности од исток била користена и долината на Вардар, така што материјална култура со такви белези ќе стаса и до Скопската Тврдина откаде што наодите од помладиот енеолитски хоризонт припаѓаат на Брегалничката група.

Кога се говори за Брегалничката група треба да се спомене и енеолитската населба на Цареви Кули, Струмица. Од она што е публикувано од наодите може да се забележи влијание од раноенеолитските локалитети во регионот на Долна Струма од каде културните вредности се ширеле по долината на Струмешница/Струмица. Од друга страна наодите бележат и аналогии, особено во пластиката, и со раноенолитските локалитети по долината на Брегалница. Сепак, со оглед на географската близина на ова наоѓалиште до Долна Струма, најверојатно наодите би покажале хронолошка предност во однос на најстарите локалитети по Брегалница, правејќи го овој регион прв кој дошол во контакт со новите енеолитски вредности. Воедно, треба да се има на ум дека климатските промени со сета нивна жестина прво се почувствувале токму во регионот на Долна Струма, па населението бегајќи на север најверојатно (најпрво) стасало и дотука. Сепак, прерано е да се говори за вакво нешто. Треба да се почека публикација на наодите која ќе фрли повеќе светло врз почетоците на енеолитот во овој регион и врските со Долна Струма. Само така би се утврдил хронолошкиот сооднос и евентуалната хронолошка разлика со брегалничките локалитети.

За економијата, особено за металургијата во рамките на Брегалничката група е доста тешко да се говори. Ниският степен на истраженост го отежнува собирањето податоци во врска со овие прашања. Сите истражени населби се наоѓаат во непосредна близина на значително пространство плодна и обработлива земја, така што можеме слободно да кажеме земјоделството било една од главните стопански гранки. Присуството на животински коски во рамките на населбите, а и во светилиштето, укажува дека и сточарството играло значајна улога во економијата на групата. Иако на локалитетите не се откриени метални алатки сепак не можеме да го отфрлиме како неосновано мислењето дека не ги познавале металуршките процеси. Во прилог на тоа дека ги владееле барем основните процеси во металургијата одат и пронајдените камени калапи за лиење. Понатака, самото тоа што го познавале процесот на производство на графитно сликаната керамика говори дека оваа група била на ниво на технолошки развој да може да произведува бакар од руди. Развојот на металургијата во својата основа е тесно врзан со пристапноста до природните рудни ресурси. А токму источниот дел на Македонија

изобилува со наоѓалишта на бакар. Освен добропознатиот Бучим тука се и Боров Дол, Конче; Кадиица, Пехчево; Иловица на падините на Огражден и Самар во близина на тромеѓето Македонија-Бугарија-Србија. На локалитетот Боров Дол токму сега се вршат археолошки истражувања кои се очекува да дадат одговор дали ова наоѓалиште било експлоатирано во минатото. Ова, како и некои наредни истражувања, можеби ќе потврдат постоење на експлоатација на бакар и познавање на металуршките процеси во периодот на енеолитот.

Како и да е, дури и да не го добивале бакарот со топење на бакарните руди, тогаш постои можност по пат на размена да го набавувале од соседните региони каде рудата се ископувала и овој процес е археолошки документиран Истиот најверојатно бил набавуван во вид на полуфабрикати кои биле полесни за топење и лиење.

Дека идејата за размена на добра помеѓу енеолитските заедници на овој дел од Балканот е повеќе од возможна, говори и присуството на спондилус школки. Иако се мошне редок наод, сепак неоспорно е нивното особено важно општествено значење како дел од т.н. материјално експресивна култура. Фактот дека овој материјал (најверојатно) бил носен Егејското Море, укажува дека во текот на овој период постоел одреден систем на размена на добра.

Од друга страна, постоењето на светлиштето говори дека станува збор за култура со изграден систем на верувања и култни пракси, ритуали кои излегле од рамките на домот и потесното семејство и добиле јавен карактер. Само еден развиен општествен систем со свој дефиниран систем на вредности може да продуцира таква сложена религиска структура.

Доколку извршиме споредба со материјалот од Шуплевец-Бакарно Гумно групата, отсуството на елементи од првите фази на Бубањ-Салкуца-Салкуца и малкуте елементи кои ја врзуваат оваа доцненеолитска култура за Бубањ-Хум Ia, недвојбено наведуваат на заклучокот дека Пелагониската група е нешто помлада од Брегалничката. Во прилог на ова тврдење оди и фактот дека во рамките на оваа група графитно сликаната керамика практично отсуствува и е документирана само во најстарите хоризонти на Бакарно Гумни и Крушеанска Чука.

Крајот на групата и на енеолитот во овој дел на Македонија не може со сигурност да се одреди. Присуството на одредени елементи во материјалната култура кои можат да се поврзат со Баденската култура (Кале-Велес) укажува дека горната граница на оваа група е периодот некаде околу почетокот на III милениум п.н.е. Сепак, на овој степен на истраженост не можеме да говориме со сигурност. Публикувањето на резултатите од систематските ископувања на Скопската Тврдина каде енеолитскиот хоризонт е следен од ранобронзенодопски хоризонт би можело да помогне во утврдувањето на временскиот период кога Брегалничката група го завршува своето постоење.




Сл.23 Синхрона табела на енеолитските култури на Балканот

| (СЕВЕРО)ЗАПАДНА БУГАРИЈА | МОРАВСКО-ВАРДАРСКА ДОЛИНА | ПЕЛАГОНИЈА |
|---|---|---|
| | | Црнобуки I-II<br>Крушеанска Чука<br>Бакарно Гумно I-II<br>Шуплевец II |
| Криводол III<br>Криводол II<br>Криводол I | Бубањ-Хум I | |
| Градешница<br>Слатино I<br>Слатино II<br>Слатино I | Скопско Кале<br>Орловица II | Шуплевец I<br>Трештена Стена |

Финален енеолит

## Кратенки

**ЗШНМ** – Зборник на Штипскиот Народен Музеј

**BCH** – Bulletin de correspondence Helenique

**PJZ** – Praistorija Jugoslovenskih zemalja

**AP** – Arheološki pregled

**AJA** – American Journal of Archaeology

**ABSA** - The Annual of the British School at Athens

## БИБЛИОГРАФИЈА


**Атанасова И.,2010,** Култна пластика од енеолитското наоѓалиште Св. Атанас–с. Спанчево, Кочанско (каталог), ЈОУ Искра, Кочани, 2010

**Богатства од музейната мрежа**, Първа експозиция на музея на НБУ, електронно издание, София, 2010

**Видески З., 2005,** Енеолитската населба Врањак" од с.Варвара-Скопско, *Зборник Археологија 2-Музеј на Македонија,* Скопје, 2005, 67-77

**Ганецовски Г.,2007,** Керамика от праисторическото селище Криводол-Тепето, *In Honorem Henrieta Todorova, PRAE,* Sofia, 2007, 103-129

**Гарашанин М., 1973,** Праисторијске културе Поморавља и источне Србије (каталог), Народни музеј Ниш, Ниш, 1973

**Гарашанин М., 1983,** Археолошки локалитети Бубањ и Велика хумска чука (каталог), Народни музеј Ниш, 1983

**Гарашанин М., Симоска Д., 1976,** Контролни ископувања на Шуплевец и некои проблеми на групата Шуплевец-Бакарно Гумно, *Macedoniae Acta Archaeologica 2,* Прилеп, 1976, 9-41

**Димитровска В., 2010,** Култната пластика од енеолитското наоѓалиште Св. Атанас, с. Спанчево, Кочанско, Културен живот, Скопје, 2010, 22-23

**Јованов М., Нацев Т., 2001,** Пијанец – од праисторијата до денес (каталог), 2001

**Јовчевска Т., 2008**, Кале-енеолитска куќа, Велес, 2008

**Капуран А., Јевтић М., Борић Д.,2007,** Налази керамике из енеолита и гвозденог доба у две новооткривене пећине на територији Ђердапа, *Гласник Српског археолошког друштва, бр. 23,* 2007, 103-124

**Колиштркоска-Настева И., 1993,** Енеолитско наоѓалиште на Костоперска Карпа, *Macedoniae Acta Archaeologica 13*, 1993, 43-49

**Колиштркоска-Настева И., 1994,** Енеолит, *Археолошка карта на република Македонија, Том I,* Скопје, 11-994, 43-50

**Колиштркоска-Настева И., 1998**, Енеолит, *Водич низ археолошката поставка* (каталог), Музеј на Македонија, Скопје, 1998, 24-31

**Колиштркоска-Настева И., 1999,** Антропоморфни и зооморфни фигурини од енеолитскиот период-лок. Пилаво, Бурилчево, *Macedoniae Acta Archaeologica 15,* 1999, 25-32

**Колиштркоска-Настева И., 2005**, Праисториските дами од Македонија (каталог), Музеј на Македонија, Скопје, 2005

**Колиштркоска-Настева И., 2005a**, Индоевропски елементи во енеолитот во Македонија, *Macedoniae Acta Archaeologica 16,* 2005, 55-64

**Колиштркоска-Настева И., Карпузова С., 2005**, Графитно декорирана керамика од лок.Пилаво, с. Бурилчево, Кочанско, *Зборник Археологија 2-Музеј на Македонија,* Скопје, 2005, 57-66

**Колиштркоска-Настева И., 2006**, Енеолитско наоѓалиште во Делчевско, *Macedoniae Acta Archaeologica 17,* 2006, 81-92

**Манаковиќ Д., Андоновски Т., 1979**, Релјефни карактеристики на источна Македонија, *Географски разгледи 17*, Скопје, 1979, 5-32

**Массон В., Мерперт Х., 1982**, Энеолит СССР, Москва, 1982

**Миткоски А., 2010,** Мариово во праисторијата, *Macedoniae Acta Archaeologica 19,* 2010, 49-84

**Митревски Д., 2007,** Скопска Тврдина-археолошки истражувања 2007 (каталог), Музеј на град Скопје, Скопје, 2007

**Митревски Д. (во печат),** Праисторија на Република Македонија (во печат)

**Настева И., 1989,** Пилаво/Бурилчево – енеолитска и хеленистичка населба, *АР 1987,* Ljubljana, 1989

**Нацев Т., 2009,** Трите керамитки-резултати од заштитните археолошки истражувања Злетовица 2007-2009, Завод и Музеј Штип, Штип, 2009

**Николов Б., 1974,** Градешница, София, 1974

**Николов Б., 1984,** Криводол – древни култури, София, 1984

**Погожева А., 1983,** Антропоморфная пластика Триполя, Академия наук СССР, Сибирское отделение, Новосибирск, 1983

**Радунчева А., 1981,** Праисторически селища (V-II хил. Пр. н. е.), *Перник, Том I, Поселищен шивот на хьлма Кракра, от V хил. пр. н.е. до VI в. на н. е.,*София, 1981, 11-51

**Рујак З.,2004,** Цареви Кули-напатот на предците (каталог), Струмица, 2004

**Рујак З., 2007,** Праисториската на селба на локалитетот Јужен Рид-Цареви Кули и проблемот на преодот помеѓу доцноенеолитската и ранобронзената епоха во Југоисточна Македонија, *Зборник на трудови во спомен на Јован Ананиев,*Струмица, 2007, 17-37

**Санев В., 1961,** Извештај од археолошките рекогносцирања во Источна Македонија, *ЗШНМ 2,* Штип, 1961

**Станковски Ј., 2010,** Прилог кон проучувањето на обредната практика на локалитетот Татиќев Камен, с. Кокино, *Macedoniae Acta Archaeologica 19,* 2010,115-126

**Тасић Н., 1983,** Југословенско Подунавље од Индоевропске сеобе до продора Скита, Нови Сад-Београд, 1983

**Тасић Н., 1986,** Енеолит јужног Баната (каталог), Панчево-Вршац, 1986

**Темелкоски Д., Миткоски А., 2008,** Енеолитскиот локалитет Големи Камен кај село Лопатица, *Macedoniae Acta Archaeologica 18,* 2008, 115-134

**Тодорова Х., 1986,** Каменно-медната епоха в България, София, 1986

**Тодорова Х., Вайсов И.**, Ново-каменната епоха в България, София, 1993

**Тодоровиќ Ј., Симоска Д., Китаноски Б., 1987,** Осврт врз резултатите од археолошките истражувања на праисторијата во Пелагонија, *Зборник на трудови 6-8,* Битола, 1985-87

**Трајковска Л., 1999,** Градиште-Пелинце, истражување на секторот Две Могили, *Macedoniae Acta Archaeologica 15,* 1999, 47-62

**Тресидер Џ., 2001,** Речник на симболи, Скопје, 2001

**Чохаджиев С., 2006,** Слатино – праисторически селища, Велико Търново, второ издание, 2006

**Ainian M., 1989,** .Late Bronze Age Apsidal and Oval Buildings in Greece and Adjacent Areas., *The Annual of the British School at Athens* 84, 1989, 269-288

**Atanasova I., 2009,** anthropomorphic cult plastic from the eneolithic sanctuary near the village Spančevo, Kočani, *Международен симпозиум "Злятното петто илядалетие – Тракия и соседните региони в енеолита,* Пазарджик, 2009 (во печат)

**Anthony D., 2004,** Domestication of the horse, *Ancient Europe 8000 B.C.- A.D.1000, Volume I, Encyclopedia of the barbarian world,* Thomson Gale, 2004, 363-368

**Antonović D., 2002,** Prerada bakra u Vinči – novi prilozi tezi o metalurškom karakteru Vinčanske kulture, *Starinar, br. 52,* 2002, 27-45

**Antonović D., 2006,** Malachite finds in Vinča Culture : Evidence of early copper metallurgy in Serbia, *Metalurgija, Vol.12, br.2-3,* 2006, 85-92

**Bailey D., 2000,** Balkan prehistory - Exclusion, incorporation and identity, Routledge, 2000

**Bailey D., 2005,** Prehistoric figurines – representation and corporeality in the Neolithic, Routledge, 2005

**Bailey D., 2007,** The anthi-rhetorical power of representational absence : incomplete figurines from the Balkan Neolithic, Image and imagination, Cambridge, 2007, 111-120

**Bailey D., 2010,** Figurines of Old Europe, *The Lost world of Old Europe : The Danube Valley, 5000-3500 BC,* Oxford, 2010, 113-125

**Balen J., 2005,** Sarvaš-neolitičko i eneolitičko naselje, Musei archaeologici Vol. 1, Zagreb, 2005

**Bankoff A., Winter F., 1990,** The Later Aeneolithic in Southeastern Europe, *AJA, Vol. 94, No. 2,* 1990, 175-191

**BCH, 2004**, Dikili Tash, Village préhistorique de Macédoine Orientale I, Fouilles de Jean Deshayes (1961-1975) 2, publiées sous la direction de René Treuil, 2004

**Berciu D., 1961,** Contribuţii la problemele neoliticului în Romînia în lumina noilor cercetări, Bucureşti, 1961

**Bojadžiev J., 1998,** Radiocarbon dating from Southeastern Europe, *James Harvey Gaul In memoriam, In the steps of James Harvey Gaul, Volume 1,* 1998, 349-370

**Bojadžiev J., 2007,** Absolute chronology of the Neolithic and Eneolithic cultures in the valley of Struma, *The Struma/Strymon Valley in Prehistory, In The steps of James Harvey Gaul, Volume 2,* Sofia, 2007, 309-316

**Bolger D., 1996**, Figurines, fertility and the emergence of complex society in prehistoric Cyprus, *Current Anthropology, Vol. 37, No2,* 1996, 365-373

**Borić D., 2008,** First households and "house societies" in European prehistory, *Prehistoric Europe : theory and practice,* Wiley-Blackwell, 2008, 109-142

**Chapman J., 2000,** Fragmentation in archaeology : people, places and broken objects in the prehistory of South-Eastern Europe, Routledge, 2000

**Chapman J., 2001**, Object fragmentation in the Neolithic and Copper Age of Southeast Europe, *The archaeology of cult and religion,* Archaeolingua, Budapest, 2001, 89-107

**Čohadžiev S., 1998,** James Harvey Gaul and research on the Neolithic and Eneolithic in Western Bulgarija, *James Harvey Gaul In memoriam, In the steps of James Harvey Gaul, Volume 1,* 1998, 63-78

**Darcque P. et al., 2007,** Recent researches at the Neolithic settlement of Dikili Tash, Eastern Macedonia, Greece : an overview, *The Struma/Strymon Valley in Prehistory, In The steps of James Harvey Gaul, Volume 2,* Sofia, 2007, 247-256

**Deshayes J., 1970,** Les fouiles de Dikili Tash et l'archéologie Yougoslavie, *Зборник Народног музеја VI,* Београд, 1970, 21-43

**Dimitrijević S., 1979,** Badenska kultura, *PJZ*, Sarajevo, 1979, 183-234

**Draganov V., 1998,** The present state of Eneolithic research in Northeastern Bulgaria and Thrace, *James Harvey Gaul In memoriam, In the steps of James Harvey Gaul, Volume 1,* 1998, 203-221

**Escedy I., 1971**, A new item relating the connection with the east in the Hungarian Copper Age (A Marosdecse-type grave in Csongrad), A Mora Ferenc Muzeum Evkonyve, 1971/2, 9-17

**Georgieva P., 1990,** Periodization of the Krivodol-Salkuta-Bubanj culture, *Vinča and its World,* Beograd, 1990

**Georgieva P., 2007,** On the late stages of the Krivodol-Sălkuţa culture, *The Struma/Strymon Valley in Prehistory, In The steps of James Harvey Gaul, Volume 2,* Sofia, 2007, 329-338

**Gimbutas M., 2001,** The living goddesses, University of California Press, 2001

**Grammenos D., 1996,** Neolithic settlements in Macedonia and Thrace, *Neolithic culture in Greece,* Athens, 1996, 41-45

**Grebska-Kulowa M., Kulow I., 2007,** Prehistorical sites in the Middle Struma river valley between the end of the VII mil. BC and the beginning of the I mil. BC, *The Struma/Strymon Valley in Prehistory, In The steps of James Harvey Gaul, Volume 2,* Sofia, 2007, 279-296

**Hansen S., 2001,** Neolithic sculpture. Some remarks on an old problem, *The archaeology of cult and religion,* Archaeolingua, Budapest, 2001, 37-53

**Hodder I., 1994,** Neolithic houses and tombs, *Architecture and order : approaches to social space established,* Taylor & Francis, 1994

**Joseph G., Kundig, K., 1999,** Copper: its trade, manufacture, use, and environmental status, ASM International, 1999

**Jovanović B., 2006,** Gradac Phase of the Vinča culture – Origin of a typological innovation, *Homage to Milutin Garašanin,* Belgrade, 2006, 221-234

**Jovanović B., 2007,** Proto-Krivodol phase and the Late Vinča culture, *In Honorem Henrieta Todorova, PRAE,* Sofia, 2007, 99-102

**Jovanović B.,2009,** Beginning of the Metal Age in the Central Balkans according to the results of the archaeometallurgy, *Journal of mining and metallurgy 45 (2),* 2009, 143-148

**Kohl P., 2007,** The making of Bronze Age Eurasia, Cambridge world archaeology, 2007

**Koukouli-Chrysanthaki C., 2006,** The Neolithic and Bronze Age of Eastern Macedonia, *Homage to Milutin Garašanin,* Belgrade, 2006, 469-487

**Koukuli-Chryssanthaki C. et al., 2007**, Promachon-Topolnica: A Greek -Bulgarian archaeological project, *The Struma/Strymon Valley in Prehistory, In The steps of James Harvey Gaul, Volume 2,* Sofia, 20007, 43-78

**Kuzmina E., 2000,** The Eurasian steppes – the transition from early urbanism to nomadism, *Kurgans, ritual sites and settlements : Eurasian Bronze and Iron Age, BAR International Series 890,* Oxford, 2000

**Leshtakov K., 1997,** Preliminary report on the Dervishov Odzak rescue excavations 1993, *The Maritsa Project, Volume 1* , Sofia, 1997, 75-146

**Levine M., 2005,** Domestication and early history of the horse, *The Domestic Horse: The Origins, Development, and Management of its Behaviour*, Cambridge University Press, 2005, 5-22

**Lillie M., 2004,** Late Neolithic/Copper Age Eastern Europe, *Ancient Europe 8000 B.C.-A.D.1000, Volume I, Encyclopedia of the barbarian world,* Thomson Gale, 2004, 354-362

**Makkay J., 1991,** Blüte und Ende der Theiß – Kultur, *Die Kupfzeit als historische Epoche*, Bonn, 1991, 319-328

**Malamidou D., 2007,** Kryoneri : a Neolithic and Early Bronze Age settlement in the Lower Strymon valley, *The Struma/Strymon Valley in Prehistory, In The steps of James Harvey Gaul, Volume 2,* Sofia, 2007, 297-308

**Manzura I.,1999,** Cernavoda I Culture, The Balkans in later prehistory, BAR International Series 791, Oxford, 1999, 95-174

**Manzura I., 2005,** The Proto-bronze Age cemetery at Durankulak : a look from the East, *Prehistoric archaeology and anthropological theory and education,* Salt Lake City & Karlovo, 2005, 51-53

**Marangou Ch., 1996,** Figurines and models, *Neolithic culture in Greece,* Athens, 1996, 146-150

**Milisauskas S.,2002,** European Prehistory : a survey, Springer, 2002

**Mitrevski D., 2003,** Prehistory in the Republic Macedonia (FYROM), *Recent research in the prehistory of the Balkans,* Thessaloniki, 2003

**Nanoglou S., 2006,** Regional Perspectives on the Neolithic Anthropomorphic Imagery of Northern Greece, *Journal of Mediterranean Archaeology 19.2,* 2006, 155-176

**Negev A., Gibson S.,2005,** Archaeological Encyclopedia of the Holy Land, Continuum International Publishing Group, 2005

**Nikolova L., 1999,** The Balkans in later prehistory, BAR International Series 791, Oxford, 1999

**Nikolova L. 2005,** Social changes and cultural interactions in the Later Balkan Prehistory, *Prehistoric archaeology and anthropological theory and education,* Salt Lake City & Karlovo, 2005, 87-96

**Parkinson W., 2004,** Early metallurgy in Southeastern Europe, *Ancient Europe 8000 B.C.-A.D.1000, Volume I, Encyclopedia of the barbarian world,* Thomson Gale, 2004, 317-324

**Peatfield A., 1983,** The topography of Minoan peak sanctuaries, *The Annual of the British School at Athens* 78, 273-280

**Perić S., 2006,** The Gradac period in the Neolithic settlements in the Middle Morava Valley, *Homage to Milutin Garašanin,* Belgrade, 2006, 235-250

**Renfrew C., Gimbutas M., Elster E., 1986,** Excavations at Sitagroi: a prehistoric village in Northern Greece, Vol.I, Los Angeles, 1986

**Stefanovich M., Bankoff A., 1998,** Kamenska Čuka 1993-1995, preliminary report, *James Harvey Gaul In memoriam, In the steps of James Harvey Gaul, Volume 1,* 1998, 255-338

**Stojić M., 2004,** Novi nalazi sa praistorijskih lokaliteta u okolini Leskovca, Starinar *2003-2004, br. 53-54,* 2004, 193-215

**Šljivar D., 2006,** The earliest copper metallurgy in the Central Balkans, *Metalurgija, Vol.12, br.2-3,* 2006, 93-104

**Šljivar D., Kuzmanović-Cvetković J., Jacanović D., 2006,** Belovode-Pločnik – New contributions regarding the copper metallurgy in the Vinča culture, *Homage to Milutin Garašanin,* Belgrade, 2006, 251-266

**Tasić N., 1979,** Bubanj-Salkuţa-Krivodol kompleks, *PJZ,* Sarajevo, 1979, 87-114

**Tasić N., 1979,** Kostolačka kultura, *PJZ,* Sarajevo, 1979, 235-266

**Tasić N., 1995,** Eneolithic cultures of central and west Balkans, Belgrade, 1995

**Tasić Nenad, Tasić Nikola, 2003,** Serbian prehistoric archaeology in the 1990s, *Recent research in the prehistory of the Balkans,* Thessaloniki, 2003, 73-128

**Todorova, N., Matsanova, V., 2000,** Late Chalkolitic Ceramic Style at Yunatsite Tell - approach to the systematization of the ceramics from the newly excavated levels, *Technology, Style and Society. Contributions to the Innovations between the Alps and the Black Sea in Prehistory,* BAR International Series 854, Oxford, 331-361.

**Todorova, H., 1995,** The Neolithic, Eneolithic, and Transitional in Bulgarian Prehistory, *Prehistoric Bulgaria,* Monographs in World Archaeology 22, Madison, WI: Prehistoric Press., 1995, 79–98

**Todorova H., 2003,** Prehistory of Bulgaria, *Recent research in the prehistory of the Balkans,* Thessaloniki, 2003, 257-328

**Todorova H., 2007,** Die Paleoklimatische Entwicklung in VII-I Jt. Vor Chr., *The Struma/Strymon Valley in Prehistory, In The steps of James Harvey Gaul, Volume 2,* Sofia, 2007, 1-6

**Tomkins P., 2009,** Domesticity by default : ritual, ritualisation and cave use in the Neolithic Aegean, *Oxford journal of archaeology 28 (2),* 2009, 125-153

**Toufexis G., 1996,** House models, *Neolithic culture in Greece,* Athens, 1996, 161-162

**Ucko P., 1962,** The interpretation of prehistoric anthropomorphic figurines, *The Journal of the Royal Anthropological Institute of Great Britain and Ireland, Vol.92, No.1,* 1962, 38-54

**Vajsov I., 2007,** Promachon-Toplonica : A typology of painted decorations and its use as a chronological marker, *The Struma/Strymon Valley in Prehistory, In The steps of James Harvey Gaul, Volume 2,* Sofia, 2007, 79-120